# Анализа на трендовите во примената на европските стандарди за слобода на изразување и безбедност на новинарите во судската пракса на македонските судови

**(1 јануари 2016- 1 јуни 2022 година)**



**Анализа**

**2023**


Кофинансиран од Европската Унија

ЕВРОПСКА УНИЈА

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE

Кофинансиран и имплементиран од Советот на Европа

*Оваа публикација е подготвена во рамки на програмата Horizontal Facility II и е преведена и објавена во рамки на програмата Horizontal Facility III, со финансиска поддршка од Европската Унија и Советот на Европа.*

*Нејзината содржина е единствена одговорност на авторот. Изразените ставови нужно не се смета дека го одразуваат официјалното мислење на Европската Унија или на Советот на Европа.*

*Дозволена е репродукција на извадоци (до 500 збора), освен за комерцијални цели сѐ додека интегритетот на текстот е сочуван, извадокот не се користи вон контекст, не се даваат нецелосни информации или генерално не се наведува читателот во погрешен правец во однос на природата, опсегот или содржината на текстот. Секогаш мора да се наведе изворниот текст на следниов начин, „© Советот на Европа, 2023 година“. Сите други барања во врска со репродукцијата/преводот на целиот или делови од документот, треба да се доставаат до Директоратот за комуникација, Совет на Европа (-67075 Strasbourg Cedex или publishing@coe.int).*

*Целата друга кореспонденција во врска со оваа публикација треба да се упати на Одделот за соработка во делот на слободата на изразување, Avenue de l'Europe F-67075 Strasbourg Cedex, France, Tel. +33 (0)3 88 41 20 00,*
*E-mail: Horizontal.Facility@coe.int*

*© Совет на Европа, октомври 2023 година. Сите права се задржани. Правата на користење ги има Европската Унија под одредени услови.*

*Слика на насловната страница: ©Shutterstock*

# Анализа на трендовите во примената на европските стандарди во судската пракса во македонските судови за слобода на изразување и безбедност на новинарите

(1 јануари 2016 – 1 јуни 2022 година)

*Автор на изворното издание на англиски јазик*

Велимир ДЕЛОВСКИ

*Експерт на Советот на Европа*

Кофинансиран од Европската Унија

ЕВРОПСКА УНИЈА

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE

Кофинансиран и имплементиран од Советот на Европа

# Содржина


Листа на кратенки ... 6

Извршно резиме ... 7

Вовед ... 10

Цел на анализата ... 10

Методологија користена во анализата ... 12

Структура на анализата ... 15

1. Говор на омраза ... 18

1.1. Европски стандарди за говорот на омраза ... 18

1.2. Одлуката на ЕСЧП во предметот *Османи и други* ... 20

1.3. Релевантна домашна судска пракса ... 21

2. Клевета ... 26

2.1. Вовед ... 26

2.2. Фактички тврдења и вредносни судови ... 27

2.3. Политички говор и дебати за прашања од јавен интерес ... 28

2.3.1. Пресудата на ЕСЧП во предметот *Макрадули* ... 28

2.3.2. Релевантна домашна судска пракса за политички говор ... 30

2.4. Форми на изразување различни од политичкиот говор ... 47

2.5. Улогата на медиумите ... 49

2.6. Постапки за клевета во кои се вклучени правни лица (здруженија, компании) 51

2.7. Постапки за клевета кои вклучуваат академски истражувачи ... 56

2.8. Висина на обесштетувањето и одвраќачки ефект ... 60

2.9. Привремени мерки (забрани) ... 64

3. Интернет и слобода на изразување ... 71

3.1. Граѓанска одговорност за клевета и навреда ... 71

3.1.1. Граѓанска одговорност за клевета на интернет медиумите ... 71

3.1.2. Граѓанска одговорност за клевета на политичарите на интернет ... 76

3.1.3. Граѓанска одговорност за клевета на приватни физички лица на интернет 79

3.1.4. Граѓанска одговорност за клевета на интернет сторена со репродуцирање на содржина креирана од други ... 81

3.2. Изјави на интернет кои сочинуваат кривични дела ... 82

3.2.1. Кривични дела против странски држави ... 82
3.2.2. Кривични дела против политичари ... 83
3.2.3. Кривични дела против физички лица ... 85
3.2.4. Кривични дела кои вклучуваат говор на омраза на интернет ... 86
4. Заштита и безбедност на новинарите ... 91
4.1. Вовед ... 91
4.2. Одлуката на ЕСЧП во предметот *Селмани и други* ... 93
4.3. Кривични постапки поврзани со безбедноста на новинарите ... 94
4.4. Постапки за клевета во кои се вклучени новинари ... 95
4.4.1. „Должности и одговорности“ на новинарите ... 96
4.4.2. Политичарите против новинарите ... 100
4.4.3. Новинарите против новинарите ... 104
5. Слобода на изразување и правилно спроведување на правдата ... 110
5.1. Вовед ... 110
5.2. Слобода на изразување на судиите ... 110
5.3. Слобода на изразување на адвокатите ... 111
5.4. Слобода на изразување на сведоци и други странки во судските постапки ... 113
5.5. Навреда на судот ... 116
6. Слобода на изразување на работното место ... 121
7. Заклучоци и препораки ... 128
7.1. Општи забелешки ... 128
7.2. Специфични заклучоци и препораки ... 129
7.2.1. Говор на омраза (Поглавје 2): ... 129
7.2.2. Клевета (Поглавје 3): ... 131
7.2.3. Интернет и слобода на изразување (Поглавје 4) ... 133
7.2.4. Заштита и безбедност на новинарите (Поглавје 5) ... 135
7.2.5. Слобода на изразување и правилно спроведување на правдата (Поглавје 6) 136
7.2.6. Слобода на изразување на работното место (Поглавје 7) ... 137
8. Користена литература ... 139
9. Индекс на судската пракса на Европскиот суд за човекови права ... 142
10. Индекс на домашната судска пракса ... 146

## Листа на кратенки

| | |
|---|---|
| ВМРО-ДПМНЕ | Внатрешна Македонска Револуционерна Организација - Демократска партија за македонско национално единство |
| ГДУ | Граѓанско-демократска унија |
| ДУИ | Демократска унија за интеграција |
| ЕКЧП | Европска конценција за човекови права |
| ЕСЧП | Европски суд за човекови права |
| ЕУ | Европска унија |
| ЗГОНК | Закон за граѓанска одговорност за навреда и клевета |
| ЗКП | Закон за кривичната постапка |
| ЗНМ | Здружение на новинарите на Македонија |
| ЗПП | Закон за парничната постапка |
| КЗ | Кривичен законик |
| КФМ | Кошаркарска федерација на Македонија |
| МАН | Македонска асоцијација на новинари |
| МОТ | Меѓународна организација на трудот |
| НВО | Невладина(и) организација(и) |
| САД | Соединети Американски Држави |
| СДСМ | Социјалдемократски Сојуз на Македонија |
| ССМ | Сојуз на синдикатите на Македонија |
| ССНМ | Самостоен синдикат на новинари и медиумски работници на Македонија |
| ОН | Обединети нации |

## Извршно резиме

Оваа анализа беше нарачана од Советот на Европа, во рамките на заедничкиот проект „Слобода на изразување и слобода на медиумите во Северна Македонија (ЈУФРЕКС 2)" во рамки на Хоризонталниот инструмент [Horizontal Facility], заедничка програма на Европската унија и Советот на Европа.  На студијата се работеше во периодот помеѓу 15 јули и 31 октомври 2022 година за да се процени развојот на домашната судска пракса и можното влијание на претходните активности во склоп на оваа програма за градење капацитети во поглед на тој развој.

Анализата дава детален преглед на најрелевантните предмети во кои постапувале домашните судови во периодот што се разгледува. Понатаму, таа ги идентификува отстапувањата од добро воспоставените европски стандарди и сугерира како би можело да се постапува во тој вид предмети во иднина за да се постигне целосна хармонизација на домашната судска пракса.

На самиот почеток, анализата покажува дека и законодавните и судските тела ја демонстрирале нивната посветеност за обезбедување на ефективно уживање во слободата на изразување. Во тој поглед, декриминализацијата на клеветата беше еден од клучните чекори напред. Како резултат на тоа, домашната судска пракса е, во голема мера, усогласена со европските стандарди, исто така и во однос на висината на надоместокот што треба да им се додели на тужител(к)ите кои се успешни во нивните барања за клевета.

Сепак, оваа анализа открива дека има области кои сè уште претставуваат предизвици.

На пример, се чини дека говорот на омраза не се адресира соодветно ниту од законодавниот дом ниту од судовите и органите за спроведување на законот.

Уште повеќе, слободата на говорот во дигиталниот простор отвора многу нови прашања кои треба да се адресираат. Така, и покрај досега постигнатиот напредок, сè уште има одредени случаи на неконзистентна судска пракса во поглед на граѓанската одговорност за клевета на интернет порталите.

Обезбедувањето на сигурност за новинар(к)ите преку воспоставување на соодветни законодавни и судски механизми исто така се смета за прашање од особена важност.

Оттука, оваа анализа води до општ заклучок дека се потребни повеќе непрекинати напори за да се подобрат правната кохерентност и предвидливост, како и за да се зголеми довербата на јавноста во судството.

Следејќи ги наодите содржани во оваа анализа, препораките дадени во овој документ се однесуваат на понатамошните активности што би можеле да се преземат за да се спроведе ефективна обука и за да се креираат конкретни активности за подигање на свеста за домашните судии/јки и обвинител(к)и за нивната улога во заштитата на различните аспекти на слободата на изразување како камен-темелник на демократијата.

Наодите, исто така, се осврнуваат на потребата да се воспоставаат контакт точки или да се воведат други промени во институционалните структури на домашните правосудни институции што ќе им овозможат подобро да ги разгледаат и адресираат предизвиците поврзани со слободата на изразување и безбедноста на новинар(к)ите.

Препораките се однесуваат на секоја од анализираните области.

Во однос на говорот на омраза, се препорачува да се подготват специјализирани обуки за говор на омраза, да се подготви Прирачник за говор на омраза, како и да се назначат фокусни точки за говорот на омраза меѓу судиите/јките и обвинител(к)ите во соодветните јавни обвинителства и судови.

Во однос на клеветата, се препорачува да се обезбеди доследност во примената на европските стандарди така што ќе се овозможи во идните обуки учество да земат поголем број парнични судии/јки од сите првостепени и апелациони судови низ целата земја, како и одржување тркалезни маси меѓу парничните судии/јки од различни судови и нивоа на јурисдикција со цел тие да го споделат нивното практично искуство и да дискутираат за главните предизвици со кои се соочуваат при одлучувањето во случаите за клевета.

Понатаму, констатирано е дека прашањето за надоместок за клевета, како и темата за привремените судски забрани треба соодветно да се обработуваат во текот на идните обуки за член 10. Дополнително, препорачливо е да се промовира воспоставување на одредени јасни критериуми за отштетата што треба да се досуди во одредени видови случаи.

Што се однесува до интернетот и слободата на изразување, се препорачува да се спроведат специјализирани обуки за слободата на изразување на интернет, кои исто така ќе се однесуваат на сите аспекти поврзани со граѓанската одговорност за клевета на интернет медиумите, како и да се изготви Прирачник за интернетот и слободата на изразување, што треба да им помогне на домашните судии/јки да ги подобрат своите вештини за подготвување на нивните одлуки и да го усогласат образложението на пресудите со европските стандарди во случаите на клевета. И обуките и прирачникот треба да вклучат посебно поглавје за говорот на омраза на интернет.

Во однос на заштитата и безбедноста на новинар(к)ите, се препорачува да се обезбедат специјализирани обуки, особено за кривичните судии/јки и јавните обвинител(к)и за да се подигне нивната свест за улогата која ја имаат во обезбедувањето на заштитата на новинар(к)ите преку спроведување на ефикасна истрага за напади врз и лош третман на новинар(к)ите, но и за да се организираат тркалезни маси на кои ќе се вклучат мешани групи судии/јки, јавни обвинител(к)и и новинар(к)и, со цел да се обезбеди меѓусекторски пристап во дискусијата за клучните предизвици во имплементацијата на европските стандарди за слободата на изразување и безбедноста на новинар(к)ите и другите медиумски актери. Дополнително, една од препораките се однесува на назначување на контакт точки за слободата на изразување и безбедноста на новинар(к)ите во сите јавни

обвинителства, Основниот кривичен суд Скопје и кривичните одделенија на другите првостепени/апелациони судови.

Во однос на слободата на изразување и правилното спроведување на правдата и слободата на изразување на работното место, треба да се осигура дека активностите за обука од членот 10 во задоволителна мера ги адресираат и овие прашања. Исто така, препорачливо е да се организираат тркалезни маси во кои ќе бидат вклучени мешани групи учесници/чки (судии/јки, јавни обвинител(к)и и адвокат(к)и), при што посебен фокус ќе биде ставен на однесувањето на сите категории правни професионалци/ки во рамките на судските постапки, како и за нивната комуникација со медиумите.

Севкупно, документот пред Вас ќе обезбеди солидна основа за зацврстување на слободата на изразување и на медиумските слободи преку олеснување на работата на македонското судство со цел да се осигура поделотворна практична примена на европските стандарди на домашно ниво. Исто така, на овој документ може да се гледа како на патоказ наменет и за националните власти и за нивните меѓународни партнери, а особено за Советот на Европа за тоа што треба да се направи во иднина за да се зајакне спроведувањето на регионалните заштитни гаранции за слободата на изразување во земјата.

# Вовед

## Цел на анализата

Со оглед дека македонските власти ја ратификуваа Конвенцијата за заштита на човековите права и основни слободи (во натамошниот текст: „Европската конвенција за човекови права“, „Конвенцијата“, „ЕКЧП“) на 10 април 1997 година, тие станаа правно обврзани да ги почитуваат правата наведени во Конвенцијата и да обезбедат нивна заштита. Следствено, македонските судии и обвинители се соочија со бројни предизвици во примената на европските стандарди за човекови права.

Повеќе години Советот на Европа им обезбедува поддршка и совети на домашните власти, преку програми за техничка соработка, за зајакнување на нивните капацитети за примена на стандардите кои произлегуваат од Конвенцијата, вклучително и за слободата на изразување.

Оваа анализа го разгледува влијанието на тековните активности за градење капацитети што ги спроведува Советот на Европа во смисла на постигнување напредок за да се осигура дека домашната судска пракса е целосно усогласена со стандардите на ЕКЧП.

Истата има за цел да обезбеди преглед на моменталната состојба со почитувањето од страна на судовите на принципите кои произлегуваат од членот 10 од Европската конвенција за човекови права во областа на слободата на изразување и безбедноста на новинарите и другите медиумски работници. Таа дава преглед на моменталната ситуација и се обидува да даде насоки за тоа како да се осигура понатамошен напредок во усогласувањето на домашната судска пракса со стандардите содржани во Конвенцијата и развиени во јуриспруденцијата на Европскиот суд за човекови права (во натамошниот текст: „Судот“, „Судот во Стразбур“, „ЕСЧП“).

Важноста на спроведувањето на оваа анализа лежи во принципот на супсидијарност, кој се смета за камен-темелник на системот на Конвенцијата. Во неа се нагласува примарната одговорност на националните власти во државите-членки на Конвенцијата да обезбедат целосно почитување на правата од Конвенцијата.[1]

[1] По влегувањето во сила на Протоколот бр. 15 на 1 август 2021 година, принципот на супсидијарност беше формално воведен во текстот на Конвенцијата. Види Протокол бр. 15 за изменување и дополнување на Конвенцијата за заштита на човековите права и основните слободи (https://www.echr.coe.int/Documents/Protocol_15_ENG.pdf )

Обврската на државата да се усогласи со меѓународните стандарди за слобода на изразување произлегува од членот 8[2] и членот 16[3] од македонскиот Устав.[4] Поконкретно, обврската за усогласување на домашната судска пракса во предметите кои се однесуваат на граѓанска клевета со стандардите на ЕКЧП е вградена во членовите 2 и 3 од Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета (во натамошниот текст: „ЗГОНК“).[5]

Согласно членот 2 од ЗГОНК, слободата на изразување и информирање е загарантирана како една од битните основи на едно демократско општество. Ограничувањата на слободата на изразување и информирање се предмет на стриктни услови утврдени во националното законодавство во согласност со Европската конвенција за човекови права и судската пракса на Европскиот суд за човекови права.

Согласно членот 3, доколку (домашниот) суд, со примена на одредбите на овој закон, не може да реши определено прашање поврзано со утврдување одговорност за навреда или клевета или смета дека постои правна празнина или судир помеѓу одредбите на овој закон и Конвенцијата, врз основа на начелото на првенство над националното право, тој ќе ги применува одредбите од Конвенцијата и становиштата на Европскиот суд за човекови права содржани во неговите пресуди.

Овие одредби воспоставија високо ниво на заштита на слободата на изразување, давајќи приоритет на примената на стандардите на ЕКЧП, бидејќи тие директно се однесуваат на Конвенцијата, како и на судската пракса на Судот во Стразбур како клучни правни извори кои исто така претставуваат составен дел на важечкото домашно право. Ова е исто така во согласност и со членот 118 од македонскиот Устав, кој предвидува дека „меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот се дел од внатрешниот правен поредок и не можат да се менуваат со закон.“

Судот во многу случаи сметал дека недостатокот на релевантно и доволно образложение од страна на домашните судови или потфрлањето да се земат предвид применливите стандарди при оценувањето на предметното мешање ќе повлече со себе повреда на членот 10 (види *Уј против Унгарија,* став 25-26; *Сапан против Турција,* став 35-41, *Ѓузели*

---

[2] Според членот 8 „Основните слободи и права на поединецот и граѓанинот, признати со меѓународното право и утврдени во Уставот, се една од темелните вредности на кои се потпира уставниот поредок во Република Македонија.“

[3] Согласно член 16 „Се гарантира слободата на личното верување, совеста, мислата и јавното изразување на мислата.
Се гарантира слободата на говорот, јавното обраќање, јавното информирање и формирањето на институции за јавно информирање.
Се гарантира слободен пристап до информации и слобода на примање и пренесување информации.
Се гарантира правото на корекција преку средствата за јавно информирање.
Се гарантира правото на заштита на изворот на информации во средствата за јавно информирање.
Цензурата се забранува.“

[4] Устав на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/1991), 22 ноември 1991 година.

[5] Закон за граѓанска одговорност за навреда и клевета („Службен весник на Република Македонија“, бр. 143/2012, 14 ноември 2012 година, што стапи во сила на 22 ноември 2012 година).

*Узер против Турција,* став 58; *Шарзах и Њуз издаваштво против Австрија,* став 46; *Челова против Русија,* став 100; *Марија Алехина и други против Русија,* став 264).

Следствено, соодветното образложение на домашните судски одлуки што исто така ќе ги инкорпорира во себе методите на анализа што ги користи Судот во Стразбур е од витално значење за да се осигури дека во идните предмети пред Судот нема да бидат утврдени дополнителни прекршувања на членот 10 од Конвенцијата.

Оттука, целта на оваа анализа ќе биде трикратна: 1) да се анализира до кој степен домашната судска пракса во моментов е во согласност со европските стандарди во областа на слободата на изразување и безбедноста на новинарите; 2) да се идентификуваат клучните недостатоци кои треба да се адресираат и да се дадат конкретни препораки за тоа како да се унапреди примената на стандардите на ЕКЧП од страна на домашните судови; и 3) да се оцени влијанието на ЈУФРЕКС програмата за обука на судии врз капацитетот на домашните судии и обвинители правилно да ги применуваат стандардите на ЕКЧП и да се предложат какви било понатамошни активности во тој поглед.

Досега, ЕСЧП има донесено четири пресуди во македонски предмети: *Селмани и други,*[6] *Макрадули,*[7] *Гелевски*[8] и *Костова и Апостолов*[9]. Во сите нив тој утврди дека има повреда на слободата на изразување по членот 10. За нив накратко ќе стане збор во соодветните делови од оваа анализа, во зависност од конкретните прашања што ги покренале.

Во овој контекст, овој преглед може да се смета како значајна општа мерка за извршување на пресудите на ЕКЧП по членот 10, бидејќи препораките би можеле да осигураат дека е постигнат одреден напредок и на тој начин да влијаат да се спречи настанувањето на слични прекршувања на Конвенцијата во иднина.

## Методологија користена во анализата

Применет е широк спектар на методи за да се спроведе сеопфатна и темелна анализа на состојбата на судската пракса на македонските судови за слободата на изразување и безбедноста на новинарите во однос на релевантните европски стандарди за човекови права.

Изборот на соодветни истражувачки методи се смета за суштински за да се овозможи правилен преглед, систематизација по категории и анализа на релевантната домашна судска пракса.

---

[6] *Селмани и други против Поранешна Југословенска Република Македонија, бр. 67259/14, 9 февруари 2017 година.*

[7] *Макрадули против Поранешна Југословенска Република Македонија, бр.* 64659/11 и 24133/13, 19 јули 2018 година.

[8] *Гелевски против Северна Македонија, бр.* 28032/12, 8 октомври 2020 година.

[9] *Костова и Апостолов против Северна Македонија, бр.* 38549/16, 5 април 2022 година.

Користената методологија беше подготвена за да обезбеди опфат на општите тематски области обработени во специфичните модули на Прирачникот за обука за слобода на изразување на ЈУФРЕКС и дека случаите ќе бидат категоризирани и анализирани под следните теми, вклучени во Прирачникот: говор на омраза; клевета; интернет и слобода на изразување; безбедност на новинарите; слобода на изразување и правилно спроведување на правдата; и слобода на изразување на работното место.[10]

Методологијата опфати комбинација од неколку методи на собирање, обработка и анализа на податоци, како што се истражување на достапните материјали и документи (desk research), квалитативна анализа на релевантната судска пракса собрана од судовите и обвинителствата, како и дискусија во фокус групи со правни професионалци.

За време на **иницијалното истражување на достапната литература**, идентификувани се и прегледани сите релевантни информации и материјали кои се однесуваат на состојбата на слободата на изразување и безбедноста на новинарите. Посебен акцент беше ставен на извештаите, студиите, анализите и другите документи изготвени од домашните невладини организации за човекови права и од меѓународните организации. Некои од нив ќе бидат наведени како референца, онаму каде што се смета дека тоа е соодветно.

Клучна активност беше **собирањето и анализирањето на релевантната судска пракса** на македонските судови. Таа беше обезбедена од единаесетте најголеми првостепени судови, вклучително и двата најголеми првостепени суда во Скопје (Основниот граѓански суд Скопје и Основниот кривичен суд Скопје), како и граѓанските и кривичните одделенија на деветте други најголеми првостепени судови (во Тетово, Гостивар, Куманово, Охрид, Битола, Прилеп, Велес, Штип и Струмица). Овие судови беа избрани како соодветни референтни точки бидејќи тие постапуваат во најголемиот број предмети во земјата.

Во принцип, судската пракса, која ќе биде предмет на проучување, се состои само од правно обврзувачки судски одлуки кои станале правосилни пред 1 јуни 2022 година. Оттука, судските списи прибавени од судовите опфаќаат и првостепени одлуки, кои се најчесто од процесна природа, како и пресуди и решенија донесени од четирите апелациони судови (во Скопје, Битола, Гостивар и Штип) и/или од Врховниот суд, како највисок суд со касациска надлежност. Дополку повеќе, анализата вклучува обвинителски досиеја кои биле приклучени кон судските списи за одредени кривични предмети.[11] Ваквиот пристап во изборот на предмети овозможи да се анализира

---

[10] Во овој поглед, исто така треба да се забележи дека нумерирањето на поглавјата вклучени во оваа анализа, во принцип, ќе соодветствува на нумерирањето на соодветните модули содржани во Прирачникот за обука на ЈУФРЕКС.

[11] Ќе има само еден исклучок. Со цел да се илустрира досегашната пракса во врска со привремените судски мерки, овој документ ќе опфати еден случај во кој спорната постапка за клевета сè уште е во тек и немало правосилна одлука од домашните судови по барањето за изрекување на забрана. Меѓутоа, овој случај ќе биде само сумиран преку презентирање на фактите на случајот и на образложението дадено во решенијата донесени од домашните судови. Во секој случај, тој нема да даде никаков коментар за начинот на кој

квалитетот на судските одлуки донесени во сите судски инстанци, како и да се следат какви било разлики во праксата воспоставена од различни инстанци, или меѓу судовите од иста инстанца и да се открие каква било недоследност во судската пракса (во однос на слични правни прашања) кога станува збор за примената на стандардите на ЕКЧП поврзани со слободата на изразување.

Понатаму, анализата на домашната судска пракса опфати пресуди и решенија кои биле донесени и станале правосилни во рок од шест години и пет месеци (помеѓу 1 јануари 2016 година и 1 јуни 2022 година). Ова би можело да помогне да се оцени дали има некаква разлика или е постигнат некаков напредок во македонската судска пракса во одреден период.

Конечно, прегледот ќе ги вклучи само оние пресуди со кои било одлучено за основаноста (меритумот). Предметите кои поради различни причини биле прогласени за недопуштени (бидејќи граѓанските тужби биле ненавремено поднесени или, пак, затоа што настапила застареност на кривичното гонење; поради месна ненадлежност на судот или поради непостоење на легитимација кај некоја од странките во постапката, итн.) нема да бидат вклучени.

Во почетната фаза на оваа проценка беа разгледани списи кои се однесуваат на вкупно **160 предмети** (125 граѓански и 35 кривични предмети). Најголемиот дел од нив се собрани во тесна соработка со Македонската академија за судии и јавни обвинители (во натамошниот текст: „Академијата“) преку нејзината стручна служба. Одреден број предмети се детектирани преку дополнително онлајн пребарување, со оглед на тоа што, за жал, сегашната централизирана база на домашната судска пракса (http://www.sud.mk/) не е доволно лесна за користење. Од тие причини, таа не дозволува прецизно идентификување на предметите преку користење на одредени клучни критериуми за пребарување што го попречува секој обид на истражувачите и правните практичари да ги пронајдат релевантните случаи што им се потребни за истражување или за други професионални цели.

Конкретно, случаите што ќе бидат разгледани и анализирани може да се категоризираат во следниве четири групи: 1) парнични предмети што се однесуваат на клевета; 2) кривични предмети иницирани од надлежното обвинителство или од приватни лица за одредени инкриминации пропишани во македонскиот Кривичен законик (во натамошниот текст: „КЗ“) кои се поврзани со слободата на изразување;[12] 3) кривични

---

судовите постапиле во предметот, за да се избегне прејудицирање на нивните конечни и правосилни одлуки. За преглед на овој предмет, видете во Поглавје 3: Клевета, дел 3.9. за привремени мерки (забрани), особено предмет бр. II П5-11/19, Основен граѓански суд Скопје, решение од 11 март 2019 година, преиначено од Апелационен суд Скопје, решение од 23 април 2019 година (ГЖ-1730/19).

[12] Поточно, барањето за доставување на судски списи за кривични предмети ги опфати следните инкриминации:
загрозување на сигурноста по пат на информатички систем (член 144(4) од Кривичниот законик); поткопување на угледот на Република Македонија (член 178); изложување на потсмев на македонскиот народ и припадниците на заедниците (член 179); поткопување на угледот на странска држава (член 181);

предмети во кои се вклучени новинари или други медиумски работници; и 4) случаи на непочитување (навреда) на судот.

Како што е наведено погоре, во однос на кривичните предмети, списите на предметите кои се предмет на разгледување ги опфаќаат и судските одлуки донесени од судовите, како и обвиненијата поднесени од соодветните обвинителства кои работат низ целата земја. Со ова се овозможи да се набљудува како одреден предмет се одвивал низ различни фази почнувајќи од поднесувањето на првичното обвинение од страна на јавното обвинителство па сѐ до донесувањето на конечна и правосилна судска одлука, без разлика дали таа довела до осудување или ослободување на обвинетиот(ите).

На крај, покрај анализа на судската пракса, овој документ ќе ги одрази и мислењата на обучувачите и слушателите на обуките на ЈУФРЕКС (2016-2022) од редот на судиите и обвинителите и другите правни професионалци кои учествуваа во две посебни фокус групи, кои опфатија соодветни граѓанско-правни и кривично-правни прашања. Тие се одржаа на 6 октомври 2022 година во просториите на Академијата и собраа 15 учесници, меѓу кои 10 судии, 3 обвинители и 2 адвокати. Фокус групите беа водени од модератор за да им се овозможи на учесниците да дискутираат за прелиминарните наоди од анализата и да ги споделат нивните ставови за ефектите врз нивната работа од активностите за градење капацитети спроведени во рамките на ЈУФРЕКС. Тие се осврнаа на клучните проблеми на правните професионалци во судството кои веќе имаат стекнато драгоцено искуство во правораздавањето во предмети за граѓанска клевета или, пак, како кривични судии или обвинители кои постапувале во кривични предмети во кои уживањето на слободата на изразување било значително засегнато. Значајните повратни информации добиени од професионалците во правосудството вклучени во овие фокус групи беа во најголема можна мера земени предвид при изготвувањето на заклучоците и препораките изложени во оваа анализа.

### Структура на анализата

Како што веќе беше споменато погоре, структурата на оваа анализа, во принцип, ќе ја следи структурата на тематските поглавја во Прирачникот на ЈУФРЕКС.

---

поткопување на угледот на меѓународна организација (член 182); поттикнување на насилна промена на уставниот систем (член 318); поттикнување на омраза, раздор или нетрпеливост по национална, расна, верска и која било друга дискриминаторска основа (член 319); повикување, охрабрување или поддршка на создавање терористичка организација (член 394-а (3)); ширење расистички и ксенофобичен материјал преку информациски систем (член 394-г); одобрување или оправдување геноцид, злосторства против човештвото или воени злосторства (407-а); расна или друга дискриминација (член 417); неовластено објавување на лични белешки (член 148); спречување на печатење и дистрибуција на печатен материјал (член 154); неовластено оддавање тајна (член 150); оддавање државна тајна (член 317); оддавање воена тајна (член 349); оддавање службена тајна (член 360); злоупотреба на државна, службена или воена тајна (член 360-а (2)); повреда на тајноста на постапката (член 369) и откривање на идентитетот на загрозен или заштитен сведок, соработник на правдата или жртва во својство на сведок (член 369-1).

На почетокот, секое поглавје ќе содржи краток вовед во стандардите на ЕКЧП во однос на темата што е обработена во тоа посебно поглавје и ако е можно, упатување на соодветните пресуди донесени од ЕКЧП во однос на македонските случаи.

Најзначајниот дел од прегледот вклучува резиме и анализа на избрани 70 предмети (50 парнични и 20 кривични) кои се идентификувани како пример за добра пракса во однос на секоја тематска област. Заеднички коментар е даден во однос на оние случаи во кои домашните судови следеле сличен модел на образложение за нивните одлуки.

Често се упатува на повеќе од еден предмет за да се илустрира како македонските судови постапувале по однос на конкретни прашања според членот 10 од ЕКЧП. Предметите кои засегаат повеќе од една тема може да се наведат во повеќе од едно тематско поглавје.

Избраните случаи ќе бидат претставени кратко и концизно со посебен фокус на судската примена на европските стандарди. Така, анализата на секој поединечен предмет ќе содржи кратко резиме на фактите и образложението дадени од домашните судови, проследено со коментар за тоа дали тие правилно ги примениле соодветните стандарди во конкретните факти и околности на секој конкретен случај.

Прегледот ќе го оценува квалитетот на домашните одлуки од агол на усогласувањето со судската пракса на ЕСЧП за слободата на изразување и безбедноста на новинарите во домашната судска пракса. Тој ќе се фокусира на евалуација на нивото на разбирање од страна на македонските судии на некои клучни концепти, како и степенот во кој тие ги користеле методите на правораздавање на ЕСЧП во образложението на нивните сопствени одлуки. Исто така, ќе се разгледува и дали освен тоа што се повикуваат на клучните принципи и стандарди на Судот домашните судии цитираат и релевантни пресуди на ЕСЧП. Всушност, ова може да им помогне да го зајакнат образложението на нивните одлуки на начин што е во склад со Конвенцијата.

Уште повеќе, анализата ќе покаже дали постои добро воспоставена пракса во однос на одредени правни прашања и дали таквата пракса е конзистентна или, напротив, постојат одредени неусогласености во примената на домашните закони и на стандардите на ЕКЧП. За таа цел, покрај предметите кои се сметаат за примери на добра пракса, во анализата ќе бидат вклучени и други предмети кои покажуваат одредени отстапувања од стандардите на ЕКЧП, без разлика дали тие јасно разоткриваат одреден тренд во домашната судска пракса или, пак, се чини дека станува збор за изолиран исклучок од доминантниот тренд.

Уште повеќе, анализата вклучува коментари од поопшт карактер за главните трендови кои се воочливи во досегашната пракса на домашните судови, врз основа на севкупното проучување на материјалот што е земен предвид.

Во целина, оваа анализа дава преглед на клучните трендови и случувања во правосудството, но исто така ги истакнува празнините што треба да се пополнат и се осврнува на главните предизвици во усогласувањето на домашната судска пракса со релевантните стандарди на ЕКЧП. Во оваа смисла, освен резимето на избраните

предмети, анализата ќе содржи и поопшти коментари за главните трендови присутни во досегашната пракса на домашните судови. Тие ќе бидат формулирани врз основа на сиот материјал што се разгледува.

Завршните согледувања и препораки ќе бидат од суштинско значење за да се разговара дали има простор за понатамошни подобрувања во областа на слободата на изразување и безбедноста на новинарите. Преку нив се прави обид да се обезбеди поефикасна и систематска интеграција на европските стандарди во оваа област во домашната судска пракса.

На крајот, со нив се предлага што треба да се направи за да се зголеми влијанието на активностите на ЈУФРЕКС врз секојдневната работа на македонските судии и обвинители за да се обезбеди натамошна поддршка на нивните напори за усогласување на домашната судска пракса со европските стандарди и за подобрување на нивниот капацитет правилно да ги применуваат тие стандарди во иднина.

# 1. Говор на омраза

## 1.1. Европски стандарди за говорот на омраза

Значаен предизвик за македонските судии и обвинители останува адресирањето и казнувањето на говорот на омраза, кој често се смета за злоупотреба на слободата на изразување што се користи за ширење омраза против одредена група и „за да се навреди едно лице врз основа на расната, етничката, религиската или друга група на која тоа лице ѝ припаѓа.“[13]

Вреди да се напомене дека не постои универзално прифатена дефиниција за терминот „говор на омраза“. Имплицитна дефиниција на говорот на омраза е содржана во **Препораката бр. Р (97) 20 на Комитетот на министри за „говор на омраза“**. Во овој контекст, тој треба да се разбере како термин кој ги опфаќа сите форми на изразување кои шират, поттикнуваат, промовираат или оправдуваат расна омраза, ксенофобија, антисемитизам или други форми на омраза засновани врз нетолеранција, вклучувајќи нетолеранција изразена преку агресивен национализам и етноцентризам, дискриминација и непријателство кон малцинствата, мигрантите и луѓето со имигрантско потекло.[14] На оваа дефиниција се потпира и Европскиот суд за човекови права.[15]

Освен горенаведената дефиниција, **ЕСЧП** честопати се повикува на неговото сопствено разбирање на говорот на омраза како „говор кој ги опфаќа сите форми на изразување кои шират, поттикнуваат, промовираат или оправдуваат расна омраза, ксенофобија, антисемитизам или други форми на омраза заснована врз нетолеранција“[16]. Дополнително, преку неговата судска пракса тој разви неколку елементи на говорот на омраза: 1) намерата да се шири омраза против одредена група; 2) содржината и контекстот на одредено изразување и 3) последиците, односно резултатите кои може да се предвиди дека ќе произлезат од говорот на омраза.

Најновата **Препорака CM/Rec(2022)16 на Комитетот на министри за борба против говорот на омраза** дава негова дефиниција на говорот на омраза.[17] „Тој ги подразбира сите видови на изразување кои поттикнуваат, промовираат, шират или оправдуваат насилство, омраза или дискриминација против некое лице или група на лица, или кои ги омаловажуваат, поради нивните вистински или припишани лични карактеристики или статус, како што се „расата“, бојата на кожата, јазикот, религијата, државјанството,

---

[13] *Михајлова, Е., Бачовска, Ј.* и *Шеќерџиев, Т.* (*2013 година*). *Слобода* на *изразување* и *говор* на *омраза*. *ОБСЕ* Мисија во *Скопје*, стр.25.

[14] Види Совет на Европа, Препорака бр. Р (97) 20 на Комитетот на министри за „говор на омраза“, усвоена од Комитетот на министри на 30 октомври 1997 год. на 607-миот состанок на заменици-министри), достапна на: https://rm.coe.int/1680505d5b. Верзијата на македонски јазик е достапна на: https://search.coe.int/cm/Pages/result_details.aspx?ObjectId=0900001680767c01 .

[15] На пример, видете во *Ѓиндиз против Турција,* бр. 35071/97, став 22, ECHR 2003-XI.

[16] *Ербакан против Турција,* бр. 59405/00, став 56, 6 јули 2006 година.

[17] Совет на Европа, Препорака CM/Rec (2022) 16 на Комитетот на министри на земјите-членки за „говор на омраза“, усвоена од Комитетот на министри на 20 мај 2022 год. на 132-риот состанок на Комитетот на министри), достапна на: https://search.coe.int/cm/Pages/result_details.aspx?ObjectId=0900001680a67955 .

националното или етничкото потекло, возраста, попреченоста, полот, родовиот идентитет и сексуалната ориентација."[18]

Препораката CM/Rec(2022)16 дополнително појаснува дека „говорот на омраза опфаќа низа изрази на омраза кои се разликуваат по нивната сериозност, штетата што ја предизвикуваат и нивното влијание врз членовите на одредени групи во различни контексти". Затоа, државите-членки се повикуваат да усвојат сеопфатен пристап кој треба да биде целосно усогласен со Конвенцијата и со релевантната судска пракса на Судот во однос на мерките што треба да се стават на располагање за ефикасно да се спречи и да се сузбие говорот на омраза. Поконкретно, тие треба да прават разлика помеѓу:

"а. i. говор на омраза што е забранет со кривично право; и

ii. говор на омраза кој не го достигнува нивото на сериозност потребно за кривична одговорност, но е сепак предмет на граѓанското или управното право; и

б. навредливи или штетни видови на изразување кои не се доволно сериозни за да бидат легитимно ограничени според Европската конвенција за човекови права, но сепак изискуваат алтернативни одговори, ... како што се: контраговор и други контрамерки; мерки за поттикнување на меѓукултурниот дијалог и разбирање, вклучително и преку медиумите и социјалните мрежи; и релевантни едукативни активности, како и активности за споделување информации и за подигање на свеста."[19]

Препораката, исто така, ги наведува клучните фактори што треба да ги земат предвид властите на земјите-членки (вклучувајќи ги и судовите), при проценката на сериозноста на говорот на омраза и одредувањето кој тип на одговорност, доколку воопшто ја има, треба да му се припише на кое било конкретно изразување. Тука спаѓаат: содржината на изразувањето; политичкиот и социјалниот контекст во времето на изразувањето; намерата на говорникот; улогата и статусот на говорникот во општеството; како се шири или засилува изразувањето; способноста на изразот да доведе до штетни последици, вклучувајќи ги непосредното настапување на тие последици; природата и големината на публиката и карактеристиките на целната група.[20]

Што се однесува до правната рамка, Препораката ги повикува државите-членки да обезбедат сеопфатна и ефективна правна рамка, која се состои од соодветно калибрирани одредби од граѓанското, административното и кривичното право. Во него се нагласува дека „кривичното право треба да се применува само како последно средство и за најсериозните изрази на омраза."[21] Ова исто така значи „дека делотворната

---

[18] Видете Додаток на Препораката CM/Rec(2022)16, параграф 2.

[19] Додаток на Препораката CM/Rec(2022)16, параграф 3

[20] Додаток на Препораката CM/Rec(2022)16, параграф 4

[21] Додаток на Препораката CM/Rec(2022)16, параграф 7

правна заштита од говорот на омраза е обезбедена според нивното граѓанско и административно право, особено општото деликтно право, антидискриминациското право и законите за административни прекршоци."[22]

Препораката, исто така, вклучува важни упатства за државите-членки, кои се подеднакво применливи за судовите„да се придржуваат и ефективно да ги спроведуваат релевантните европски и меѓународни инструменти."[23]

### 1.2. Одлуката на ЕСЧП во предметот *Османи и други*

Единствениот предмет во кој ЕСЧП го разгледуваше говорот на омраза во македонски контекст беше *Османи и други.*[24]

Апликантот, избран градоначалник на Гостивар, одржал состанок на кој ги повикал граѓаните од албанско етничко потекло за да се осигура дека албанското знаме нема да биде отстранeто од предната страна на општинската зграда. Уставниот суд им наредил на локалните власти да го тргнат знамето, бидејќи ја прогласил за неуставна одлуката на Советот на општината за истакнување на албанското и турското знаме. Дополнително, помеѓу заедниците настанале тензии кога граѓаните од македонско етничко потекло се обиделе да го тргнат албанското знаме. Апликантот бил суспендиран од неговата јавна функција и последователно прогласен за виновен за предизвикување национална, расна и верска омраза, раздор и нетрпеливост како носител на јавна функција и две други кривични дела. Тој бил првично осуден на казна затвор од тринаесет години и осум месеци, за подоцна апелациониот суд да ја намали казната на седум години. Уставниот суд го одбил барањето да се утврди дека му е повредено правото на слобода на изразување. Тој забележал дека апликантот директно ги повикал граѓаните со албанско потекло да се спротивстават на спроведувањето на конечна и правосилна судска одлука, со што ги поттикнал меѓуетничките тензии и создал општо чувство на несигурност кај населението. На крајот нему му била дадена амнестија и тој бил ослободен од издржување на остатокот од затворската казна.

Апликантот поднел апликации пред ЕСЧП според членовите 10 и 11 (слобода на собирање и здружување). Судот одлучил дека осудата на апликантот претставувала мешање во остварувањето на неговата слобода на мирно собирање, која била пропишана со закон и ги следела легитимните цели за спречување на неред и криминал, заштита на националната безбедност и јавната сигурност, како и заштита на слободите и правата на другите. Тој им посветил особено внимание на содржината на говорот на апликантот и неговиот контекст, за да утврди дали истите можат да се сметаат за поттикнување на насилство. Судот заклучил дека некои делови од неговиот говор одржан на собирот и обраќањето до граѓаните со албанско потекло поттикнувале

---

[22] Додаток на Препораката CM/Rec(2022)16, параграф 13
[23] Додаток на Препораката CM/Rec(2022)16, параграф 63
[24] *Османи и други против Поранешна Југословенска Република Македонија*, бр. 50841/99, 11 февруари 2001 година

употреба на насилство. Освен тоа, апликантот, кој бил добро почитувана личност во албанската заедница, го свикал собирот и го одржал говорот откако бил целосно запознаен со одлуката на Уставниот суд и ризикувал неговото однесување да предизвика јавни немири, нереди и судири со полицијата. Севкупно, неговиот говор и средбата што ја организирал несомнено одиграле суштинска улога во појавата на насилните настани од мај и јули 1997 година.

Со оглед на дадените елементи, Советот на ЕСЧП сметал дека кривично-правните мерки што ги превземале домашните судови одговарале на итна општествена потреба и дека домашните власти дале доволно причини за да се оправда осудата на апликантот. Понатаму, тој забележал дека апликантот не бил обвинет веднаш по неговиот говор, туку дури откако се почувствувале последиците и убедувањето не се засновало само на тоа што свикал го собирот и го одржал спорниот говор, туку и на спроведувањето на одлуката на локалниот совет за истакнување на знамињата со што не била испочитувана одлуката на Уставниот суд. Уште повеќе, апликантот извлекол полза од амнестијата откако издржал една година и три месеци од неговата казна, која првично била доста ригорозна. Како резултат на тоа, времето што го поминал во затвор не можело да се смета за непропорционално.

Сѐ на сѐ, Судот одлучил дека жалбените наводи на апликантот биле очигледно неосновани во смисла на членот 35 став 3, а апликацијата била прогласена за недопуштена.

### 1.3. Релевантна домашна судска пракса

Судската пракса за говорот на омраза прибавена од судовите за оваа анализа главно се однесува на кривичните предмети, што доведува до заклучок дека кривично-правните механизми доминираат над граѓанско-правните и управно-правните механизми.

Во македонскиот правен систем, одредени одредби ја криминализираат злоупотребата на слободата на изразување што поттикнува насилство или други повреди на правото на еднаквост и на правата на другите или на слободата на манифестирање на дискриминаторско однесување кон другите.

Според тоа, одредени елементи на говор на омраза би можеле да се идентификуваат во неколку случаи во кои надлежните домашни судови ги осудиле обвинетите за кривични дела расна и друга дискриминација (член 417 став 3 од КЗ),[25] ширење на расистички и

[25] Членот 417 од Кривичниот законик гласи: „(1) Тој што врз основа на разлика на пол, раса, боја на кожа, род, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, други видови уверувања, образование, политичка припадност, личен или општествен статус, ментална или телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, или на која било друга основа предвидена со закон или со ратификуван меѓународен договор, ги повредува основните човекови права и слободи признати од страна на меѓународната заедница, ќе се казни со затвор од шест месеци до пет години.
(2) Со казната од став (1) ќе се казни тој којшто врши прогонување на организации или на поединци поради нивното залагање за рамноправност на луѓето.

ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем (член 394-г од КЗ),[26] како и предизвикување национална, расна и верска омраза, раздор и нетрпеливост (член 319 од КЗ).[27]

Исто така, треба да се забележи дека ниту еден од разгледуваните предмети не се однесува на делото излагање на подбив на македонскиот народ и припадниците на заедниците што е инкриминирано во член 179 од КЗ, иако тој содржи и одредени елементи на говор на омраза.[28]

Најрелевантните предмети кои се однесуваат на говорот на омраза, вклучувајќи го и говорот на омраза на интернет,[29] се накратко претставени подолу.

**XXIII К.бр. 303/21, Основен кривичен суд Скопје, пресуда од 9 февруари 2021 година:** Обвинетиот бил осуден за делото Ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем (член 394-г од КЗ). На 28 јануари 2020 година, на неговиот профил на „Инстаграм" тој објавил видео кое го снимил со неговиот мобилен телефон на кое тој навредува група граѓани од Јужна Кореја во близина на

(3) Тој којшто шири идеи за супериорност на една раса над друга или пропагира расна омраза или поттикнува расна дискриминација, ќе се казни со затвор од шест месеци до три години."

[26] Оваа одредба всушност го инкриминира говорот на омраза по пат на информатички систем. Во неа се вели дека „(1) Тој што преку информациски систем во јавноста шири пишан материјал, слика или друга репрезентација на идеја или теорија која помага, промовира или поттикнува омраза, дискриминација или насилство, против кое било лице или група, врз основа на пол, раса, боја на кожа, род, припадност на маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, други видови уверувања, образование, политичка припадност, личен или општествен статус, ментална или телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, или на која било друга основа предвидена со закон или со ратификуван меѓународен договор, ќе се казни со затвор од една до пет години.

(2) Со казната од ставот (1) на овој член ќе се казни и тој што делото ќе го стори преку други средства за јавно информирање.

(3) Тој што делото од ставовите (1) и (2) на овој член го врши со злоупотреба на положбата или на овластувањето или ако поради тие дела дошло до безредие и насилства спрема луѓе или до имотна штета од големи размери, ќе се казни со затвор од една до десет години."

[27] Членот 319 од Кривичниот законик гласи: „(1) Тој што со присилба, малтретирање, загрозување на сигурноста, излагање на подбив на националните, етничките, верските и други симболи, со палење, уништување или на друг начин оштетување на знаме на Република Македонија или знамиња на други држави, со оштетување туѓи предмети, со скрвнавење споменици, гробови, растурање на написи, слики или други материјали или на друг начин, непосредно или посредно, јавно предизвикува или разгорува омраза, раздор или нетрпеливост врз основа на пол, раса, боја на кожа, род, припадност на маргинализирана група, етничка припаднос, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, други видови уверувања, образование, политичка припадност, личен или општествен статус, ментална или телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, или на која било друга основа предвидена со закон или со ратификуван меѓународен договор, ќе се казни со затвор една до пет години.

(2) Тој што делото од ставот (1) на овој член го врши со злоупотреба на положбата или на овластувањето или ако поради тие дела дошло до безредие и насилства спрема луѓе или до имотна штета од големи размери, ќе се казни со затвор од една до десет години."

[28] Во член 179 е наведено, посебно, дека „Тој што со намера за измејување јавно ќе ги изложи на подбив македонскиот народ и другите заедници во Република Македонија, ќе се казни со парична казна."

[29] Некои случаи кои се однесуваат на говорот на омраза на интернет ќе бидат наведени во поглавјето за Интернет и слобода на изразување, особено во делот 4.2.4. Кривични дела кои вклучуваат говор на омраза на интернет.

Министерството за надворешни работи во центарот на Скопје и им вели да си одат зашто ширеле корона вирус. Под видеото следувале бројни коментари и тоа се споделувало меѓу другите корисници на социјалната мрежа, со што се поттикнувала омраза кон конкретната раса, боја и националност. Следствено, обвинетиот бил осуден на условна казна затвор од три месеци, која нема да се изврши доколку не стори ново кривично дело во рок од три години.

**VI К.бр. 2031/19, Основен кривичен суд Скопје, пресуда од 18 ноември 2020 година:** Обвинетиот е осуден за делото Ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем (член 394-г од КЗ). На 22 мај 2020 година, преку неговиот профил на Фејсбук тој објавил навредливи зборови кон лица од муслиманска вероисповед, пцуејќи ги нив, нивниот пророк Мухамед и Исламската верска заедница како институција. На тој начин тој промовирал и поттикнал омраза, дискриминација и насилство врз лице или група врз основа на нивната религија или верско убедување. Откако се изјаснил за виновен, обвинетиот бил осуден на условна казна затвор од шест месеци, која нема да се изврши доколку не стори ново кривично дело во рок од една година. Основниот кривичен суд Скопје ги зел предвид сите отежнувачки околности (видот и степенот на кривичната одговорност, начинот на извршување на делото и можните долгорочни несакани последици што можело да ги предизвика делото), како и сите олеснителни околности (обвинетиот имал само 30 години, тој никогаш не бил осудуван и против него не била водена друга кривична постапка, тој не бил оженет и делото било сторено поради неговото афективно растројство).

**К-84/19: Основен суд Битола, пресуда од 4 април 2019 година; обвинение бр . КО. Бр. 583/18 поднесено од Основното јавно обвинителство Битола на 25 февруари 2019 година:**

Обвинетиот (кој бил од албанско етничко потекло) бил осуден за кривично дело Предизвикување омраза, раздор или нетрпеливост по национална, расна, верска или која било друга дискриминаторска основа (член 319 од КЗ). Ноќта помеѓу 11 и 12 април 2018 година, тој со спреј нацртал графити врз објектот на стара продавница во село во близина на Демир Хисар, чиј сопственик било лице со македонско етничко потекло. На графитот на албански јазик пишувало: „УЧК, Косово[*], Адем Јашари нè вика – Косово" *(UCK, Kosova, Adem Jashari po na thret- Kosova)*. Со тоа тој поттикнал омраза и вознемирување по основ на етничка припадност кон Македонците кои живеат во тоа село.

Без да даде какво било детално образложение или да се повика на Советот на Европа, на ЕКЧП или на други меѓународни стандарди во врска со говорот на омраза и криминалот од омраза, Основниот суд Битола го осудил обвинетиот на условна казна

---

* *Оваа ознака не ги прејудицира ставовите за статусот и истата е во согласност со Резолуцијата на ОНСБ 1244 и Мислењето на МСП за Декларацијата за независност на Косово.*

затвор од една година, која нема да се изврши доколку не стори ново кривично дело во рок од две години. Притоа, тој не го елаборирал целиот контекст, значењето на зборовите искажани преку графитите на македонски јазик и фактот дека имало различни толкувања помеѓу луѓето со македонско и албанско потекло за одредени личности или настани од поновата историја на Балканот. На пример, Основниот суд Битола не го зел предвид фактот дека додека УЧК се сметал за национално-ослободителна војска на Албанците на Косово од македонските граѓани со албанско етничко потекло, Србите и Македонците ја сметале за паравоена терористичка организација. Слично на тоа, додека Адем Јашари, кој бил еден од основачите на УЧК, Албанците во регионот го перцепирале како симбол на независноста на Косово и нивен национален херој, Србите и Македонците него го сметале за терорист.

**<u>К-213/18, Основен суд Битола, пресуда од 19 јуни 2018 година; обвинение бр. КО.бр.213/18 поднесено од Основното јавно обвинителство Битола на 27 април 2018 година:</u>** Обвинетиот (кој имал македонско етничко потекло) бил осуден за делото расна и друга дискриминација (член 417 (1) од КЗ). На 18 јануари 2018 година во 2.30 часот, тој заедно со уште едно лице, пропагирале расна омраза со исцртување три графити на главната улица во Битола. На графитите биле напишани следните пораки: „Смрт за шиптарите", и на македонски и на албански јазик, и „Закон си е закон" на македонски јазик. Без да даде какво било детално образложение или да се повика на меѓународни стандарди во врска со говорот на омраза и криминалот од омраза, Основниот суд Битола го осудил обвинетиот на условна казна затвор од една година, која нема да се изврши доколку не стори ново кривично дело во рок од две години.

**<u>К.бр.588/20, Основен суд Струмица, пресуда од 22 јануари 2021 година:</u>** Обвинетиот бил осуден за делото Расна и друга дискриминација (член 417 (1) од КЗ). Поточно, било констатирано дека на 31 март 2020 година тој како сопственик и управител на бакалница во село во близина на Струмица, истакнал известување за забрана за влез во продавницата на лицата вработени во локалниот хотел. Во периодот од 29 март до 12 април 2020 година хотелот се користел како карантински објект во контекст на пандемијата од Ковид-19 за сместување на лица кои влегле во земјата и патувале од земји со висок ризик. Одлучено е дека со своето дело обвинетиот директно го дискриминирал хотелскиот персонал по основ на неговата здравствена состојба. Со оглед на тоа што се изјаснил за виновен, но и со оглед на сите олеснителни и отежнувачки околности, Основниот суд Струмица на обвинетиот му изрекол условна казна затвор од шест месеци, која нема да се изврши доколку тој не стори ново кривично дело во рок од една година. Поконкретно, тој како олеснителна околност го зел предвид мотивот за извршување на кривичното дело (информациите на надлежните органи на почетокот на пандемијата дека лицата затворени во хотелот доаѓале од земји со висок ризик).

**Општ коментар на предметите што се однесуваат на говор на омраза:**

На домашно ниво постои тенденција кон прекумерна криминализација на говорот на омраза, што не е во согласност со стандардите на Советот на Европа и ЕКЧП. Поверојатно е дека говорот на омраза ќе се гони, наместо да се адресира преку други механизми кои не се кривично-правни. Затоа, треба да се воведат посистематски измени во домашната судска пракса за да се усогласат со стандардите на Советот на Европа, а особено со Препораката CM/Rec(2022)16 за борба против говорот на омраза.[30]

Дополнително, домашните судови доволно не образложиле дали во околностите на секој конкретен случај биле присутни елементи на говор на омраза како што е дефинирано во судската пракса на Судот, со цел да се заклучи дека обвинетиот сторил кривично дело кое претставувало некој облик на говор на омраза. Како што е наведено погоре, во овие елементи спаѓаат: 1) намерата да се шири омраза против одредена група; 2) содржината и контекстот на одреден облик на изразување и 3) последиците кои произлегуваат од говорот на омраза.

На пример, во нивните пресуди, судовите честопати се осврнувале на намерата да се шири омраза против одредена група, но тие не успеале да дадат подетална анализа на содржината и на целиот национален и локален, политички и општествен контекст во кој бил искажан спорниот израз. Згора на тоа, македонските судии не се впуштиле во потемелна дискусија за фактичките последици или потенцијалните импликации што произлегуваат од говорот на омраза, со оглед на околностите на секој поединечен случај.

Конечно, во повеќето од овие случаи, домашните судови имаат тенденција да изрекуваат само условни затворски казни. Со оглед на капацитетот на говорот на омраза сериозно да му наштети на општественото ткиво и потенцијалот што го има да доведе до кривично дело од омраза, прашање е дали примената на таквите казни е во согласност со меѓународните стандарди и дали тие би му помогнале на македонското општество да се справи со овој феномен и ефективно да се бори со него.

[30] Неразбирањето на говорот на омраза и недоволното образложение на кривичните пресуди кои се однесуваат на говорот на омраза беа предмет на дискусија и на фокус групата за кривично право што се одржа на 6 октомври 2022 година. Сите учесници (и судии и обвинители) признаа дека им недостигаат знаења во овој поглед, што се рефлектира во судската пракса на нивните институции.

## 2. Клевета

### 2.1. Вовед

***Поповски***[31] е првиот предмет во кој ЕСЧП ги разгледува жалбените наводи поврзани со клевета во македонски контекст, иако не од аспект на членот 10 од Конвенцијата. Предметот се однесуваше на напис објавен за апликантот и на последователната кривична постапка за клевета што тој ја повел против главниот уредник на весникот и новинарот кој ја напишал статијата.

Судот утврдил дека имало прекршување на членот 6 став 1 од ЕКЧП (право на правично судење) за прекумерната должина на спорната постапка која не го исполнува условот за „разумен рок".[31] Што е уште поважно, поради значителното одложување на постапката, судечкиот суд ја запрел постапката, бидејќи обвинението застарело. Соодветно, Судот заклучил дека начинот на кој бил имплементиран кривично-правниот механизам во конкретниот случај бил неисправен до тој степен што претставувал прекршување на позитивните обврски на тужената држава според членот 8 од Конвенцијата (право на почитување на приватниот и семејниот живот).[32]

Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета (од 14 ноември 2012 година, стапи во сила на 22 ноември 2012 година) ги декриминализирал делата претходно опфатени во Поглавјето 18 од Кривичниот законик под наслов „Кривични дела против честа и угледот".[33] Во моментот на подготовка на овој документ постоеше иницијатива за воведување измени на овој закон.[34]

Со оглед на приоритетот што ѝ е даден со членовите 2 и 3 од ЗГОНК на Конвенцијата како директно применлива во предметите на клевета, исклучително е важно македонското судство да се фокусира на вклопување на принципите утврдени во судската пракса на Европскиот суд на човекови права, како и на правилно повикување и цитирање на клучните пресуди на ЕСЧП.

Повеќето разгледани случаи се однесуваат на парнични постапки за клевета и огромен предизвик беше да се идентификуваат најрелевантните. За да се има јасен преглед на трендовите во домашната судска пракса во однос на специфичните тематски прашања што се појавуваат во предметите на клевета, секој избран случај наведен подолу се анализира во рамките на одреден дел од ова поглавје, во зависност од клучните

---

[31] *Поповски против Македонија, бр. 12316/07, 31 октомври 2013 година*

[31] За повеќе детали виде во став 65-70 од пресудата.

[32] став 91-92 од пресудата

[33] „Со овој закон се уредува граѓанската одговорност за штета нанесена на честа и угледот на физичко или правно лице со навреда и клевета" (член 1 од ЗГОНК).

[34] Со оглед на тоа што законските измени сè уште не беа усвоени во моментот на изготовка на оваа анализа, а таа е фокусирана на домашната судска пракса утврдена како резултат на примената на ЗГОНК од 2012 година, кој сè уште е во сила, се смета дека е ирелевантно да се направи дополнителна референца кон предложените измени. За повеќе детали, видете го соопштението за медиумите на Министерството за правда, 7 февруари 2022 година, достапно на: https://www.pravda.gov.mk/vest/6296.

прашања што се појавиле во тој конкретен случај. Меѓутоа, понекогаш е можно и различни прашања и дилеми да бидат адресирани во еден поединечен случај и еден случај, оттука, може да биде вклучен во различни делови од ова поглавје.

## 2.2. Фактички тврдења и вредносни судови

Во однос на одговорноста за клевета, член 8 став 1 од ЗГОНК предвидува дека „[едно] лице ќе одговара за клевета ако пред трето лице презентира или шири лажни факти што му штетат на честа и угледот на друго лице со утврден или привиден идентитет, со намера да му наштети на неговата чест и углед, а знаел или бил должен да знае и можеби знае дека фактите се лажни." Понатаму, во членот 8 став 2 од ЗГОНК се пропишува дека „одговорност за клевета постои и ако лажната изјава содржи факти штетни за угледот на правно лице, група на лица или починато лице."

За да постои клевета, треба да бидат исполнети следниве три елементи: 1) треба да постои ***намера*** да му се наштети честа и угледот на поединецот; 2) треба да бидат изнесени ***лажни факти*** што лицето што ги шири можело да знае или требало да знае дека се лажни и 3) таквите факти требало да бидат изнесени ***пред трето лице***. Во отсуство на третиот елемент на клевета, односно доколку лажните факти биле презентирани само пред лицето чијшто углед е оштетен, тогаш може да се работи за навреда, а не за клевета.

Дали предметните факти биле вистинити или лажни е еден од суштинските елементи што треба да се утврдат за да се констатира дека имало клевета. Со ЗГОНК, исто така, се регулира и ***товарот на докажување*** во овој поглед. Според член 9 ставови 1 и 2, тужените се должни да ја докажат вистинитоста на фактите содржани во нивниот исказ и доколку ја докажат вистинитоста или докажат дека имале ***оправдана причина да веруваат*** во нивната вистинитост, нема да има одговорност за клевета. Исто така, одредени исклучоци од ова општо правило се пропишани во членот 9, став 3 и 4. На пример, во ставот 3 е предвидено дека товарот на докажување паѓа на тужителот кој врши јавна функција секогаш кога тој/таа е законски обврзан да даде објаснување за фактите кои се директно поврзани или се од значење за извршување на неговата функција, под услов тужениот да докажал дека има оправдани причини да ја даде спорната изјава во јавен интерес. Докажувањето на фактите, исто така, генерално е исклучено во однос на личниот живот на тужителот, освен во случаите наведени во член 9 став 4.

Следува дека релевантното национално законодавство целосно ги има вградено стандардите на ЕКЧП во однос на разграничувањето што треба да се направи помеѓу фактичките тврдења и вредносните судови, како и правниот стандард за товарот на докажување.

Во пракса, анализата на релевантната домашна судска пракса покажа дека без разлика на различната и неконзистентна терминологија што ја користат судиите во образложението на нивните пресуди во предметите на клевета, кога го објаснуваат

разграничувањето помеѓу овие две категории, тие главно покажуваат добро разбирање на таквото разграничување и него го применуваат правилно во поединечни конкретни предмети. Ова е илустрирано со неколку примери на добра пракса на домашните македонски судови прикажани подолу.

## 2.3. Политички говор и дебати за прашања од јавен интерес

Иако членот 10 од Конвенцијата не се применува само на одредени видови информации или идеи или форми на изразување и подеднакво опфаќа различни форми на уметничко изразување (*Милер и други против Швајцарија*, став 27), како и комерцијално изразување (*Маркт интерн ферлаг ГМБХ и Клаус Берман против Германија*, став 26; *Касадо Кока против Шпанија*, став 35-36; *Мувмент релин суис против Швајцарија* [GC], став 61; *Секмадиенис ДОО против Литванија*), голем број од случаите што се разгледуваат се однесуваа на изразување што беше од чисто политичка природа.

Анализата на овие случаи е од значајна важност, бидејќи една од водечките пресуди за членот 10 донесени од ЕСЧП во македонските предмети беше *Макрадули*.[35] Следствено, таа може да помогне да се идентификува дали има некаков напредок во домашната примена на стандардите наведени во оваа пресуда.

### 2.3.1. Пресудата на ЕСЧП во предметот *Макрадули*

***Макрадули*** беше првиот македонски случај за клевета што се разгледуваше според член 10 пред ЕСЧП. Тој се однесуваше на две кривични постапки за клевета иницирани против апликантот, г. Јани Макрадули, кој беше претседател на опозициската партија Социјалдемократски сојуз на Македонија (во понатамошниот текст: „СДСМ“) и пратеник во македонското Собрание. Оспоруваната постапка била покрената по приватна кривична пријава поднесена од г. С.М., тогашен братучед на премиерот, кој во тоа време беше висок член на владејачката политичка партија ВМРО-ДПМНЕ и шеф на Агенцијата за безбедност и контраразузнавање. Првиот предмет се однесува на наводите на апликантот дека г. С.М. ги злоупотребил неговите овластувања и полициската опрема за прислушување за да влијае на тргувањето на берзата и за да оствари лична финансиска корист. Вториот предмет се однесувал на наводните неправилности во јавната продажба на градежно земјиште во државна сопственост на компанија блиска до г. С.М.

Апликантот бил осуден за клевета според член 172 од КЗ, кој што важел во моментот, и нему му била изречена парична казна. Врз основа на законските измени кои уследиле со усвојувањето и стапувањето во сила на ЗГОНК во ноември 2012 година, судечкиот судија го одложил извршувањето на санкцијата и во двете постапки. Следствено, тој ги платил само трошоците на постапката, но не и паричната казна што му била изречена.[36]

---

[35] *Макрадули против Република Македонија, бр.* 64659/11 и 24133/13, 19 јули 2018 година

[36] За преглед на спорната кривична постапка, види ги ставовите 6-16 и ставовите 20-28 од пресудата. Како што е наведено во ставот 19, по исходот од првиот сет на кривична постапка, г. С.М. повел граѓански спор

Барањата на апликантот за заштита на неговите права и слободи пред Уставниот суд биле одбиени поради невистинитоста на спорните изјави и неуспехот на апликантот да го докаже спротивното.[37]

Во својата пресуда, Судот потврдил дека има многу мал простор според членот 10, став 2 за ограничувања на политичкиот говор или за дебати за прашања од јавен интерес. Затоа, по правило, тој му дава високо ниво на заштита на слободата на изразување и особено тесен простор за проценка од страна на државите во такви случаи.[38]

При примената на овие принципи на фактите од конкретниот случај, Судот особено ги зема предвид следните релевантни аспекти: 1) позицијата на тужителот и на апликантот, кои дејствувале како тужен во домашната постапка, 2) предметот на изјавите на апликантот, како и 3) нивната квалификација од страна на домашните судови и 4) пристапот на домашниот суд кој го оправдувал предметното мешање.[39]

Судот забележува дека апликантот ги дал изјавите како потпретседател на тогашната опозициска партија, на прес-конференции одржани во седиштето на неговата партија, во име на неговата партија и во политички контекст. Притоа, се истакнува дека апликантот бил пратеник и затоа, како избран претставник на граѓаните, тој уживал повисок степен на заштита резервиран за политички говор. ЕСЧП нагласува дека г. С.М., кој бил тужител пред домашните судови, земајќи ја предвид неговата позиција, требало да покаже поголем степен на толеранција кон критика бидејќи границите на прифатливата критика се поширoки за државните службеници отколку за приватни лица. На ист начин, ЕСЧП нагласува дека иако домашните судови го признавале неговиот статус како државен функционер, тие не прифатиле дека слободата на изразување е предмет на поширoки граници на прифатлива критика што се однесува до ставовите или критиките за таквите службеници, ниту, пак, го земале предвид фактот дека тој бил и висок политичар.[40]

Што се однесува до содржината и предметот на спорните изјави, Судот нив ги смета за проблематични затоа што тие биле квалификувани како фактички тврдења, наместо како вредносни судови. Всушност, тие се однесувале на наводите за незаконито однесување во извршувањето на службените должности од страна на г. С.М и претставувале правичен коментар за прашања од легитимен јавен интерес, бидејќи ја засегале потребата од транспарентност и спречување на злоупотреба на власта и имале за цел зајакнување на јавниот интегритет и одржување на довербата на јавноста во јавните установи.[41] Следствено, оваа пресуда испратила јасна порака до националните власти во

во кој му било уважено барањето за обесштетување и му беа досудени 550.000,000 македонски денари (околу 9.000 евра).

[37] За повеќе детали за постапката пред Уставниот суд, видете ги ставовите 17-18 и 29-30 од пресудата.

[38] став 61 од пресудата

[39] став64 од пресудата

[40] став 65-73 од пресудата

[41] став 74 и 81 од пресудата

однос на таканаречената „презумција на лажност" што ја применуваат судовите кога бараат од апликантот во својство на тужен/обвинет да ја докаже вистинитоста на неговите тврдења. Судот зазема став дека таквиот пристап е, во секој случај, неоправдан и тој оди подалеку од веќе воспоставениот стандард на ЕСЧП за „длабинска анализа".[42]

Што се однесува до природата и сериозноста на изречените санкции, Судот истакнува дека дури и релативно умерената природа на казните не е доволна сама по себе да го негира ризикот од одвраќачки ефект врз понатамошното остварување на слободата на изразување. Иако изречената парична казна повеќе не можело да биде извршена со оглед на законските измени од ноември 2012 година, убедувањето на апликантот имало одвраќачки ефект врз политичката дебата што тој ја покренал за прашања од јавен интерес.[43]

Сѐ на сѐ, Судот утврдува дека стандардите применети во спорната постапка биле инкомпатибилни со принципите отелотворени во членот 10 од Конвенцијата бидејќи домашните судови не успеале да постигнат правична рамнотежа помеѓу конкурентните интереси кои биле доведени во прашање. Следствено, мешањето било непропорционално со целта и тоа не било „неопходно во едно демократско општество" во смисла на членот 10 став 2.[44]

### 2.3.2. Релевантна домашна судска пракса за политички говор

#### *2.3.2.1. Домашна судска пракса во согласност со стандардите на ЕКЧП*

Како што е илустрирано во примерите дадени подолу, во повеќето од разгледуваните случаи за политички говор, надлежните судови се потпирале на стандардите на ЕКЧП и на релевантната судска пракса, за да донесат заклучок дека политичарите треба да покажат повисок степен на толеранција кон секоја критика на нивната работа и изјавите што тие ги даваат во јавноста. Ова е уште повалидно кога критиките кон политичарите или другите носители на јавни функции се упатени за прашања од легитимен јавен интерес и на нив може да се гледа како на дел од жива дебата што веќе била покрената од самите политичари, медиумите, граѓанските организации или други чинители во општеството.

**XXXII П5-59/19, Основен граѓански суд Скопје, пресуда од 29 октомври 2020 година, потврдена од Апелациониот суд Скопје, пресуда од 23 септември 2021 година (ГЖ-511/21)**

**Факти:** Во определеното време тужителот Александар Кирацовски бил пратеник во македонското Собрание од политичката партија СДСМ и нејзин генерален секретар. Тужениот Димче Арсовски бил портпарол на политичката партија ВМРО-ДПМНЕ. На

---

[42] став 75 од пресудата

[43] став 63 и 83 од пресудата

[44] став 84-85 од пресудата. За подетални информации за случајот, видете во Деловски В., *Слободата на политичкото изразување во демократските општества во светлина на пресудата Макрадули против Република Македонија*, мај 2019 година, достапна на: https://justiceobservers.org/article/68860/63647/188.

партиска прес-конференција одржана на 6 септември 2019 година, тужениот изјавил дека истрагата што ја спроведувало Јавното обвинителство за организиран криминал и корупција во случајот познат како „Рекет" била во спротивност со начелата на правото. Истрагата не успеала да ги спречи оние кои наредиле извршување на кривичните дела за кои станувало збор да ги манипулираат доказите и да вршат влијание врз сведоците и врз кој било друг. Во овој контекст, тој споменал дека и тужителот бил еден од инволвираните во криминалните активности, како посредник помеѓу клучниот осомничен Бојан Јовановски (познат како „Боки 13") и градоначалниците и бизнисмените кои биле рекетирани.

**Образложение:** Основниот граѓански суд Скопје го анализирал целиот контекст, вклучително и настаните што се случиле пред прес-конференцијата кои биле сметани како релевантни за неговата оценка. Тој особено забележал дека тужениот го споменува името на тужителот само во врска со неговото сослушување од обвинителот и неговиот одговор на прашањето поставено од новинар во врска со неговите контакти како пратеник со лица поврзани со спорното кривично дело. Имено, веднаш по распитот во просториите на Обвинителството на 5 септември 2019 година, тужителот дал изјава за сите медиуми во земјава која станала достапна за целата македонска јавност, во која тој признава дека бил присутен на повеќе средби со клучниот осомничен во случајот. Основниот граѓански суд Скопје оценил дека изјавата покренала сомнеж и отворила јавна расправа за однесувањето на јавните функционери кои биле платени од државниот буџет. Оттука, било оправдано што опозициската партија ги покренала овие прашања на прес-конференцијата.

Основниот граѓански суд Скопје, исто така, се повикал на добро воспоставената пракса на ЕСЧП да разграничи помеѓу фактите и вредносните судови. Иако постоењето на факти може да се докаже, вистинитоста на вредносните судови не е подложна на докажување. Исто така, тој истакнал дека барањето за докажување на вистинитоста на вредносниот суд е невозможно да се исполни и тоа води до повреда на слободата на мислата како што е загарантирана со членот 10.

Дополнително, Основниот граѓански суд Скопје ги разгледал критериумите утврдени со ЕСЧП при урамнотежување на правото на приватен живот, што е осигурано со членот 8 од Конвенцијата (кој го вклучува правото на заштита на честа и угледот), со загарантираната слобода на изразување од членот 10 од Конвенцијата. Понатаму, тој ги навел клучните елементи кои се релевантни и треба да се земат предвид при примена на тестот за балансирање, како што се: дали спорните информации придонесуваат за дебата од општ/јавен интерес; дали засегнатото лице ѝ е добро познато на јавноста; што е предмет на информацијата; претходното однесување на засегнатото лице; околностите на кои се однесува изјавата; начинот и околностите на добивање на информациите; содржината, формата и последиците од спорната објава.

Тој понатаму ги разгледал и ставовите на ЕСЧП во пресудата *Лингенс против Австрија*. Во таа пресуда се посочува дека границите на прифатлива критика се пошироки во однос

на политичарот како таков отколку во однос на приватно лице. За разлика од приватното лице, политичарот неизбежно и свесно се изложува себеси на понепосреден надзор над секој негов збор и дело и од страна на новинарите и од пошироката јавноста, и затоа тој мора да покаже поголем степен на толеранција.[45] Исто така, Основниот граѓански суд Скопје се повикал на релевантните делови од пресудата на ЕСЧП во *Макрадули,* кои се однесуваат на политичкиот говор.[46]

Во неговата анализа, Основниот граѓански суд Скопје забележал дека тужениот морал да има поширок опсег на слобода на изразување, како претставник на опозициска политичка партија, особено што се работело за прашања од јавен интерес. Од друга страна, бидејќи политичарите се под лупа на јавноста за изјавите што ги даваат, тие мора да покажат поголем степен на толеранција, дури и ако, како во конкретниот случај, имало одреден степен на претерување во спорната изјава или во фотографијата прикажана за време на прес-конференцијата. Според тоа, тужителот како пратеник, носител на јавна функција, требало да покаже повисок степен на толеранција кон критиките од граѓаните кога станува збор за прашања од јавен интерес кои се поврзани со неговото однесување како политичар, бидејќи тој бил избран од граѓаните да ги претставува во едно демократско општество.

Освен тоа, Основниот граѓански суд Скопје истакнал дека оспорената изјава била предизвикана од дебата која била веќе отворена во јавен интерес преку медиумите за тековен кривичен предмет за корупција и изнуда. Тужениот, во својство на претставник на опозициската политичка партија, имал основа да верува во вистинитоста на ваквите наводи бидејќи тие се однесуваат на информациите што претходно ги открил тужителот, но исто така имајќи ги предвид и средбите на тужителот со клучниот осомничен, нивните заеднички фотографии и тоа што тие заеднички присуствувале на неколку настани, за кои јавноста веќе била известена преку медиумите. Сепак, тужениот не навел дека тужителот сторил кривично дело, туку само критикувал како била спроведена истрагата за случајот од надлежното јавно обвинителство.

Следствено, Основниот граѓански суд Скопје одлучил дека не било неопходно во едно демократско општество да се меша во слободата на изразување на тужениот и тој го одбил тужбеното барање на тужителот како неосновано. Овој заклучок, исто така, се засновал на членот 10 од ЗГОНК кој ја исклучува одговорноста кога се работи за прашања од јавен интерес.

---

[45] *Лингенс против Австрија,* 8 јули 1986 година, став 42, Серија А бр. 103.

[46] „Во однос на нивото на заштита, Судот потсети дека има многу мал простор според член 10, став 2 од Конвенцијата за ограничувања на политичкиот говор или на дебатата за прашањата од јавен интерес. Според тоа, високо ниво на заштита на слободата на изразување, со тоа што властите имаат особено тесна маргина на проценка, вообичаено се одобрува кога забелешките се однесуваат на прашање од јавен интерес. Степенот на непријателство и потенцијалната сериозност на одредени забелешки не го отфрлаат правото на високо ниво на заштита, со оглед на постоењето на прашање од јавен интерес." (*Макрадули против Поранешна Југословенска Република Македонија, бр.* 64659/11 и 24133/13, став 61, 19 јули 2018 година)

Апелациониот суд Скопје го повторил образложението дадено од првостепениот суд, додавајќи дека тој правилно оценил дека согласно домашните законски одредби биле исполнети условите за исклучување на одговорноста на тужениот, со оглед на тоа што неговите изјави биле дадени во јавен интерес како критички став и вредносно мислење за работата на носител на јавна функција.

**<u>Коментар:</u>** Треба да се забележи дека домашните судови, а особено првостепениот суд кој го разгледувал случајот дал детално и веродостојно образложение и во своите пресуди доста успешно ги вградил добро воспоставените стандарди на ЕКЧП за политичкиот говор. Како резултат на тоа, тие исто така покажале дека со право ја разбрале основната порака на пресудата на Судот во *Макрадули*. При балансирањето на слободата на изразување на тужителот визави слободата на изразување на тужениот, Основниот граѓански суд Скопје исто така го истакнал и статусот на тужителот како пратеник. Според тоа, неговото образложение било во согласност составот на Судот во однос на слободата на изразување на пратениците како политички говор *пар екселанс*.[47] Иако Основниот граѓански суд Скопје не ги квалификувал изјавите на тужениот како факти или вредносни судови (мислења), неговиот пропуст бил исправен по основ на жалба. Во суштина, неговата пресуда била соодветна и на ставот на ЕСЧП дека барањето за толеранција е уште порелевантно од политичарите кога тие самите даваат јавни изјави кои се подложни на критика *(Младина д.д. Љубљана против Словенија,* став 40; *Пакдемирли против Турција,* став 45).

**П5-7/20, Основен суд Прилеп, пресуда од 16 јуни 2021 година**

**<u>Факти:</u>** Тужителот, по професија доктор, бил градоначалник на Општина Прилеп. Тој поднел тужба за клевета против член на опозициската партија ВМРО-ДПМНЕ и кандидат за пратеник во македонското Собрание, за изјава што овој ја дал на прес-конференција одржана пред парламентарните избори во 2020 година. Оспорената изјава била пренесена од неколку локални медиуми и интернет портали и објавена на Фејсбук профилот на тужениот. Во исказот, тужениот тврдел дека додека сите граѓани биле оптоварени со здравствената криза, тужителот незаконски потпишал одобрение за измена на проект за основна архитектура за изградба на станбено-деловен објект, без потребното одобрение од општинскиот надзор (контролор).

**<u>Образложение:</u>** Во својата проценка, Основниот суд Прилеп навел дека според судската пракса на ЕСЧП, има мал простор за ограничување на политичкиот говор, кога дебатата се однесува на прашања од јавен интерес. Од истата причина, треба да ѝ се даде висок степен на заштита на слободата на изразување, додека одреден степен на непријателство

[47] Во неговата судска пракса, Судот постојано нагласува дека слободата на изразување е особено важна за избраните претставници, кои го претставуваат нивното избирачко тело, привлекуваат внимание на нивните преокупации и ги бранат нивните интереси (*Караксони и други против Унгарија [GC],* став 137; *Селахтин Демирташ против Турција (бр. 2)* [GC], став 242-245; *Кастелс против Шпанија,* став 42; *Пјермон против Франција,* став 76; *Ерусалим против Австрија,* став 36; *Отеги Мондрагон против Шпанија,* став 50; *Лакроа против Франција,* став 40; *Шани против Унгарија,* став 30).

и потенцијалната сериозност на одредени забелешки не го елиминираат ваквото високо ниво на заштита.

Основниот суд Прилеп преминал кон елаборирање на разликата помеѓу фактичките тврдења и вредносните судови со повикување на судската пракса на ЕСЧП. Во тој контекст, тој заклучил дека во конкретниот случај постоела доволна фактичка основа за оспорената изјава, имајќи предвид дека неспорниот факт дека одобрението на тужителот не било потпишано од надлежниот контролор бил поткрепен и со усните докази изведени на расправата. Исто така, било земено предвид и дека спорната изјава била дадена на прес-конференција во периодот пред парламентарните избори кога и тужениот се кандидирал на избори. Оттука, тој го прифатил тврдењето на тужениот дека целата изјава, за која се утврдило дека имала фактичка основа, била дадена во политички контекст, како критика на работата на тужителот и политички говор кој треба да има високо ниво на заштита.

Понатаму, било забележано дека тужителот имал јавна функција и требало да се смета за висок државен функционер. Според судската пракса на ЕСЧП, границите на прифатлива критика во однос на носителите на јавни функции се пошироки во однос на оние што се однесуваат на приватните лица. Понатаму, тие се уште пошироки за високорангирани државни функционери.[48]

Дополнително, Основниот суд Прилеп забележал дека слободата на изразување се однесува не само на „информации“ или „идеи“ кои се поволно примени или се сметаат за ненавредливи или предизивикуваат рамнодушност, туку и за оние што навредуваат, шокираат или вознемируваат; такви се барањата на плурализмот, толеранцијата и широкоумноста без кои нема „демократско општество“ *(Лингенс против Австрија,* став 41; *Хендисајд против Обединетото Кралство,* став 49*; Обсервер и Гардијан против Обединетото Кралство,* став 59*).*

Потпирајќи се на судската пракса на ЕСЧП, вклучително и на пресудата во *Макрадули*, но и на неговата сопствената оцена на фактите и доказите што ги приложиле странките во постапката, тој одлучил дека во конкретниот случај, условите за утврдување на одговорност на тужениот за клевета не се исполнети. Според тоа, Основниот суд Прилеп го одбил тужбеното барање на тужителот како неосновано.

**Коментар:** Ова претставува солиден пример кога првостепениот суд правилно ги применил стандардите на ЕКЧП за политички говор во изборен контекст, како и разликата помеѓу фактичките тврдења и вредносните судови. Уште поважно, неговото

---

[48] Во врска со ова, Основниот суд Прилеп се повикал на *Лингенс против Австрија* за да реафирмира дека во едно демократско општество дејствијата или пропустите на власта треба да бидат подложени на внимателно разгледување, не само од законодавните и судските органи, туку и од страна на јавноста. Секој збор и дело на носителот на јавна функција е подложен на внимателен надзор од пошироката јавност и, следствено на тоа, тој мора да покаже повисок степен на толеранција кон јавната критика и да се воздржува од прибегнување кон судски постапки за заштита на неговиот углед.

убедливо образложение било доволно поддржано со повикување на конкретни пресуди на ЕСЧП, кои биле соодветно цитирани.

**I-П5-5/2019, Основен суд Тетово, пресуда донесена на 24 декември 2019 год., јавно изречена на 30 декември 2019 година**

**<u>Факти:</u>** Тужителот Самојле Новески тврдел дека бил оцрнет со невистинитите факти кои биле јавно изнесени во ТВ-емисијата *Мој термин*, емитувана на 11 април 2017 година на *ТВ 24 Вести* и потоа поставена на YouTube каналот на истата телевизија. Тој поднел тужба против Самка Ибраимоски, кој тогаш бил претседател на ромска политичка партија и телевизиската куќа за емитување вести. За време на ТВ емисијата, првотужениот го обвинил тужителот дека бил една од „ајкулите" (лихвари) кои им позајмувале пари на Роми и како резултат на тоа станале сопственици на неколку куќи во Тетово, бидејќи нивните претходни сопственици не биле способни да ги вратат нивните заеми. Тој пред камера ја прикажал и претставката поднесена до МВР против тужителот, во која против него биле наведени наводи за измама и перење пари. Дополнително, тој дал пример на 80-годишна жена со ромско потекло која била измамена и чиј потпис бил фалсификуван. На крајот, наводно поради корумпираното судство, нејзината куќа била купена од тужителот за 13 000 евра, наспроти пазарната вредност од 270 000 евра. Според него, имало и други слични случаи и МВР требало да преземе нешто.

**<u>Образложение:</u>** Основниот суд Тетово оценил дека во овој случај не биле исполнети условите за клевета, бидејќи првотужениот не дал невистинити тврдења и оспорениот навод го изнел без намера да го наруши угледот на тужителот, туку исклучиво врз основа на материјални докази, вклучувајќи ја и претставката поднесена до Министерството за внатрешни работи и соодветните судски одлуки. Што се однесува до второтужениот, судот пресудил дека тој не може да се смета за одговорен за зборовите искажани во ТВ програма во живо, бидејќи тие не биле искажани ниту од неговиот вработен ниту од уредникот на ТВ-емисијата.

Подетално образложение е дадено во пресудата на Апелациониот суд Гостивар. Било истакнато дека првотужениот ги изнел спорните наводи како претседател на ромска партија со цел да ги шири наводите содржани во поплаките што тој ги добил од членовите на етничката група што ја застапувал. Неговите изјави биле засновани на докази, како што биле поплаките и правно обврзувачките судски одлуки кои му биле доставени, кои беа оправдана основа да се верува во вистинитоста на фактите што тој ги споделил со јавноста. Оспорените изјави тој ги дал во име на етничката група чиишто интереси ги застапувал, а не заради остварување на лични цели. Така, неговата цел била да го заштити јавниот интерес. Тие биле дадени во ТВ-емисија во живо што му овозможувало на тужениот да ги искаже неговите мислења за актуелната политичко-општествена ситуација со цел заштита на јавниот интерес, а не во соопштение за медиумите, изјава или сопствена уредничка програма произведена од ТВ станицата.

На крајот, Апелациониот суд Гостивар се осврнал на разграничувањето помеѓу фактички тврдења и мислења што се прави во судската пракса на Судот во Стразбур, каде што мора да се изнесе и докаже постоењето на факти, додека вредносните судови се гледишта за одредени ситуации и настани кои не се секогаш подложни на докажување. Вредносните судови искажани во политиката во однос на прашања од јавен интерес или критиките пренесени кон владата или јавните тела треба да уживаат поширок степен на толеранција. На крајот, бидејќи спорните изјави можеле да бидат опфатени со заштита на јавниот интерес, Апелациониот суд Гостивар заклучил дека граѓанската одговорност за клевета треба да се исклучи и тужбеното барање на тужителот да се одбие како неосновано.

**<u>Коментар:</u>** Овој случај е уште еден добар пример за имплементација на стандардите на ЕКЧП за политичкиот говор во едно демократско општество, особено кога се работи за прашања од јавен интерес. Сепак, она што недостасува во образложението на домашните судови е понепосредно повикување на водечките случаи на ЕСЧП, каде што се утврдени релевантните стандарди.

*2.3.2.2. Домашна судска пракса во која неконзистентно се применуваат стандардите на ЕСЧП*

Материјалот што се разгледува исто така покажува присуство на одлуки донесени од домашните судови кои за разлика од судската пракса образложена погоре во делот 3.3.2.1. откриваат случаи на неконзистентна примена на релевантните стандарди. Поконкретно, во овој дел се разгледуваат појавите во кои за еден ист случај различно одлучувале различни судови или слични случаи биле неконзистентно решени од различни судии во истиот суд.

На ист начин, постојат неколку предмети со слична фактичка позадина, каде што истиот првостепен суд на различен начин ги применил добро воспоставените стандарди на ЕКЧП во однос на слободата на политичкото изразување и важноста на дебатите од јавен интерес.

На пример, фактите за случаите бр. **П5-4/21, пресуда од 23 ноември 2021 година, П5-5/21, пресуда од 16 ноември 2021 година** и **П5-6/21, пресуда од 23 ноември 2021 година, сите одлучени од Основниот суд Прилеп,** што се однесуваат на наводно извршена клевета од страна на портпаролот и потпретседателот на општинскиот комитет на опозициската политичка партија ВМРО-ДПМНЕ преку неговото видео обраќање до јавноста на прес-конференција одржана на 12 јули 2020 година, која потоа била поставена на Фејсбук профилот на партискиот огранок во Прилеп.

На почетокот на прес-конференцијата, тужениот најавил дека ќе ја информира јавноста како се збогатиле раководителите на локалниот тутунски комбинат во две години по нивното распоредување на раководни позиции. Понатаму тој нив ги именувал, наведувајќи дека останува нејасно како тројцата управители на компанијата купиле станови во Скопје речиси истовремено, во период од неколку месеци, додека

тутунопроизводителите вложиле огромни напори за да им се исплати реалната цена на тутунот.

Во предметот бр. **П5-5/21, пресуда од 16 ноември 2021 година, Основниот суд Прилеп** го одбил тужбеното барање за клевета поднесено од невролог, воедно и началничка на одделението за неврологија во прилепската општа болница и сопруга на еден од раководителите во тутунскиот комбинат.

**Образложение:** Основниот суд Прилеп првично истакнал дека изјавата била дадена на прес-конференција на опозициската партија од страна на тужениот во својство на портпарол и потпретседател на општинскиот комитет на партијата, пред парламентарните избори во 2020 година. Така, изјавата била дадена во вршењето на неговата политичка активност и тој само го пренел ставот на неговата партија за работата на раководителите на тутунскиот комбинат со што се исклучувала граѓанската одговорност на тужениот. Бидејќи тужениот се однесувал како член на опозициска партија, а сопругот на тужителот бил раководител на фирма со доминантна државна сопственост, со искажување на зборовите на прес-конференција во прашална форма, тужениот се обидел да отвори расправа за прашања поврзани со работата на компанијата кои биле од јавен интерес.

Во таа насока, Основниот суд Прилеп истакнал дека според судската пракса на ЕСЧП, има мал простор за ограничување на политичкиот говор или на дебатата за прашања од јавен интерес. Во спротивно, треба да ѝ се даде висок степен на заштита на слободата на изразување во овој однос, а одреден степен на непријателство и потенцијална сериозност на одредени забелешки не го елиминираат високото ниво на заштита.

Дополнително, тој го елаборирал разбирањето на Судот за концептот на јавен интерес, како што тоа било претставено и во пресудата на Големиот судски совет на *Сатакуман Маркинаперси Ој и Сатамедиа Ој против Финска.*[49] Поточно, „[јавниот интерес вообичаено се однесува на прашања кои ја засегаат јавноста до тој степен што може легитимно да се интересира за нив, што го привлекува нејзиното внимание или што ја засегаат во значителен степен, особено така што влијаат на благосостојбата на граѓаните или на животот на заедницатаИстото се однесува и во однос на прашањата кои можат да покренат значителна контроверзност, кои се однесуваат на важно општествено прашање или кои инволвираат проблем за кој јавноста би имала интерес да биде информирана."[50]

Освен тоа, Основниот суд Прилеп го потврдил ставот на ЕСЧП дека „промовирањето на слободна политичка дебата е многу важна карактеристика на едно демократско општество. Тој придава најголемо значење на слободата на изразување во контекст на

---

[49] *Сатакуман Маркинаперс и Ој и Сатамедиа Ој против Финска,* бр. 931/13, 21 јули 2015 година.
[50] Став 171 од пресудата.

политичката дебата и смета дека се потребни многу силни причини за да се оправдаат ограничувањата на политичкиот говор“.[51]

На крајот, Основниот суд Прилеп истакнал дека слободата на изразување е особено важна за политичките партии и нивните активни членови и секое мешање во таа слобода на еден политичар, особено на членови на опозициска партија, како што е апликантот, изискува највнимателен надзор.[52]

Слично образложение, во врска со судската пракса на ЕКЧП, било дадено и во предметот бр. **ГЖ-92/22, Апелационен суд Битола, пресуда од 18 април 2022 година**, со која Апелациониот суд ја укинал **пресудата на Основниот суд Прилеп по предметот бр. П5-4/21 од 23 ноември 2021 година**. Основниот суд Прилеп го уважил тужбеното барање за клевета поднесено од генералниот директор на тутунскиот комбинат. При одлучувањето за случајот тој ја зел предвид содржината на спорните изјави, начинот на нивното изразување, како и бројот на луѓе кои би можеле да дознаат за нив. Конкретно, тој навел дека тужениот тврдел дека бил купен стан поради богатење на тужителот во периодот додека тој ја извршувал неговата функција, но не успеал да ја докаже вистинитоста на тоа тврдење. Од друга страна, тужителот доставил докази за да ја докаже невистинитоста на таквото тврдење бидејќи станот го купил со банкарски кредит.

**<u>Образложение</u>**: Бидејќи е точно дека тужителот купил стан во Скопје, а тужениот информацијата ја добил од официјален документ, Апелациониот суд Битола оценил дека тужениот не изнел невистинити факти ниту имал намера да им наштети на честа и угледот на тужителот. Притоа, тој не ѝ се обратил на јавноста во свое лично својство, туку при вршење на политичка дејност додека настапувал во име на неговата политичка партија. Апелациониот суд Битола, потпирајќи се на членот 10 од ЗГОНК, оценил  дека биле исполнети условите за изземање од граѓанска одговорност за клевета. Понатаму, тој утврдил дека првостепениот суд погрешно заклучил дека тужениот имал намера да му наштети на честа и угледот на тужителот бидејќи дејствувал како член на политичка партија и случајот се однесувал на компанија во сопственост на државата. Тоа го поттикнало интересот на јавноста, а зборовите искажани од тужениот имале за цел да отворат дебата за работењето на тутунскиот комбинат, што било прашање од јавен интерес.

Во предметот **бр. П5-6/21, пресуда од 23 ноември 2021 година**, Основниот суд Прилеп ја уважил тужбата за клевета, поднесена од еден од управителите во тутунскиот комбинат за слични наводи за купување стан, изнесени на прес-конференција на 12 јули 2020 година.

**<u>Образложение</u>**: Основниот суд Прилеп утврдил дека тужениот имал намера да ја наруши честа и угледот на тужителот преку наведување „погрешни факти“. Тоа се

[51] *Фелдек против Словачка,* бр. 29032/95, став 83, ЕКЧП 2001-VIII.
[52] *Инакл против Турција,* 9 јуни 1998 година, став 46, Извештај за пресуди и одлуки 1998-IV9.

состоело во наводот дека тужителот се стекнал со пари за да го купи станот на штета на тутунопроизводителите, додека тужителот доставил доказ дека станот е всушност купен со заем од банка. Оспорените зборови не биле искажани во прашална форма за да се отвори јавна расправа за настапот на тужителот во државниот тутунски комбинат. Спротивно на тоа, тие имале за цел да ја нарушат честа и угледот на тужителот. Притоа, Основниот суд Прилеп констатирал дека тужениот не доставил докази со кои се потврдува дека во моментот кога го изнел оспорениот навод тој извршувал каква било улога во политичка партија. Тој забележал дека од контекстот во кој биле изнесени наводите произлегувало дека тој не дал изјава за печатот во име на политичката партија, туку тој дал негова  лична изјава. Истовремено, Основниот суд Прилеп заклучил дека тужителот не бил носител на јавна функција назначен од ниту една влада и следствено, неговата работа не потпаѓала под концептот на јавен интерес на носител на јавна функција. Со оглед на психичките страдања на тужителот, Основниот суд Прилеп му досудил сума од 20.000 македонски денари (околу 330 евра). Тој сметал дека тоа би било сразмерна и правична отштета во однос на нематеријалната штета.

**Коментар:** Може да се резимира дека првостепениот суд (во предметот бр. П5-5/21, пресуда од 16 ноември 2021 година) и апелациониот суд (во предметот бр. ГЖ-92/22, пресуда од 18 април 2022 година) донеле добро образложени пресуди кои биле целосно усогласени со судската пракса на ЕКЧП. Дополнително, нивната правна аргументација била засилена со соодветно повикување на релевантната судска пракса во врска со јавниот интерес (во двата случаи) и слободата на изразување на опозициските политичари (во П5-5/21).

Спротивно на ова, очигледно неразбирање на концептот на јавен интерес може да се забележи во пресудите во предметите бр. П5-4/21 и П5-6/21, двете изречени на 23 ноември 2021 година од Основниот суд Прилеп. Конкретно, вториот случај одразува одредена конфузија во однос на прашањето дали однесувањето на раководителите во државните компании треба да биде предмет на јавна контрола. Освен тоа, во тој случај, првостепениот суд барал да му се достави доказ за политичката активност на тужениот, барање што се чини дека претставувало прекумерен формализам во околностите на тој конкретен случај.

Како заклучок, овие предмети се значително важни, бидејќи тие се пример за неконзистентна примена на стандардите на ЕКЧП, што довело до различни судски исходи дури и во рамките на истиот првостепен суд. Овој феномен треба соодветно да се адресира за да се спречи различната судска пракса да стане извор на правна несигурност и дополнително да се намали довербата на јавноста во судството.

**III П5-4/17, Основен суд Куманово, пресуда од 18 мај 2018 година, предмет вратен на повторно одлучување од Апелациониот суд Скопје, пресуда од 3 мај 2019 година (ГЖ-5479/18); III П5-4/19, Основен суд Куманово, пресуда од 5 јули 2019 година, потврдена од Апелационен суд Скопје, пресуда од 24 март 2021 година (ГЖ-629/20)**

**<u>Факти/ Образложение:</u>** Тужителот Максим Димитриевски, градоначалник на општина Куманово и поранешен пратеник, ги тужел за клевета опозициската партија ВМРО-ДПМНЕ и еден од нејзините членови, кој давал изјави против тужителот на прес-конференција одржана на 7 април 2017 година, потоа поставена на веб-страницата на партијата. Конкретно, тој го обвинил тужителот дека физички нападнал младо момче за време на ноќна забава. Од таа причина тој ги повикал полицијата и јавното обвинителство да преземат мерки против тужителот за да го спречат повторно да стори кривично дело, бидејќи не треба да има неказнивост и тој мора да одговара за своите постапки.

Првично, првостепениот суд го уважил тужбеното барање на тужителот сметајќи дека тужениот пренесувал невистинити факти кои биле штетни за честа и угледот на тужителот, иако знаел или требало да знае дека истите биле невистинити. Тој не успеал да ја докаже вистинитоста на фактите бидејќи немало правосилна пресуда со која тужителот бил осуден во однос на наводните кривични дела. Според првостепениот суд, спорните изјави не можеле да се сметаат за сериозна критика на тужителот како политичар, бидејќи тие не се однесувале на извршувањето на неговата политичка функција. Што се однесува до барањето на тужителот за надомест на штета од 1 евро, истото било уважено во целост како симболичен надомест на штетата.

По жалба, предметот му бил вратен на првостепениот суд. Било заклучено дека пониското суд не оценил дали се исполнети условите за исклучување на одговорноста и дали спорните наводи може да се сметаат за сериозна критика на однесувањето на тужителот како носител на јавна функција, кој треба да биде подложен на критики со цел заштита на јавниот интерес. Било забележано и дека инцидентот на насилство наведен во оспорената изјава всушност се случил и истиот бил пријавен во полиција. Притоа, пред да ги изнесе спорните наводи во јавноста, второтужениот ја проверил нивната веродостојност така што поднел формално барање до Основното јавно обвинителство Куманово за пристап до информации од јавен интерес. Тој побарал да биде информиран дали имало поднесена кривична пријава во врска со инцидентот. Неговото барање било одбиено. Апелациониот суд Скопје му наложил на првостепениот суд да разгледа дали биле исполнети законските основи за ослободување од граѓанска одговорност во конкретниот случај според членовите 7 и 10 од ЗГОНК.

При преиспитувањето на случајот, првостепениот суд констатирал дека кривичната пријава за насилство поднесена против тужителот, надлежниот јавен обвинител ја отфрлил бидејќи немало сомнение дека тој го сторил тоа дело. Оттука, тој одлучил дека спорните наводи изнесени од тужениот не претставувале оправдана и сериозна критика на однесувањето на тужителот како носител на јавна функција, во отсуство на

правосилна пресуда со која тужителот се осудува. Тие биле исто така спротивни на принципот на презумција на невиност. Следствено, тужбеното барање на тужителот било уважено и нему му била доделена симболична отштета од 1 евро. Оваа пресуда била исто така потврдена по жалба.

**Коментар**: Како што е наведено погоре, првичната пресуда донесена од првостепениот суд не била потврдена од страна на апелациониот суд, кој го вратил предметот и соодветно го поучил првостепениот суд кои елементи треба да бидат земени предвид при повторното разгледување на случајот за да не се наруши слободата на изразување на тужениот. Меѓутоа, се чини дека преку непрепознавање на пошироките граници на прифатлива критика на политичката сцена и на јавниот интерес за изнесување на спорните наводи, како и преку наметнување на тежок товар на докажување на тужениот, во конкретниот случај домашните судови можеби не ги исполниле барањата на системот на Конвенцијата според членот 10 од ЕКЧП.

#### *2.3.2.3. Домашна судска пракса која не е во согласност со стандардите на ЕКЧП*

Темелната анализа на списите на предметите во случаите за клевета доведува до уште еден загрижувачки заклучок дека домашната судска пракса не е секогаш усогласена со европските стандарди, особено во однос на политичкиот говор.

Неколку релевантни примери ќе бидат сумирани подолу.

**VII П5-6/18, Основен граѓански суд Скопје, пресуда од 28 декември 2018 година, потврдена од Апелациониот суд Скопје на 15 мај 2019 година (ГЖ-1554/19)**

**Факти:** Основниот граѓански суд Скопје утврдил дека поранешниот премиер Никола Груевски бил одговарен за клевета во однос на изјавата што ја дал на 29 октомври 2017 година на прес-конференција одржана во седиштето на неговата политичка партија, ВМРО-ДПМНЕ. Прес-конференцијата била емитувана во живо на неколку ТВ станици, а потоа била поставена на неколку национални интернет портали и на YouTube. Тужениот коментирал дека локалните избори биле лошо организирани и имало бројни нерегуларности за време на изборите. Тој, исто така, тврдел дека лидерот на политичката партија ГРОМ, Стевчо Јакимовски, бил нападнат со нож од Есад Рахиќ, поранешен пратеник од политичката партија СДСМ, кој наводно бил во домашен притвор откако бил обвинет за трговија со дрога. По завршувањето на прес-конференцијата, тој писмено побарал од тужениот да му се извини, бидејќи му биле нарушени честа и угледот. На 7 ноември 2017 година, на официјалната веб-страница на политичката партија ВМРО-ДПМНЕ било објавено соопштение во кое се признава дека на прес-конференцијата била направена грешка бидејќи предметната изјава не се однесувала на Есад Рахиќ, туку на неговиот брат Сеад Рахиќ. Истиот оглас бил објавен и во дневниот весник „Вечер“ во неговото издание од 11-12 ноември 2017 година.

**<u>Образложение:</u>** Во неговото образложение, Основниот граѓански суд Скопје се повикал на стандардите на ЕСЧП кои се однесуваат на политичкиот говор. Конкретно, тој повторил дека ЕСЧП ѝ придава најголемо значење на слободата на изразување во контекст на политичката дебата и смета дека политичкиот говор не може да се ограничи без оправдани причини. Осврнувајќи се на случајот *Пјермон против Франција*,[53] Основниот граѓански суд Скопје исто така истакнал дека треба да има поголема толеранција кон забелешките дадени во изборен контекст. Било забележано и дека слободата на изразување не е апсолутна, но таа може да биде ограничена и санкционирана под одредени услови доколку правата на другите се повредени како резултат на нејзиното остварување.

Во однос на предметниот случај, Основниот граѓански суд Скопје истакнал дека треба да се има предвид дека оспорената изјава негативно влијаела на личноста на тужителот, како и на неговиот приватен и социјален живот, бидејќи таа била дадена во изборен период и затоа таа предизвикала сомнеж во јавноста на која тужителот ѝ бил познат како политичар и како поранешен пратеник. Тужениот не докажал дека направил ненамерна грешка при спомнувањето на тужителот, наместо неговиот брат. Покрај тоа, тој бил должен да постапува внимателно при давањето на неговата изјава со оглед на сериозноста на неговите тврдења, што не успеал да го стори. Следствено, Основниот граѓански суд Скопје пресудил дека тужениот бил одговорен за клевета. Додека тужителот барал да му биде досуден надоместок од 400.000 македонски денари (над 6.650 евра), најголемиот дел од неговото барање било одбиено и на тужениот му било наложено да му плати на тужителот сума од 60.000 македонски денари (околу 1.000 евра) за нематеријална штета.

Во неговата жалба против пресудата на првостепениот суд, тужениот тврдел дека иако Основниот граѓански суд Скопје се повикал на судската пракса на ЕКЧП во врска со политичкиот говор во изборен контекст, во суштина тој не успеал да го заштити таквиот говор во конкретниот случај. Тужениот немал намера да го оцрни тужителот, туку да покрене расправа од јавен интерес и да ги повика надлежните институции да постапат во случај на физички напад на член на друга политичка партија. Понатаму, Основниот граѓански суд Скопје не дал образложение за тоа како ги применил критериумите утврдени од страна на ЕСЧП во однос на балансирањето на членовите 8 и 10 од ЕКЧП, ниту како го применил тестот на пропорционалност што требало да доведе до заклучок дали ограничувањето на правата од членот 10 било неопходно во едно демократско општество.

Без да даде каков било директен одговор на аргументите истакнати од тужениот, Апелациониот суд Скопје ја потврдил пресудата на првостепениот суд, повторувајќи ги наодите дека тужениот не постапил со добра волја при давањето на својата изјава бидејќи не бил внимателен кога го посочил името на тужениот. Згора на тоа, со својата

[53] *Пјермон против Франција,* 27 април 1995, Серија А бр. 314.

невистинита изјава тој ја надминал границата на толеранција за политички говор во изборен период.

**Коментар**: Овој случај илустрира специфична ситуација на остварување на слободата на политичко изразување за време на избори. Со оглед на тоа што домашните судови соодветно ставиле посебен акцент на повисокиот степен на толеранција кон критиката во изборен контекст, како што бара ЕКЧП во слични случаи, се чини дека тие не успеале да пружат соодветно ниво на заштита на политичкиот говор меѓу политичките противници во спротивност со барањата на ЕКЧП.

**9 П5-61/18, Основен граѓански суд Скопје, пресуда од 22 април 2019 година, потврдена од Апелациониот суд Скопје, пресуда од 9 октомври 2019 година (ГЖ-3569/19)**

**Факти**: Тужителот Вице Заев, брат на тогашниот македонски премиер Зоран Заев, покренал постапка за клевета против Александар Николоски, потпретседател на најголемата опозициска партија ВМРО-ДПМНЕ за неговата изјава дадена во ТВ интервју емитувано на 24 октомври 2018 година на 1 ТВ. Во тоа интервју тој изјавил дека е познато дека неговата политичка партија е западно ориентирана, кон НАТО и ЕУ и дека таа всушност била првата политичка партија која ја промовирала интеграцијата на земјата во НАТО и ЕУ. Покрај тоа, тој тврдел дека не може да се смета за европско да се спроведуваат сомнителни постапки за набавки и други деловни операции, во кои биле вмешани членовите на семејството на премиерот, вклучувајќи го и неговиот брат кој, наводно, станал клучен бизнис играч во државата. Таа изјава потоа била поставена на неколку интернет портали за вести.

**Образложение:** На почетокот, Основниот граѓански суд Скопје констатирал дека тужителот е бизнисмен и управител на повеќе фирми, но и брат на поранешниот премиер. Тој ја препознал важноста на слободата на изразување за развојот и поттикнувањето на демократските процеси во општеството, вклучувајќи ја и слободата да се критикува Владата и нејзините членови. Сепак, тој не го прифатил аргументот на тужениот дека неговата изјава била заснована на содржината на неколку објави во електронските медиуми (исто така доставени и како доказ) кои создале доволна фактичка основа да се верува во нивната вистинитост и да се формира сопствено мислење за големината на деловните друштва на тужителот, како основа за исклучување на неговата одговорност од член 9 став 2 од ЗГОНК.

Спротивно на тоа, Основниот граѓански суд Скопје забележал дека изјавата на тужениот била дадена со намера да се наруши честа и угледот на тужителот бидејќи неговите наводи за сомнителни постапки за набавки во кои бил вклучен тој ги надминуваат границите на прифатлива критика. Од оваа причина, имајќи го предвид и разграничувањето помеѓу фактичките тврдења и вредносните судови што ја прави ЕСЧП, Основниот граѓански суд Скопје оценил дека тужениот морал да ја докаже вистинитоста на неговите наводи, за да биде исклучен од одговорност, што тој не успеал да го направи.

Дополнително, немало доволно фактичка основа за да се верува во нивната веродостојност, бидејќи ниту до првостепениот суд тој не доставил докази за сомнителното деловно однесување на кое се повикувал во неговата изјава, ниту, пак, побарал надлежните органи да ја испитаат законитоста на односните постапки за јавна набавка. Понатаму, тој не доставил докази дека имало покренато постапка против лицата кои наводно биле вклучени во активностите наведени во неговата изјава.

Признавајќи ја важноста на политичката дебата за прашања од јавен интерес според судската пракса на ЕСЧП, Основниот граѓански суд Скопје забележал дека тужителот не извршувал никаква јавна функција и затоа тој не можел да биде подложен на критика. Судот, исто така, заклучил и дека во околностите на овој конкретен случај, било неопходно да се попречи слободата на изразување на тужениот, бидејќи нејзиното остварување било насочено кон оштетување на угледот на тужителот преку наведување на факти кои тужениот не успеал да ги докаже. Понатаму, судот одлучил дека прифаќањето на тужбеното барање на тужителот за клевета требало да се смета како правичен надомест во однос на нематеријалната штета. Според тоа, тој го одбил неговото барање за отштета во износ од 30 000 македонски денари (околу 500 евра).

**Коментар**: Преку погрешно толкување на судската пракса на ЕСЧП на која се повикал првостепениот суд, тој го решил случајот така што во голема мера го ограничил просторот за политички говор кој треба да им се остави слободен на политичките противници на владејачката партија/партии и на претставниците на опозицијата. За жал, апелациониот суд не ја искористил можноста да обезбеди надомест за очигледните недостатоци во пресудата на првостепениот суд, туку тој во целост ја потврдил истата. Како резултат на тоа, двете пресуди дадени во овој случај значително отстапиле од она што се смета за добро воспоставена пракса на ЕСЧП и тоа исто така се одразило во наодите на Судот во предметот *Макрадули*, како најрелевантен предмет за слободата на политичко изразување во македонски контекст, што треба да го имаат предвид и домашните судови во слични случаи.

**П5-4/18, Основен суд Гостивар, пресуда од 27 мај 2019 година, потврдена од Апелациониот суд Гостивар, пресуда од 27 август 2019 година (ГЖ.бр.758/2019)**

**Факти**: Тужителот, раководител на сектор во општина Гостивар и поранешен шеф на кабинетот на тогашниот градоначалник Невзат Бејта, покренал постапка за клевета против портпаролот на општина Гостивар за наводите што ги изнел на две одвоени прес-конференции на 18 и 19 октомври 2013 година. Тие наводи се однесувале на набавка на техничка опрема за општината, која наводно била направена без да се спроведе постапка за јавна набавка и со вмешаност на тужителот. Истите биле објавени на официјалната веб-страница на општина Гостивар и пренесени од два локални ТВ канали и два интернет портали за вести, како и објавени на Фејсбук.

**Образложение**: Основниот суд Гостивар оценил дека тужениот ги изнел спорните наводи без да ги поткрепи со какви било докази и тој не ја исполнил обврската да

потврди дали тие биле вистинити пред да ги изнесе во јавноста. Тој го истакнал аргументот на тужениот на сослушувањето дека има основа да верува во таквите наводи поради финансиските извештаи што ги прочитал пред прес-конференцијата. Истакнувајќи дека тужениот не успеал да ги докаже клеветничките наводи што ги изнел, а што било негова службена должност, особено бидејќи бил портпарол на општината, Основниот суд Гостивар пресудил во корист на тужителот и му досудил 30 000 македонски денари (околу 500 евра) во однос на нематеријалната штета што ја претрпел.

**Коментар**: Во разгледуваниот случај, ниту првостепениот, ниту апелациониот суд, кои целосно ги потврдиле наодите на понискиот суд, не го препознале постоењето на јавен интерес да се разговара за можната злоупотреба на службената положба од страна на тужителот. Згора на тоа, судовите не направиле соодветно разграничување помеѓу фактичките изјави и вредносните судови, и затоа своите пресуди тие главно ги засновале на членот 9 став 1 и 2 од ЗГОНК, кои го ставаат товарот на докажување на тужениот да ја докаже вистинитоста на фактите содржани во изјавата. Истовремено, тие ги занемариле исклучоците од ова општо правило утврдени во членот 7 став 1 и 2[54], како и во членот 9 став 3 од ЗГОНК.[55]

**П5. бр.11/16, Основен суд Струмица, пресуда од 4 јануари 2017 година, потврдена од Апелациониот суд Штип, пресуда од 20 септември 2017 година (ГЖ-273/17)**

**Факти**: Тужителката која била вработена во општина Струмица поднела тужба за клевета против портпаролката на опозициската политичка партија ВМРО-ДПМНЕ Струмица. На прес-конференција одржана на 19 мај 2016 година во просториите на ВМРО-ДПМНЕ, тужената обвинила дека државните службеници вработени во општинските институции биле превезувани и донесени на партиски протести низ Македонија организирани од владејачката политичка партија СДСМ. Тужената ова го окарактеризирала како дрзок однос кон вработените, кои наместо да ги извршуваат работните обврски, биле принудени да остваруваат партиски цели. Тужената дополнително поставила прашање дали овие лица, наведувајќи и некои од нив, меѓу кои и тужителката, биле вработени во општински институции и претпријатија или работеле во партиските штабови на СДСМ во Скопје.

---

[54] Во член 7 од ЗГОНК е наведено дека: „(1) Нема одговорност за навреда, ако: 1) изјавата е дадена во работата на Собранието на Република Македонија, во работата на советите на општините и градот Скопје, во управна или судска постапка или пред Народниот правобранител, освен ако тужителот докаже дека е дадена злонамерно; 2) е пренесено мислење содржано во службен документ на Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија, органите на управата, судовите или други државни органи, соопштение или други документи на меѓународни организации или конференции, соопштение или друг документ за информирање на јавноста издадени од надлеќни државни органи, установи или други правни лица, соопштение или друг службен документ од истраги за сторени кривични дела или прекршоци;...“

[55] Според член 9 став 3 од ЗГОНК: „По исклучок од ставовите (1) и (2) на овој член, товарот на докажување паѓа врз тужителот кој како носител на јавна функција има законска должност да даде објаснување за конкретни факти кои најнепосредно се поврзани или се од значење за вршењето на неговата функција, ако тужениот докаже дека имал основани причини за изнесување на тврдење што е од јавен интерес.“

**<u>Образложение</u>**: Основниот суд Струмица пресудил дека тужената не можела да одговара за клевета бидејќи преку давањето на спорните изјави таа не изнела никакви наводи за тужителката со што би ѝ нанела штета на честа и угледот. Наместо тоа, таа ја формулирала нејзината изјава во прашална форма и на тој начин изразила одреден сомнеж. Како заклучок, немало невистинити факти презентирани од страна на тужената како важен елемент за утврдување на граѓанска одговорност за клевета и следствено, тужбата на тужителката била одбиена како неоснована.

**<u>Коментар</u>**: Причините што ги навел првостепениот суд за одбивање на тужбата на тужителката се засновале на домашните законски одредби. Сепак, по сопствената проценка на фактите на случајот, Основниот суд Струмица не го признал постоењето на јавен интерес да расправа за можна злоупотреба на државната служба од страна на владејачките политички партии и потребата да се даде повисока заштита на политичкиот говор, особено кога тој се манифестира со цел да се отвори дебата за прашања од легитимен јавен интерес. Како резултат на тоа, иако исходот на случајот не довел до повреда на слободата на изразување, образложението на самата пресуда било недоволно и не било во согласност со стандардите на ЕСЧП.

**2П5-27/16, Основен граѓански суд Скопје, пресуда од 29 март 2018 година, потврдена од Апелациониот суд Скопје, пресуда од 27 септември 2018 година (ГЖ.бр.3629/18)**

**<u>Факти</u>**: Тужител во овој случај била владејачката политичка партија Демократска унија за интеграција (ДУИ). Таа поднела тужба за клевета против Ључи Даим, шеф на младинскиот форум на опозициската политичка партија Движењето БЕСА. Тужбата се однесувала на неговите изјави дадени пред претставници на повеќе електронски медиуми за време на настан организиран во Старата скопска чаршија на 6 февруари 2016 година. Во таа прилика тој ја критикувал актуелната политика на ДУИ квалификувајќи ја како „злосторство врз Албанците“. Конкретно, тој изјавил дека талентираните млади луѓе се принудени да станат членови на политичката партија ДУИ за да се вработат, а голем дел од нив кои не го исполниле тој услов ја напуштиле државата. Покрај тоа, тој ги обвинил ДУИ дека земале мито од најмалку 5.000 евра за да им обезбедат (државно) работно место. На крајот, тој обвинил и дека откако ќе се вработат, младите биле уценувани на изборите да гласаат за ДУИ како услов да си ја задржат работата.

**<u>Образложение</u>**: Основниот граѓански суд Скопје, без да даде каква било веродостојна аргументација, забележал дека со оспорените изјави тужениот изнесувал невистинити факти за тужителот, кои биле распространети до пошироката јавност и станале достапни за секого. Тој постапил така иако знаел или требало да знае дека тие биле невистинити и можел да ја провери нивната веродостојност пред да ги презентира во јавноста. Од таа причина, Основниот граѓански суд Скопје заклучил дека тужениот свесно ги изнел оспорените изјави со јасна намера да изрази понижувачко мислење со употреба на навредлив и клеветнички јазик што може да го дискредитира авторитетот и угледот на тужителот. И покрај тоа што го потврдил тужбеното барање на тужителот да утврди дека

тој бил наклеветен, Основниот граѓански суд Скопје го одбил барањето за надомест на нематеријалната штета од 10.000 евра. Судот одлучил дека утврдувањето на одговорноста за клевета требало да претставува доволна „лична и морална сатисфакција" за тужителот кој ужива висок авторитет и углед во општествениот живот во земјата.

**Коментар**: Наодите на првостепениот суд во конкретниот случај биле спорни од повеќе причини. Пред сѐ, тој го занемарил правото на опозициските партии да ја коментираат и да ја критикуваат политиката на владејачките партии. Второ, тој создал конфузија за тоа што е фактичко тврдење, а што е вредносен суд, окарактеризирајќи ги спорните наводи како фактички тврдења, кои требало да се докажат. Ваквото барање било невозможно да се исполни, бидејќи според судската пракса на ЕСЧП, вистинитоста на вредносните судови не е подложна на докажување и ја нарушува самата слобода на мислење. Трето, првостепениот суд не препознал никаков јавен интерес во расправата отворена со наводите на тужениот, туку погрешно забележал дека таквите наводи шират омраза кон тужителот.

Освен тоа, првостепениот суд покажал прекумерно почитување на угледот на тужителот додека не успеал да постигне правична рамнотежа помеѓу него и слободата на изразување на тужениот. На пример, формулацијата на неговата изрека да не се додели отштета била исто така проблематична бидејќи таа се однесувала на „лична и морална сатисфакција" за тужителот, иако таквата сатисфакција е поверојатно да им се додели на приватните лица, наместо на правни лица, како што бил тужителот. Сѐ на сѐ, оваа пресуда покажува недостаток на фундаментално разбирање на концептите и принципите на Конвенцијата за слободата на изразување. Конечно, првостепениот суд не го применил соодветното домашното законодавство за клевета, а неговите пропусти не биле исправени на апелационо ниво, бидејќи пресудата била целосно потврдена од повисокиот, апелационен суд.

## 2.4. Форми на изразување различни од политичкиот говор

Освен политичкиот говор, во еден од случаите што се разгледуваат, се препознава и важноста на сатирата како специфична форма на изразување.

### XIX. П5-62/19, пресуда од 10 ноември 2020 година, Основен граѓански суд Скопје, потврдена од Апелационен суд Скопје на 16 декември 2021 година (ГЖ-1178/21)

**Факти:** Тужителот Виктор Канзуров, новинар, поднел тужба за клевета против тужениот Сашо Тасевски, уметник и актер вработен во Драмски театар Скопје, во врска со објава на Фејсбук од 20 јуни 2019 година. Тужениот објавил текст кој бил проследен со видео што го снимил и поставил, а во кое тој пушта песна на бугарски јазик. Во спорниот материјал тој тврдел дека тужителот можеби е платеник на странска тајна служба задолжена да ја поткопува македонската национална свест. Тој навел и дека не тврдел дека тужителот бил платеник, туку едноставно размислувал за темата за тајните служби и плаќањето на нивните соработници. Дополнително, тој го изразил неговото

несогласување со мислењата на тужителот искажани во ТВ емисија дека бугарската национална преродба започнала во Македонија и дека нема да има напредок за Македонците доколку не признаат дека нивните национални херои се всушност Бугари. Притоа, тој ги изразил неговите ставови за некои историски прашања кои биле предмет на билатералниот спор помеѓу Македонија и Бугарија.

**Образложение:** Основниот граѓански суд Скопје утврдил дека тужениот имал намера само да го изрази своето мислење, наместо да го наклевети тужителот и следствено, тој го одбил тужбеното барање за клевета како неосновано. За жал, тој обезбедил оскудно образложение, кое главно било фокусирано на отсуството на намера од страна на тужениот да му наштети на честа и угледот на тужителот.

Апелациониот суд Скопје ја потврдил оваа пресуда со подетално образложение. Поконкретно, тој утврдил дека тужениот го напишал текстот на неговиот личен профил на Фејсбук бидејќи бил поттикнат од мислењата што ги искажал тужителот во ТВ-емисијата *Отворено* што била емитувана на *ТВ Алфа* на 17 јуни 2019 година. Тужениот коментирал дека можеби тужителот бил странски платеник како реакција на коментарите на ТВ гледачите и одговорот на тужителот даден на прашањето на модераторот за време на ТВ емисијата, во која тој негирал дека бил платеник и изјавил дека целиот живот заработувал скромна плата. Така, тужениот го искажал своето мислење само во форма на сатира, бидејќи вообичаено го користел неговиот профил на Фејсбук за да ги промовира неговите сатири, написи и романи, како и стенд-ап настапите и театарските претстави во кои учествувал, но и за да ги искажува неговите лични мислења за политичкиот и општествениот живот на јавните личности во земјата и за да ги критикува актуелните работи кои ја засегаат пошироката јавност.

И покрај тоа што тужениот употребил прилично навредлив и непристоен јазик, Апелациониот суд Скопје не сметал дека имало злобна намера од страна на тужениот да го понижи тужителот и да му наштети на неговата чест и углед. Тој заклучил дека првостепениот суд со право утврдил дека изјавите на тужениот не претставувале факти што може да се докажат, туку субјективни мислења на обвинетиот чија вистина не е подложна на докажување. Во овој контекст, Апелациониот суд Скопје ја зел предвид разликата помеѓу фактичките изјави и субјективните мислења која се прави во судската пракса на ЕСЧП.[56] Со оглед на содржината на исказот на тужениот и начинот на кој е даден, како и неговиот став дека тој не тврдел ништо за тужителот, туку само размислувал и изразувал негово сопствено мислење, Апелациониот суд Скопје заклучил дека не треба да има граѓанска одговорност за навреда и клевета во овој конкретен случај.

---

[56] Исто така било повторено дека иако постоењето на факти може да се докаже, вистинитоста на субјективните мислења не е подложна на докажување. Бидејќи барањето за докажување на вистинитоста на вредносниот суд било невозможно да се исполни, тоа довело до повреда на слободата на мислење како составен дел на членот 10 од Конвенцијата. Од друга страна, дури и субјективното мислење во одредени случаи може да биде казнето доколку тоа не било засновано на ниту една фактичка основа и ако тоа било претерано.

**<u>Коментар</u>**: Ова е пример кога апелациониот суд покажал поголем судски активизам и значително го подобрил образложението дадено од првостепениот суд со цел да ги поткрепи неговите наоди и заклучоци. Така, судот го исполнил условот за обезбедување доволно образложение за домашните судски одлуки кое би било компатибилно со принципите на владеење на правото и правна сигурност. Исто така, тој правилно го применил разграничувањето помеѓу фактичките тврдења и вредносните судови во околностите на овој случај. Она што е уште поважно, и двете судски инстанци кои го испитувале  случајот обезбедиле високо ниво на заштита на говорот, што бил малку провокативен и претеран, ставајќи го во категоријата сатира. Сепак, тие не сметале  дека крајно провокативниот јазик што го употребил тужителот за негирање на македонската нација, исто така, можел да се перцепира и како злоупотреба на слободата на изразување, што е забрането според членот 17 од Конвенцијата.

Конечно, судовите можеле дополнително да ја зајакнат нивната  аргументација потпирајќи се на судската пракса на ЕКЧП која ја дефинира сатирата како форма на уметничко изразување и социјален коментар кој, според неговите инхерентни карактеристики на претерување и искривување на реалноста, природно има за цел да провоцира и агитира. Следствено на тоа, потребно е секое мешање во правото на уметникот или на кој било друг да го користи ова изразно средство, да се испита со особено внимание *(Велш и Силва Кања против Португалија,* став 29; *Еон против Франција,* став 60; *Алвес да Силва против Португалија,* став 27; *Здружение на визуелни уметници против Австрија,* став 33; *Тушалп против Турција,* став 48; *Зиембински против Полска (бр. 2),* став 45; *Хаџијски против Бугарија,* став 51*)*.

## 2.5. Улогата на медиумите

### П5. бр.11/10, Основен суд Штип, пресуда од 17 ноември 2020 година, потврдена од Апелациониот суд Штип, пресуда од 25 март 2021 година (ГЖ-215/21)

**<u>Факти</u>**: Предметот се однесува на тужба за клевета што ја поднел  Петар Колев, шефот на политичката партија Граѓанска демократска унија (ГДУ) против Иванчо Бојаџиски, автор на напис кој бил и главен уредник на локалниот весник „Штипски глас".

Во јануари 2019 година, тужениот напишал дека тужителот, зборувајќи на бугарски јазик, тврдел и во бугарските и во македонските медиуми дека македонската нација не постои и дека навистина Македонците се Бугари. Тој додал и дека на тужителот му се доделувало многу време, односно еден ден неделно на регионалната ТВ Стар да им *попува* на штипјани што е добра, а што лоша политика. Понатаму, тој навел и дека тужителот се борел да стане пратеник на некои наредни парламентарни избори и дека тужителот *„врбува кодоши"*, на кои им бил потребен за да ги оствари своите политички цели. Според тужениот, тужителот немал морал, етика, филантропија или солидарност. Освен тоа, тој напишал и дека тужителот, кој не знаел од која националност е, „охрабрил" еден од општинските советници на Штип, легитимно избран од народот, јавно да ги наклевети оние советници кои не сакале да бидат солидарни според „изопачените" критериуми на

тужителот за солидарност и половина од својот *паушал* да се донира во добротворни цели, како што предложил токму тој советник.

Тужителот пред македонските судови тврдел дека со оспорените изјави тужениот го наклеветил со намера да му нанесе штета на честа и угледот.

Одлучувајќи во прв степен, Основниот суд Штип зел предвид дека тужителот како политичар во последните години повеќе пати се појавувал на национални и регионални ТВ станици, како во Македонија, така и во странство. На пример, тој дал интервју во ТВ-емисијата „Во центар", насловена *„За бугарските пасоши"* и емитувана од македонска ТВ станица. Во таа програма, тужителот изјавил дека ќе зборува на македонски дијалект, бидејќи голем дел од публиката не го изучувал во образованието бугарскиот стандарден јазик. Понатаму, тој признал дека пред неколку години извадил бугарски пасош. Во друга ТВ емисија емитувана од бугарска национална телевизија, зборувајќи на бугарски јазик, тој го изјавил следново: „[По]веќе од 20 години го воспитуваме нашиот помал брат Македонија, се однесувавме апсолутно нежно со него, но во одреден момент тој порасна, стана маж и почна да прави неволји не само дома, туку и на училиште. Отиде и во Брисел и таму направил беља... Треба да го сакаме како помал брат, но понекогаш и да му удриме шамар за да го натераме да биде послушен."

**Образложение**: Основниот суд Штип во неговото образложение нагласил дека ЗГОНК и ЕКЧП го штитат не само правото на изразување туку и правото на сопствено мислење. Според судската пракса на ЕСЧП, печатот и другите медиуми играат значајна улога во почитувањето на правото на слобода на изразување во едно демократско општество како јавен чувар, додека посебен акцент се става на заштитата на изјавите од политичка природа, како и на изјавите за пошироки прашања кои се однесуваат на легитимен јавен интерес.

Со оглед на судската пракса на ЕСЧП за улогата на печатот и земајќи го предвид утврдениот факт дека тужениот бил новинар, Основниот суд Штип забележал дека при остварувањето на нивната слобода на изразување, а особено кога известуваат за прашања од (легитимен) јавен интерес, новинарите можат да користат силни зборови и да го изразат својот став до степен на претерување, па дури и провокација.

Дополнително, бидејќи тужителот бил претседател на политичка партија, Основниот суд Штип сметал дека тој како политичар и јавна личност морал да покаже поголем степен на толеранција кон критика. За разлика од приватните лица, политичарите со своите јавни настапи неизбежно и свесно подлежат на внимателно следење на секој збор и дело, како од новинарите, така и од пошироката јавност. Затоа, дадените изјави за политичарите би можеле да се ограничат само кога тоа е апсолутно неопходно.

Основниот суд Штип понатаму забележал дека изјавите содржани во оспорениот напис не биле дадени со единствена цел да го понижат тужителот како личност или да му наштетат на неговата чест и углед. Напротив, тие биле вредносни оценки, т.е. критички субјективни вредносни судови и тужениот доставил доволно докази за да докаже дека

имало оправдана причина да верува во вистинитоста на субјективните критички вредносни судови што ги објавил. Зборовите што тој ги искажал во писмена форма имале легитимна цел, а таа била преку практикување на слободата на печатот за прашања од јавен интерес да се овозможи јавноста да биде информирана за идеите и позициите на тужителот како лидер на политичка партија, кој тежнеел да биде дел од власта. Тужениот не се осврнал на приватниот живот на тужителот, а имајќи предвид дека тужителот бил јавна личност и политичар, тој морал да покаже поголем степен на толеранција кон критиките за прашања од јавен интерес. Во конкретниот случај, тужениот го дал својот субјективен критички вредносен суд како реакција на провокацијата врз основа на говорот и изјавите на тужителот при неговите јавни настапи во медиумите.

Како заклучок, Основниот суд Штип утврдил дека тужениот не треба да одговара за навреда и клевета и го одбил тужбеното барање на тужителот како неосновано.

Апелациониот суд Штип главно ги повторил наодите на Основниот суд Штип. Притоа, тој истакнал дека кога тужителот прифатил да врши јавна функција и влегол во политиката, тој исто така се ставил себеси во позиција да биде критикуван и да прифаќа критики за неговата работа и јавни настапи, а според тоа требало да има и повисок степен на толеранција. Апелациониот суд оценил дека со оспорените изјави не била причинета штета на политичката партија на тужителот. Самиот тужител како лидер на партија свесно се изложил на внимателно испитување, како од новинарите, така и од пошироката јавност. Како резултат на тоа, тој требало да биде свесен дека неговите зборови и дела ќе имаат влијание и врз неговиот политички рејтинг.

**Коментар:** Во конкретниот случај, домашните судови го потврдиле повисокиот степен на толеранција кон критика што треба да ја покажат политичарите и другите носители на јавни функции, со оглед на нивната положба во општеството и потребата нивната работа да биде под лупа од пошироката јавност. Уште поважно, била истакната значајната улога на печатот како јавен чувар и слободата што треба да им се даде на новинарите да коментираат за начинот на кој политичарите ја извршуваат својата функција, како и за изјавите што ги даваат пред јавноста.

## 2.6. Постапки за клевета во кои се вклучени правни лица (здруженија, компании)

Во неколку граѓански предмети кои беа земени предвид, странки во постапката за клевета биле активисти на невладини организации (НВО). Овие случаи биле можност за домашните судови да ја истакнат улогата на „јавен чувар“, слична на онаа на печатот, што Судот признава дека невладините организации треба да ја играат во едно демократско општество (*Анимал дифендерс интернешнал против Обединетото Кралство* [GC], став 103; *Меџлис Исламске Заједнице Брчко и други против Босна и Херцеговина* [GC], став 86; *Чанги против Турција*, став 35).

Оваа анализа ќе разгледа и неколку случаи во кои практикувањето на слободата на изразување влијаела врз компаниите и деловните субјекти. Во овој поглед, ЕСЧП посочува дека постои разлика помеѓу угледот на поединецот во однос на неговиот/нејзиниот социјален статус, што може да има реперкусии врз неговото или нејзиното достоинство, и комерцијалните репутациски интереси на компанијата, која е лишена од таа морална димензија (*Уј против Унгарија*, став 22; ООО *Регнум против Русија*, став 66). Исто така, тој истакнал дека, покрај јавниот интерес за отворена дебата за деловни практики, постои конкурентен интерес за заштита на комерцијалниот успех и одржливост на компаниите, за доброто на акционерите и вработените, но и за поширокото економско добро (*Стил и Морис против Обединетото Кралство*, став 94).

**П5. бр.9/20, Основен суд Штип, пресуда од 1 јули 2020 година, потврдена од Апелациониот суд Штип, пресуда од 28 април 2022 година (ГЖ-639/21)**

**Факти**: Тужената Кристина Ампева била претседателка на граѓанско здружение кое се залагало за заштита на правата на текстилните работници. Таа била тужена од компанија за производство на чевли, за клевета наводно извршена преку објава на Фејсбук. Во спорниот пост таа тврдела дека отказите на неколку работници од фирмата-тужител ќе бидат поништени бидејќи тие биле дискриминаторски и имале за цел да ги исплашат работниците кои биле бунтовни за да се покорат на раководството на фирмата. Таа заклучила дека оваа компанија требало да се затвори, бидејќи имало сурова експлоатација на работниците и тие не биле соодветно платени.

**Образложение**: Основниот суд Штип ја зел предвид позицијата на тужената како претседателка на НВО, која се стремела да ги разреши проблемите на работниците, како и да ја подигне свеста на работниците за нивните права и да обезбеди нивно учество во подготовка на соодветната законска регулатива. Исто така, таа ги охрабрувала работниците кои се соочуваат со какви било прекршувања на нивните права да ги пријават во здружението. Подоцна вакви претставки биле пријавени до Државниот инспекторат за труд и до Сојузот на синдикати на Македонија (ССМ).

Основниот суд Штип констатирал и дека по нарушувањето на работниот процес во фирмата-тужител имало состанок на кој тужената учествувала заедно со уште двајца вработени. По тој повод бил потпишан договор помеѓу претседателот на ССМ и тужителот. Со него се регулирала исплатата на преостанатите неисплатени плати и дополнителната исплата за оние работници чии примања не ја достигнувале висината на минимална плата. Еден од вработените присутни на состанокот заедно со уште двајца работници добиле отказ, а тоа го натерало тужениот да ја објави спорната објава. Впрочем, последната била објавена во врска со вестите што ги емитувала една регионална ТВ станица во која се информирало за отпуштањата во фирмата-тужител.

Дополнително, Основниот суд Штип внимателно го анализирал целиот контекст во кој биле изнесени наводите на тужената. Конкретно, било истакнато дека во својот пост тужената исто така навела дека биле поднесени над 200 тужби против компанијата-

тужител и дека веќе биле донесени бројни правосилни, правно обврзувачки пресуди во корист на нејзините вработени, но тешко можеле да се извршат. Таа, исто така, навела дека и покрај тоа што тужителката добивала државна помош за исплата на минимална плата, таа продолжила да обезбедува плати на своите вработени во висина од 80% од наведениот минимум.

Понатаму, таа коментирала и дека било срамота за компанијата да ги отпушти вработените со над дваесет години искуство во истата компанија. Имено, само три жени биле обвинети за прекршување на дисциплинските правила поради нивното петдневно отсуство во рок од една година, иако тогаш на сите работници им било кажано од шефот дека не треба да одат на работа бидејќи во моментот немало работа. На крајот од нејзината објава, тужената ги повикала медиумите, невладините организации, Државниот инспекторат за труд и Народниот правобранител, како и синдикатите да застанат зад отпуштените вработени.

Основниот суд Штип оценил дека мешањето било неопходно во едно демократско општество и дека со тоа била постигната правична рамнотежа помеѓу правото на слобода на изразување на тужената, од една страна, и интересот на компанијата-тужител за заштита на нејзиниот углед, од друга страна.

Осврнувајќи се на *Стил и Морис против Обединетото Кралство*,[57] тој истакнал дека тужителот бил голема компанија, чии раководители неизбежно и свесно се подложиле на строг надзор над нивните дела и деловни активности, па така, границите на прифатлива критика се одразиле во случајот со таквите компании и тие треба да толерираат поголем степен на критика. Дополнително, тој го зел предвид и ставот на тужената. Макар што таа ги објавила нејзините зборови преку личниот профил, таа нив не ги напишала во свое лично својство, туку како претседателка на здружение, што опфаќало приближно 7 000 следбеници. Таа јавно не ги споделила наводите поврзани со нејзиното работно место, бидејќи не била вработена во фирмата-тужител, но објавила информации кои ги добила од вработените во фирмата-тужител и преку нејзиното учество на средбите со тужителот и претставниците на ССМ. Со оглед на тоа што нејзиното здружение имало значаен придонес во јавните расправи, Основниот суд Штип оценил дека ова здружение, играјќи улога слична на онаа на печатот, може да се категоризира како социјален чувар.[58]

Понатаму било истакнато и дека ЕКЧП го штити не само правото на слобода на изразување, туку и правото на мислење, при што им се дава посебна заштита на изјавите кои се однесуваат на пошироки прашања од легитимен јавен интерес. Такви биле и прашањата кои се однесуваат на праксата во текстилната и чевларската индустрија.

---

[57] *Стил и Морис против Обединетото Кралство,* бр. 68416/01, став 94, ЕКЧП 2005-II.

[58] Во однос на ова, беше упатено на предметот *Друштво за слободи против Унгарија,* бр. 37374/05, став 27, 14 април 2009 година.

При разгледувањето дали зборовите употребени во објавата на тужената искажувале фактички тврдења или вредносни судови, Основниот суд Штип ја имал предвид содржината на објавениот текст како и начинот на неговото изразување. Оттука, тој заклучил дека спорните зборови не биле изнесени само со цел да се деградира тужителот како правно лице и да се намалат неговата чест и углед, туку тие изнесувале вредносна оценка, т.е. критички субјективен вредносен суд. Ваквата формулација била реакција на написот емитуван на регионална телевизија и го демонстрирала несогласувањето на тужената со отсуството на корпоративна општествена одговорност и неуспехот на фирмата-тужител да ги исполни работничките права на текстилните работници.

Според Основниот суд Штип, текстот бил објавен со добра верба со цел заштита на работничките права бидејќи тужената се сомневала дека тие биле прекршени. Притоа таа всушност им наложила на работниците на кои им се повредени правата да ги пријават повредите во трудовиот инспекторат. Во објавата, тужената го употребила терминот експлоатација во согласност со дефиницијата дадена од Меѓународната организација на трудот (МОТ) за да ги опише условите за работа на вработените кај тужителот, каде што немало редовна исплата на плати и надоместоци. Вториот вредносен суд бил создаден врз основа на информациите добиени од вработените кај тужителот и бил поддржан и од општоприфатената категоризација на текстилната индустрија како една од најкапитално и трудовоинтензивните гранки, во кои нето платите на работниците биле меѓу најниските на државно ниво. Оттука, било утврдено дека тужената имала фактичка основа за да верува дека критичкиот субјективен вредносен суд што го објавила бил вистинит.

Дополнително, Основниот суд Штип забележал дека поради однесувањето на тужителот, кој отпуштил одредени работници кои учествувале во преговорите со ССМ, тужената имала оправдани причини да верува дека тужителот ги отпуштил на дискриминаторски и селективен начин. Тој елаборирал дека репутацијата на секоја компанија се гради преку општествено одговорни однесувања, кои го вклучуваат и односот кон своите вработени. Тој истакнал неколку судски постапки во областа на работните односи против фирмата-тужител во врска со исплата на плати и надоместоци кои завршиле на штета на фирмата- тужител, како и судски постапки за поништување на отказите поради наводно нарушување на работниот ред и дисциплина и работните обврски. Според тоа, тужбата на тужителот била одбиена како неоснована, имајќи предвид дека штетата на угледот на тужителот не била вина на тужената, туку предвидлива последица на неговите сопствени дејствија.

**<u>Коментар</u>**: Накратко, во конкретниот случај, Основниот суд Штип го препознал концептот на социјален „чувар" и него го проширил на невладините организации и нивните претставници. Освен тоа, тој директно се повикал на судската пракса на ЕСЧП што е релевантна за компаниите. Така, тој ги следел случувањата во судската пракса на ЕСЧП. Освен тоа, тој правилно ја применил разликата помеѓу фактичките тврдења и

вредносните судови. Следствено, кога пресудил дека нема граѓанска одговорност за клевета, тој истакнал дека спорните изјави сочинуваат критички вредносен суд, објавен од тужената како претседателка на здружение кое е социјален чувар и со добра верба, бидејќи таа се стремела кон легитимна цел, т.е. да се отвори дебата од јавен интерес за корпоративната општествена одговорност на компаниите.

**9П5-25/19, Основен граѓански суд Скопје, пресуда од 8 јули 2019 година**

**Факти**: Тужителот, приватно трговско друштво Скопски пазар АД, поднел тужба против интернет порталот www.faktor.mk, неговите сопственици, основачи и управители, за три написи објавени на 21 и 23 февруари 2018 година и на 5 март 2018 година во кои работата на компанијата била остро критикувана. Меѓу другото, имало изјави во кои се потврдувало дека компанијата затворила 10 супермаркети, дека некои други објекти биле изнајмени на нејзините поранешни конкуренти, дека друга компанија покренала судска постапка против фирмата-тужител и дека целото раководство на фирмата-тужител се соочило со кривична одговорност за сомнителни акции, итн. Дополнително, се поставило прашањето за способноста на фирмата-тужител да изгради „зелен пазар", кога била во долгови, нејзините вработени преминале во други фирми, а приходите ѝ се намалувале.

**Образложение**: Во конкретниот случај, Основниот граѓански суд Скопје забележал дека содржината на оспорените написи била веќе објавена на други интернет портали и затоа требало да се смета како претходно објавена информација која ја дистрибуирале само тужените. Покрај тоа, тие содржеле вредносни судови кои имале доволна фактичка заснованост, бидејќи заклучоците донесени во тие написи произлегувале од информациите што компанијата-тужител ги ставила на располагање на нејзината веб-страница, вклучувајќи го финансискиот извештај и нејзините јавни повици за продажба и изнајмување на недвижниот имот. Исто така, тие биле поткрепени и со тоа што имало поведена постапка против фирмата-тужител. Основниот граѓански суд Скопје ја имал предвид доктрината утврдена од ЕСЧП во однос на дебатата од јавен интерес, која барала да се биде внимателен кога се интервенира во правото на слобода на изразување. Според тоа, тој заклучил дека спорните написи биле прифатлива критика на деловното работење на компанијата-тужител, со што се отворила расправа од јавен интерес. На крајот, тој се повикал на членот 10 став 1 (1) од ЗГОНК со кој се исклучува граѓанската одговорност за клевета дадена со ширење изјави содржани во оглас или документ објавен од правно лице, кога одлучил дека тужбеното барање на компанијата-тужител треба да се одбие како неосновано.[59]

[59] Соодветните делови од член 10 став (1) од ЗГОНК гласат: „Покрај основите за исклучување на одговорноста за клевета од членот 9, ставови (2), (3) и (4) од овој закон, исклучена е одговорноста за тврдење на факти штетни за честа и угледот на друг што е дадено во научно, книжевно или уметничко дело, во сериозна критика, во вршење на службена должност, новинарска професија, политичка или друга општествена дејност, во одбрана на слободата на јавно изразување на мислата или на други права или при заштита на јавен интерес или други оправдани интереси, ако:

**<u>Коментар:</u>** Основниот граѓански суд Скопје донел уште една пресуда во согласност со судската пракса на Судот во Стразбур. Од друга страна, тој не се осврнал директно на релевантните стандарди на ЕКЧП, како што се, на пример, оние кои бараат приватните компании да се воздржат од покренување постапки за клевета, бидејќи нивните деловни активности треба да бидат подложени на внимателна контрола од јавноста, и како резултат на тоа, границите на прифатлива критика за нивното работење треба да бидат пошироки и да толерираат поголем степен на критика.

### 2.7. Постапки за клевета кои вклучуваат академски истражувачи

ЕСЧП зазел став дека академските истражувачи (види *Башкаја и Окчуоглу против Турција* [GC], став 61-67; *Кенеди против Унгарија*, став 42; и *Гилберг против Шведска* [GC], став 93) и автори на литература за прашања од јавен интерес (види *Шови и други против Франција*, став 68, и *Линдон, Очаковски-Лоренс и Јули потив Франција*[GC], став 48) треба да уживаат подеднакво високо ниво на заштита како НВО и печатот.

Во еден од предметите што се однесуваа на слободата на изразување на универзитетските професори, VII П5-83/16, Основен граѓански суд Скопје, пресуда од 12 април 2018 година, потврдена од Апелациониот суд Скопје, пресуда од 13 февруари 2019 година (ГЖ-117/19), судовите го отфрлиле тужбеното барање за навреда поднесено од проф.д-р Александар Климовски, универзитетски професор на Правниот факултет во Скопје, против новинарката која бил авторка на спорниот ТВ прилог, главниот и одговорен уредник на информативните вести на ТВ Телма и сопственикот на таа телевизија.

**<u>Факти</u>**: Тужителот тврдел дека тој бил навредуван бидејќи во спорниот извештај се тврдело дека изјавите што тој ги дал во интервју го покажале неговото фундаментално недоволно познавање и на домашното и на меѓународното право, што можело да доведе до прашање дали тој бил компетентен во својата област на експертиза. Всушност, во овој извештај на јавноста ѝ биле претставени различни коментари за изјавите на тужителот дадени во интервјуто (кое го пренеле повеќе медиуми на интернет), во кое тој го критикувал евентуалното преземање на македонската нафтена компанија од страна на компанија регистрирана со седиште во Лондон, а која била сопственик на ТВ Телма.

**<u>Образложение</u>**: Основниот граѓански суд Скопје оценил дека новинарката при подготвувањето на оспорениот тв-прилог имала на располагање доволно релевантни податоци и постапувала согласно професионалните стандарди на новинарската професија. Во тој прилог, таа ја изнела професионалната биографија на тужителот и

---

1) се изнесува или пронесува **тврдење што е содржано во соопштение, одлука или друг документ на државен орган, установа или правно лице,** или е изнесен на јавен собир, во судска постапка или друга јавна манифестација на активноста на државни органи, установи, здруженија или правни лица или се пренесува тврдење што е јавно соопштено од друг;...“

неговите мислења изнесени во интервјуто, но и ставовите на други правни експерти. Било констатирано дека новинарката не ја пречекорила маргината предвидена во членот 10 од ЕКЧП, бидејќи додека го остварувала правото на слобода на изразување таа не постапила на штета на правата на тужителот. Понатаму, по неговиот јавен настап и при искажувањето на сопствените мислења во врска со прашања од јавен интерес за граѓаните, тужителот требало да биде подготвен да прифати дека одредени прашања за кои предизвикал дебата ќе бидат анализирани и од други правни експерти кои можеби имаат различни мислења. Впрочем, новинарката известувала за ваквите мислења во нејзиниот ТВ прилог.

**Коментар**: Основниот граѓански суд Скопје првенствено се фокусирал на слободата на печатот имплицитно применувајќи го концептот на новинарски должности и одговорности, додека тој ја занемарил улогата на универзитетските професори како „јавни чувари" кои можат да дадат значаен придонес во дебатата за прашања од интерес на јавноста, како што се подразбира во релевантната судска пракса на ЕКЧП.

**VII П5-51/17, Основен граѓански суд Скопје, пресуда од 28 декември 2018 година, потврдена од Апелациониот суд Скопје, пресуда од 21 мај 2020 година (ГЖ-22/20)**

**Факти**: Тужителот Драги Змијанац, кој е претседател на невладина организација за правата на децата, поднел тужба против проф. д-р Мирјана Најчевска, професорка на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања. Тој тврдел дека таа го навредила со тоа што на својот Фејсбук профил искажала понижувачко мислење против него.

На 25 јуни 2017 година, тужената објавила напис на нејзиниот официјален блог во кој таа ја коментирала статијата претходно објавена од ЛГБТИ активист за човекови права, каде што се дискутирало за детската сексуалност и педофилија, исто така и од аспект на личното минато на авторот како сексуално злоупотребуван со оглед на тоа што тој самиот како дете била жртва на сексуално насилство. Тужената во нејзиниот напис тврдела дека во Македонија немало минимални услови за да се отвори расправа за ова прашање.

На 26 јуни 2017 година, тужителот го споделил текстот објавен на официјалниот Фејсбук профил на неговата организација, во кој се наведувало дека канцеларијата на Народниот правобранител ќе биде информирана за спорниот напис на ЛГБТИ активистот. Истиот ден, тужената на својот личен фејсбук профил објавила дека тужителот не требало да навлегува во оваа дебата бидејќи таа ги надминувала неговите интелектуални капацитети. Таа понатаму додала дека ова е најглупавата работа што тој ја направил меѓу многу други во последните неколку години. Покрај тоа, таа ја критикувала работата на организацијата што ја водел тужителот, тврдејќи дека немала разбирање за концептот на човековите права, како и за концептот за заштита на правата на децата. Дополнително, таа ги обвинила и вработените во организацијата дека се конзервативни популисти кои бранеле позиции блиски до тогашната владејачка партија ВМРО-ДПМНЕ.

**<u>Образложение</u>**: Тужбеното барање за клевета било одбиено како неосновано. Во неговата оценка, Основниот граѓански суд Скопје зел предвид повеќе елементи, меѓу кои содржината на спорната изјава, контекстот во кој таа била дадена, како и конкретните околности на инволвираните. Тој заклучил дека тужената не ја надминала границата на слободата на изразување, која е предвидена со член 10 од ЕКЧП, без оглед на тоа што таа употребила остри зборови во својата објава на Фејсбук. Имено, нејзините изјави биле дадени во рамки на дебата за прилично чувствителни прашања од јавен интерес на која биле искажани контрадикторни мислења.

Основниот граѓански суд Скопје оценил дека тужената ги насочила своите изјави на сериозна критика кон работата на организацијата на тужителот и нејзиниот интерес не бил насочен кон личноста на тужителот како таква, туку кон неговите мислења и позициите што ги застапувала неговата организација. Според Основниот граѓански суд Скопје, и покрај тоа што тужената искажала сериозно негативно мислење, нејзината намера не била да го понижи или омаловажи тужителот, а со тоа да ги наруши неговата чест и углед.

Понатаму, било забележано дека со оглед на нивните позиции во општеството, поединците вклучени во јавната дебата треба да бидат свесни дека понекогаш би биле изложени на построги критики и негативни мислења. Затоа, од нив се барало да покажат повисок степен на толеранција во корист на легитимната цел на слободата на изразување за теми од општ интерес за кои јавноста има право да биде информирана.

**<u>Коментар</u>**: Основниот граѓански суд Скопје покажал солидно разбирање на концептот на дебата за прашања од јавен интерес. Тој истакнал дека истото секогаш треба да се охрабрува во едно демократско општество, без оглед на тоа колку сурова може да биде формулацијата што ја користат некои од учесниците. Сепак, тој ја пропуштил можноста да нагласи дека универзитетските професори и креаторите на јавното мислење, како што е тужената, како и невладините организации и нивните претставници, како што бил тужителот, всушност треба да ја играат улогата на јавни чувари во однос на прашањата од интерес на јавноста. Во тој поглед, тој, исто така, можел да го подобри неговото образложение преку повикување на релевантната судска пракса на ЕСЧП во која се наведува дека здруженијата се отворени за контрола кога ќе влезат во арената на јавната дебата (*Ерусалим против Австрија*, став 38). Откако ќе бидат активни во јавниот домен, тие мора да покажат повисок степен на толеранција кон критиките направени од противниците за нивните цели и средствата употребени во таа дебата (*Патурел против Франција*, став 46).

**X П5-62/20, Основен граѓански суд Скопје, пресуда од 21 јули 2021 година, потврдена од Апелациониот суд Скопје, пресуда од 2 февруари 2022 година (ГЖ-3953/21)**

**<u>Факти</u>**: Тужителот, издавачката куќа КОХА, тврдела дека тужениот, Институтот за духовно и културно наследство на Албанците, треба да одговара за клевета поради клеветничките

и невистинитите изјави на неговиот директор Скендер Асани преку јавно писмо што било објавено на интернет-порталот за вести www.lider.com. Во тој допис, директорот на Институтот ја критикувал компанијата-тужител за употреба на антисемитски јазик и неоправдана критика за работата на Институтот, давајќи им простор на изјавите на политичките претставници кои наводно ширеле говор на омраза прашувајќи како е можно Институтот за духовно и културно наследство на Албанците да биде трансформирано во Институт за холокауст и протестантство. Дополнително, директорот на Институтот тврдел дека антисемитизмот на компанијата-тужител станал алатка за заплашување и одвраќање на раководството на Институтот од понатамошно истражување на Холокаустот.

**Образложение**: Основниот граѓански суд Скопје ги потврдил стандардите на ЕКЧП во однос на слободата на изразување. Тој истакнал дека оваа слобода ја вклучува и слободата на мислење како апсолутно право и како предуслов за уживање на слободата на изразување, како и слободата на ширење информации и идеи, што е релативно право важно за развојот и унапредувањето на демократските процеси во едно општество. Тој потенцирал дека плурализмот на идеи, толеранцијата и широкоумноста, без кои нема демократско општество, со што се препознава важноста на слободата на изразување, без разлика на формата, и дали таа е пренесена од личност, група или од кој било медиум. Исто така, Основниот граѓански суд Скопје се повикал на ограничувањата на слободата на изразување од став 2 од член 10 од ЕКЧП.

Основниот граѓански суд Скопје ја признал разликата помеѓу факти и вредносни судови, при што мора да се докаже постоењето на факти, а вистинитоста на вредносните судови не е подложна на докажување. Тој, исто така, сметал дека од содржината на текстот во целина, произлегува дека спорната изјава претставувала критичко вредносно мислење на директорот на Институтот што е прифатливо во едно демократско општество, бидејќи таа покренала дебата од јавен интерес, иако постоел одреден степен на претерување или дури и провокација. Понатаму, тој се повикал на пристапот на Судот заземен во *Лингенс против Австрија* дека слободата на изразување се однесува не само на информациите или идеите кои се поволно примени или се сметаат за ненавредливи или како прашање што покренува рамнодушност, туку и за оние кои навредуваат, шокираат или вознемируваат.[60]

На ист начин, Основниот граѓански суд Скопје сметал дека треба да се покаже повисок степен на толеранција во случаи како овој, бидејќи спорните зборови требало да бидат изложени на критичко испитување и од новинарите и од пошироката јавност. Како резултат на тоа, тој го одбил тужбеното барање на тужителот. Тој утврдил дека спорната изјава, во која бил изразен критички став за работата на тужениот, придонела да се

---

[60] *Лингенс против Австрија*, 8 јули 1986 година, став 41, Серија А бр. 103

покрене дебата за прашања од јавен интерес кои се однесувале на теми кои се од значење за граѓаните од албанско етничко потекло.

**<u>Коментар</u>**: Оваа пресуда е добар пример за случај во кој домашните судови ја препознале важноста на дебатата за прашања од јавен интерес во која се вклучени и медиумите и другите засегнати страни во едно демократско општество, како што се претставниците на истражувачки институти. Сепак, судовите што одлучувале за случајот експлицитно не ја истакнале  улогата на академската заедница како јавен чувар, што треба да биде истоветна како и улогата на печатот.

### 2.8. Висина на обесштетувањето и одвраќачки ефект

Прашањето дали имало прекршување на член 10 од ЕКЧП е тесно поврзано со прашањето дали таквото мешање произведува одвраќачки ефект врз остварувањето на правото на слобода на изразување.

ЕСЧП јасно ставил до знаење дека домашните судови треба да се воздржат од наложување на тужените да платат отштета кога тоа индиректно би го задушило остварувањето на слободата на изразување на поединецот. Одвраќачкиот ефект на отштетата е, на пример, препознаен во оние случаи на клевета каде што обесштетувањето за кое е наложено да се исплати веројатно ќе го обесхрабри засегнатото лице да изнесува какви било слични критики во иднина (*Стојановиќ против Хрватска*, став 39).

ЕСПЧ, исто така, поставил одредени параметри кои би можеле да бидат корисни за домашните судови при определувањето на висината на надоместот што треба да се додели како финансиска отштета за претрпената штета на честа и угледот на поединецот. На пример, она што може да биде клучно за Судот кога ја оценува пропорционалноста на надоместот е дали износот досуден за оштета може да има сериозни последици за економската ситуација на апликантот (за отсуство на штетни ефекти од надоместокот за отштета, види *Делфи АС против Естонија* [GC], став 161; за несразмерната природа на паричната награда во светлина на економската ситуација на апликантот, види *Касабова против Бугарија,* став 43, и *Тлмачев против Русија,* став 53-55). Судот, исто така, може да се повика на одредени референтни вредности, како што е минималната плата во сила во предметната тужена држава (*Толмачев против Русија,* став 54).

Членовите 15[61] и 16[62] од ЗГОНК ја обезбедуваат домашната правна основа за доделување отштета во постапките за клевета.

Анализираната домашна пракса покажува дека има намалување на износите на отштета досудена за клевета, во однос на претходните случаи. Ова е случај и кога барањата за обесштетување ги поднеле политичари од владејачките партии или други носители на јавни функции. Дополнително, судовите имаат тенденција да избегнуваат целосно да го уважат барањето поднесено од тужителите во овој поглед. Во спротивно, тие доделуваат помали износи на отштета од оние што ги бараат тужителите.

На пример, во еден случај на тужениот, поранешен премиер, му било наложено да му плати на тужителот, политичар од владејачката партија, сума од 60.000 македонски денари (околу 1.000 евра).[63] Ова претставува еден од највисоките износи досудени за нематеријална штета во сите предмети кои се разгледани за целите на оваа анализа.

Во друг случај, кој исто така се однесуваше на политички говор, по пресудување во корист на тужениот, надлежниот суд му досудил 30.000 македонски денари (околу 500 евра) за претрпената нематеријална штета.[64]

Во трет случај, каде што успешниот тужител ѝ припаѓал на владејачката политичка партија, првостепениот суд го уважил неговото барање за обесштетување од 1 евро бидејќи сметал дека тоа би претставувало симболичен надомест на штетата.[65] Ова покажува нов развој во домашната судска пракса, но и повисоко ниво на разбирање на слободата на изразување од страна на тужителот, кој бил политичар.

---

[61] Според член 15 од ЗГОНК „(1) Надоместување на нематеријална штета за навреда се досудува само ако сторителот на навредата не се извинил и јавно не ја повлекол навредливата изјава или ако ја повторил навредата по судската одлука со која се забранува такво повторување.

(2) Висината на паричното надоместување на штетата треба да биде пропорционална со штетата нанесена на угледот на оштетениот и при нејзино одредување судот треба да ги земе предвид сите околности на случајот, ..., како и имотната состојба на тужениот.

(3) Надоместувањето на докажаната материјална штета може да се состои од парично надоместување на вистинската штета и на изгубената добивка."

[62] Слично како во член 15, и во член 16 од ЗГОНК се пропишува дека надоместокот на штета за клевета „(1) треба да биде пропорционално со предизвиканата штета и да ја опфаќа нематеријалната штета нанесена на честа и угледот на оштетениот, како и докажаната материјална штета како вистинска штета и изгубена добивка. (2) При одредување на износот на паричното обештетување, судот треба да ги земе предвид сите околности на случајот, ..., како и имотната состојба на тужениот...

(4) Заради намалување на штетата, тужениот може да докаже дека се извинил, понудил извинување или на друг начин направил сериозен обид да ги отстрани штетните последици на клеветата."

[63] VII П5-6/18, пресуда од Основниот граѓански суд Скопје од 28 декември 2018 година, потврдена од Апелациониот суд Скопје, пресуда од 15 мај 2019 година (ГЖ-1554/19)

[64] Види во П5-4/18, Основен суд Гостивар, пресуда од 27 мај 2019 година, потврдена од Апелациониот суд Гостивар, пресуда од 27 август 2019 година

[65] III П5-4/17, Основен суд Куманово, пресуда од 18 мај 2018 година, вратена на повторно судење од Апелациониот суд Скопје, пресуда од 3 мај 2019 година (ГЖ-5479/18); III П5-4/19, Основен суд Куманово, пресуда од 5 јули 2019 година, потврдена од Апелационен суд Скопје, пресуда од 24 март 2021 година (ГЖ-629/20).

Сепак, вреди да се спомене дека според судската пракса на ЕСЧП, во одредени случаи, судската изрека за плаќање отштета, дури и во симболични суми, може да има рестриктивно влијание и одвраќачки ефект врз уживањето на правото на слобода на изразување и затоа тоа може да се смета како форма на неоправдано мешање во тоа право, и покрај тоа што е релативно лесно (*Бразије против Франција*, став 43; *Патурел против Франција*, став 49; *Дежардин против Франције*, став 51).

Мало намалување, во однос на досегашната пракса, може да се забележи и кај износите досудени како обесштетување во постапки поведени од политичари против новинари. На пример, на Македонската асоцијација на новинари (МАН) ѝ било наложено да плати 61.690 македонски денари (приближно 1.000 евра) поединечно за секој од тужителите, поранешен министер и нејзиниот сопруг, висок полицаец.[66] Ваквата изрека за обесштетување покажува дека домашните судови ја примиле пораката испратена во пресудата *Костова и Апостолов*.[67]

Во две одделни постапки, во кои биле истакнати барања за клевета поднесени од и против медиумски актери, истиот првостепен суд донел поинаква одлука за тоа дали ќе биде неопходно да се досуди отштета. Во првата постапка тој им наложил на издавачката куќа и нејзиниот главен уредник да платат 500 евра, односно 300 евра.[68] Во втората постапка се сметало дека утврдувањето на граѓанска одговорност за клевета само по себе би претставувало соодветна правична отштета во однос на нематеријалната штета што ја претрпел тужителот.[69] Во друг случај кога жена новинар била навредувана од нејзин колега, кој бил уредник на интернет портал, друг првостепен суд на тужителката ѝ досудил 10.000 македонски денари (околу 165 евра), што тој сметал дека претставува правичен паричен надоместок.[70]

Спротивно на тоа, во неколку други случаи, домашните судови утврдиле дека треба да има граѓанска одговорност за клевета, но тие ги одбиле барањата за компензација во однос на нематеријална штета, сметајќи дека наодот за граѓанска одговорност за клевета самиот по себе треба да се смета како доволна лична и морална сатисфакција за тужителот, без потреба да се досуди каков било паричен надомест.[71] Слично на тоа, во

[66] 39П5-45/19, Основен граѓански суд Скопје, пресуда од 19 март 2019 година, поништена од Апелациониот суд Скопје, пресуда од 19 мај 2020 година (ГЖ-2969/19) и потврдена од Врховниот суд, пресуда од 2 ноември 2021 година (Рев2.бр.399/2020)

[67] *Костова и Апостолов против Северна Македонија, бр. 38549/16, 5 април 2022 година.* За повеќе детали за оваа пресува, видете подолу во Поглавје 5: Безбедност на новинарите, дел 5.4.2: Политичарите против новинарите.

[68] VII П5-58/16, Основен граѓански суд Скопје, пресуда од 18 октомври 2017 година, потврдена од Апелациониот суд Скопје, пресуда од 27 септември 2018 година (ГЖ-3601/18)

[69]27. П5-31/20, Основен граѓански суд Скопје, пресуда од 16 јуни 2021 година, потврдена од Апелациониот суд Скопје, пресуда од 2 февруари 2022 година (ГЖ-3977/21)

[70] П5-4/18, Основен суд Охрид, пресуда од 10 јануари 2019 година, потврдена од Апелациониот суд Битола, пресуда од 17 мај 2019 година (ГЖ-801/19)

[71] На пример, видете го случајот бр. 2П5-6/17, Основен граѓански суд Скопје, пресуда од 25 септември 2019 година, потврдена од Апелационен суд Скопје, пресуда од 22 април 2021 година (ГЖ-1592/20); и 2П5-27/16,

некои случаи, првостепениот суд кој ги разгледувал случаите сметал дека прифаќањето на тужбеното барање на тужителот за клевета треба да се смета како правичен надомест во однос на нематеријалната штета.[72]

Покрај тоа, има и примери каде што судовите ги одбиле барањата за обесштетување со истата аргументација, т.е. дека утврдувањето на одговорност за клевета само по себе ќе претставува доволна лична и морална сатисфакција за тужителот. Наместо да досудат отштета, тие му наложиле на тужениот да го објави диспозитивот од пресудата на истата страница(и) како и спорниот напис, со што го уважиле барањето на тужителот во тој поглед.[73]

Конечно, во некои случаи каде што биле инволвирани приватни лица, надлежниот суд досудил прилично ниска сума од 80 евра како надомест за клеветата направена на интернет.[74] Всушност, ова е еден од ретките случаи што се анализираат во кои судот што го разгледувал барањето за надомест на штета ја зел предвид економската состојба на тужената, фактот дека таа и нејзиниот сопруг биле невработени и дека таа не остварила никаков приход. Налогот за надомест на штета бил дополнително оправдан со фактот дека таа веќе го отстранила коментарот објавен на интернет, како и дека тужената му се извинила на тужителот за нејзините клеветнички изјави.

Може да се заклучи дека постои очигледен тренд кон намалување на нивото на надомест што се доделува во случаите за клевета, во согласност со судската пракса на ЕСЧП. И покрај тоа, се чини дека нема единствен пристап ниту во различни судови низ државата ниту во исти судови. Затоа, ќе биде неопходно да се размисли за воведување одредени јасни критериуми, па дури и табела за отштета што треба да се додели во одредени видови случаи, во зависност од видот на говорот, контекстот во кој се дадени изјавите, како и лицата кои се вклучени.[75] Оваа табела може да послужи како корисна практична

---

Основен граѓански суд Скопје, пресуда од 29 март 2018 година, потврдена од Апелационен суд Скопје, пресуда од 27 септември 2018 година (ГЖ.бр.3629/18)

[72] 9 П5-61/18, Основен граѓански суд Скопје, пресуда од 22 април 2019 година, потврдена од Апелациониот суд Скопје, пресуда од 9 октомври 2019 година (ГЖ-3569/19)

[73] II П5-3/17, Основен граѓански суд Скопје, пресуда од 17 декември 2018 година, потврдена од Апелациониот суд Скопје, пресуда од 29 мај 2019 година (ГЖ-1733/19)

[74]III П5-3/19, Основен суд Куманово, пресуда од 1 ноември 2019 година

[75] Се чини дека во пракса, најголемите македонски судови кои постапуваат по голем број тужби за клевета и навреда веќе имаат креирано табели, иако повеќето од нив не се достапни на јавноста.. Ова го потврдија и дел од учесниците на фокус групата за прашања од граѓанско право што се одржа на 6 октомври 2022 година. Дополнително, ваква табела има објавено и Апелациониот суд Битола на својата официјална веб-страница. Ова може да се смета како одличен чекор напред во насока на зајакнување на транспарентноста и довербата на јавноста во работата на конкретната институција. Погледнете ја *Табелата на досудени износи на име справедлив паричен надомест за претрпена штета од навреда и клевета,* достапна на: http://www.vsrm.mk/wps/wcm/connect/asbitola/980b8dd2-a24e-4eb1-983a-44599139ca23/Tabela_navreda_i_kleveta.pdf?MOD=AJPERES&CACHEID=ROOTWORKSPACE.Z18_L8CC1J41L088F0A1K8MT8K00B1-980b8dd2-a24e-4eb1-983a-44599139ca23-lLTJoRP. Сепак, треба да се размислува за надградба или ажурирање на постојните табели, така што тие би ги содржеле сите релевантни критериуми на ЕКЧП неопходни за пресметување на надоместокот во случаи на навреда и клевета.

алатка за да ги поучи и да им помогне на судиите во пресметката на отштетата што треба да се досуди во конкретните околности на даден случај. Така, таа би можела да го олесни и усогласувањето на судската пракса на домашно ниво.

### 2.9. Привремени мерки (забрани)

Што се однесува до привремените мерки (забрани), Европскиот суд за човекови права истакнал дека општо земено, со членот 10 не се забрануваат претходните ограничувања за објавување. Сепак, опасностите својствени на претходните ограничувања се такви што бараат највнимателна контрола од страна на Судот. Ова особено се однесува на печатот, бидејќи вестите се „расиплива стока" и одложувањето на нивното објавување, дури и за краток период, може да го лиши од сета своја вредност и интерес (*Обсервер и Гардијан против Обединетото Кралство*, став 60 и *Кумпана и Мазаре против Романија* [GC], став 118). Затоа, таквите ограничувања мора да бидат дел од правната рамка која обезбедува и строга контрола врз опсегот на забраната и ефективна судска контрола за да се спречат какви било злоупотреби (*Ахмет Јилдирим против Турција*, став 64).

Во одредени случаи, Судот нагласил дека тој мора да спроведе внимателно разгледување на процедуралните заштитни мерки вградени во системот, за да се спречат произволни навлегувања во слободата на изразување, и ги испитал обемот и времетраењето на привремената забрана, образложението, и способноста да се оспори мерката пред таа да биде усвоена (*Чумхуријет Вакфи и други против Турција*, став 61-74).

Судот бил особено внимателен во случаите што се однесуваат на општа и апсолутна забрана за објавување како средство за заштита на угледот на другите или за одржување на авторитетот на судството, како и во други случаи каде што или изречената санкција претставувала форма на цензура со намера да го обесхрабри печатот да изразува критика (*Бедат против Швајцарија* [GC], став 79) или суспензијата на објавување или дистрибуција на весници, која се сметала за неоправдана дури и за краток временски период, претставувала форма на цензура (*Ирпер и други против Турција*, став 44 и *Ѓузел и Озер против Турција*, став 63).

Членот 23 од ЗГОНК предвидува можност за изрекување привремени наредби, но само кога се исполнети прилично строги барања. Оваа одредба гласи вака:

**Привремени судски забрани**

**Член 23**

(1) Со поднесувањето на тужба за утврдување на одговорност и надоместување на штетата, оштетениот може да поднесе до надлежниот суд барање за одредување на привремена судска мерка што се состои во забрана на натамошно објавување на навредливите или клеветничките изјави.

(2) Барањето треба да содржи основи на верување кои упатуваат на навредливиот или клеветничкиот карактер на изјавата и нејзината штетност за честа и угледот на оштетениот.

(3) Привремена мерка на забрана за натамошно објавување судот ќе донесе само ако е навредливата или клеветничката изјава веќе објавена и ако е основано уверен дека со нејзиното натамошно објавување ќе биде предизвиката непоправлива нематеријална или материјална штета за оштетениот.

(4) Судот ќе одлучи со решение за изрекување на привремена забрана во рок од три дена од доставувањето на барањето. Забраната се однесува само на конкретната навредлива или клеветничка изјава.

(5) Судот ќе го одбие барањето од ставот (1) на овој член ако не содржи доволно основи на верување дека се однесува на навредлива или клеветничка изјава која е штетна за подносителот, или ако судот смета дека во конкретниот случај постојат основи за исклучување на одговорноста за навреда или клевета. Против решението подносителот на барањето има право на жалба до повисокиот суд во рок од три дена од неговото доставување.

Три случаи се избрани за анализа во овој дел. Во првиот случај, надлежниот првостепен суд го одбил барањето за привремена мерка. Во вториот случај, ваквото барање било уважено. Во третиот случај, барањето било првично одобрено од првостепениот суд, а подоцна одбиено од апелациониот суд.

**VII П5-34/19, Основен граѓански суд Скопје, пресуда од 18 јули 2019 година**

**Факти**: Лекарската комора на Македонија поднела барање до првостепениот суд да се изрече забрана за објавување на сите содржини на Фејсбук профилот на д-р Јадранка Бибан. Ваквото барање било поднесено како дополнување на барањето на тужителот за јавно извинување и повлекување на објавите на Фејсбук од 1, 2, 19 и 20 март 2019 година.

Во своите објави од 1 и 2 март 2019 година, тужената напишала дека официјалните претставници на Лекарската комора на Македонија треба да престанат да ја користат оваа професионална организација како инструмент за манипулирање со јавноста и дискредитација на лекарската професија. Таа изјавила дека не можат да ја преплашат и да ја замолчат, бидејќи ја кажувала вистината. Таа употребувала остри зборови и кон колегите од Лекарската комора на Македонија, окарактеризирајќи ги како најтешка болест на здравствениот систем и обвинувајќи ги за малтретирање и влевање страв кај стотици лекари, уривање на лекарската професија и уништување на здравјето на луѓето.

Дополнително, во својата објава од 19 март 2019 година таа напишала дека министерот за здравство, д-р Венко Филипче, и претседателката на Лекарската комора на Македонија, д-р Калина Гривчева Старделова, гостувајќи во емисијата *360 степени* емитувана на ТВ Алсат-М се заканиле дека ќе ја казнат поради нејзиното критичко мислење за функционирањето на здравствениот систем. Таа ја повикала претседателката

на Лекарската комора на Македонија да се појави на јавна дебата заедно со неа за да може да ја опише нејзината работа, бидејќи претседателката се прашувала кој ја следи нејзината работа. Во својата објава од 20 март 2019 година таа напишала дека било скандал тоа што раководството на Лекарската комора на Македонија дистрибуирало јавно писмо во кое ги повикува медиумите да не поканувaaт како гости лекари кои имаат свое мислење за тоа како треба да функционира здравствениот систем.

Објавите на тужената уследиле по соопштението за печат издадено од тужителот, кое било објавено од повеќе медиуми и ја прикажувало тужената како неспособна и нестручна за темите за кои разговарала за време на нејзиното појавување во ТВ-емисијата *Најдобриот совет*. Во таа прилика таа зборувала за недостатоците на здравствениот систем и дала свои видувања како тие да се разрешат. Исто така, во соопштението било побарано медиумите да имаат предвид дека тужената и уште неколку лекари со своите настапи ја дезинформирале јавноста, ширеле лажни или невистинити информации, и како резултат на тоа го загрозиле јавното здравје.

**Образложение**: Според Основниот граѓански суд Скопје, тужената немала за цел да го наруши угледот на тужителот, но реагирала на соопштението. Како резултат на тоа, тој го одбил барањето за издавање забрана. Судот образложил дека не биле исполнети условите за уважување на барањето, како што е предвидено во член 23 од ЗГОНК.[76] Основниот граѓански суд Скопје оценил дека, спротивно на законските одредби, барањето на тужителот било насочено кон општа и непрецизна содржина на изјавите на тужената како забрана за какви било текстови и содржини кои ќе бидат објавени на Фејсбук профилот на тужената. Оттука, тоа се однесувало на какви било идни, имплицирани текстови што можеле да му наштетат на угледот на тужителот. Дополнително, било ставено под знак прашалник како ќе се изврши бараната забрана, со оглед на тоа што спорните изјави биле дадени на Фејсбук профилот на тужената.

**Коментар**: Во принцип, одлуката за која станува збор била во согласност со стандардите на ЕСЧП и причините наведени за одбивање на барањето за привремена забрана биле доста добро оправдани од страна на Основниот граѓански суд Скопје. Сепак, правното образложение можело да биде поубедливо доколку се упатувало на судската пракса на ЕКЧП, која утврдува дека, иако членот 10 не забранува претходни ограничувања за објавување како такви, опасностите својствени на претходните ограничувања се такви што тие повикуваат на највнимателна проверка од страна на судовите. Иако според мислењето на Судот ова е особено во однос на печатот (*Обсервер и Гардијан против Обединетото Кралство*, став 60; види исто така и *Кумпана и Мазаре против Романија*

[76] Како што е предвидено во одредбата, барањето треба да има за цел да се изрече забрана за натамошно објавување на навредливите или клеветничките изјави (став 1), а забраната да се однесува само на конкретната навредлива или клеветничка изјава (став 4). Исто така, условот за изрекување на таква забрана е навредливата или клеветничка изјава да биде веќе објавена (став 3), како и дека оштетената страна има основа да верува дека нејзиното натамошно објавување ќе предизвика непоправлива нематеријална или материјална штета на оштетената страна.

[GC], став 118), вреди да се забележи дека таквите опасности се подеднакво релевантни за околностите на случајот, каде што објавувањето е направено на интернет. Според тоа, домашните судови можеле да го земат предвид ставот на Судот дека наредбите кои имале карактер на прилично општа и апсолутна забрана за објавување како средство за заштита на угледот на другите би можеле да претставуваат форма на цензура наменета да го обесхрабри давањето критики.

**П5-1/16, Основен суд Гостивар, пресуда од 4 август 2016 година, потврдена од Апелациониот суд Гостивар на 26 јануари 2017 година (ГЖ-948/16)**

**Факти**: Заедно со тужбеното барање за клевета поднесено против Киро Кипроски и Гојко Јаковлески, тужителот Иван-Џо Петрески побарал и забрана за ставање на располагање на јавноста и понатамошна јавна употреба, продажба и купување на книгата со наслов „Македонија-мојот живот“ од страна на тужените и од кое било трето правно или физичко лице на кое тужените би му ги пренеле таквите права. Навистина, книгата била монографија на животот на нејзиниот автор Киро Кипроски (првотужен). Според Основниот суд Гостивар, главен извор на информации бил Гојко Јаковлески (второтужен). На две страници таа содржела наводи дека тужителот бил шпион ангажиран од поранешната југословенска контраразузнавачка служба (УДБА). Книгата имала 550 страници во печатен тираж од 500 примероци и била промовирана во септември 2015 година.

**Образложение**: Потпирајќи се на членовите 22 и 23 од ЗГОНК, Основниот суд Гостивар оценил дека барањето за забрана содржело основа да се верува дека употребените зборови имале навредлив и клеветнички карактер и дека тие биле штетни за честа и угледот на тужителот. Тој сметал дека додека се чека одлуката за мерките за барањата за клевета и без истата да се прејудицира, дополнителното ставање на располагање на спорната книга што содржела такви зборови можело да предизвика непоправлива материјална и нематеријална штета на тужителот.

Понатаму, тој сметал дека тужените нема да претрпат штета поради изречената забрана, додека тужителот би бил заштитен од секаква можна штета што би можела да настане доколку тужените би ја имале книгата на располагање, до доставување на конечна, правно обврзувачка одлука во постапката за клевета. Со ова ќе се исполнеле целите и на Законот за обезбедување на побарувањата и на ЗГОНК.

Следствено, барањето било уважено, но само во однос на тужените. Спротивно на тоа, Основниот суд Гостивар го одбил барањето на тужителот да изрече привремена забрана за ставање на располагање и јавна употреба, продажба и купување на книгата од кое било трето правно или физичко лице на кое тужените му го пренеле тоа право. Тоа тврдење се сметало за непропорционално бидејќи таквата забрана би била апсолутна во однос на сите правни или физички лица што се сметало за законски недозволиво.

**Коментар:** И покрај неговата детална оценка за оправданоста на бараната привремена мерка и одбивањето да изрече апсолутна забрана за каква било понатамошна употреба,

продажба и купување на спорната книга, Основниот суд Гостивар не успеал да го препознае потенцијалното штетно застрашувачко дејство на изречената забрана за ефективно уживање на слободата на уметничко изразување на првотужениот. Дополнително, тој го игнорирал можното влијание што таквата забрана можела да го има врз демократската дебата за прашања од јавен интерес (во овој случај, за улогата на тужителот во минатото), како што е разбрана од ЕСЧП и елаборирана во неговата богата јуриспруденција.

**II П5-11/19, Основен граѓански суд Скопје, наредба од 11 март 2019 година, укината од Апелациониот суд Скопје, наредба од 23 април 2019 година (ГЖ-1730/19)**

**Факти**: Заедно со тужбеното барање за клевета против Стојан Андов, поранешен политичар и претседател на македонското Собрание, тужителот, проф.д-р Љубомир Данаилов Фрчкоски, универзитетски професор и поранешен министер за внатрешни работи, побарал забрана за продажба и располагање со книга со наслов „До атентатот и по него", чиј автор бил тужениот. Во книгата тужениот го обвинил тужителот дека сторил повеќе кривични дела. Меѓу другото, тој го означил тужителот и како „убиец", наведувајќи дека во својство на министер за внатрешни работи тој бил организатор и извршител на атентатот врз поранешниот македонски претседател Киро Глигоров.

**Образложение**: Основниот граѓански суд Скопје го уважил барањето и изрекол забрана за продажба на спорната книга и ставање на располагање на јавноста која би била во сила до прекинување на постапката за клевета и донесување на конечна, правно обврзувачка одлука во постапката. Тој забележал дека книгата содржела бројни „клеветнички факти" кои не биле потврдени со никакви докази. При изрекувањето на забраната, Основниот граѓански суд Скопје утврдил дека со објавувањето на спорната книга била нанесена непоправлива штета на угледот, честа, правото на приватност и воопшто на личните права на тужителот. Дополнително, со оглед на тежината на обвинувањата упатени кон тужителот, било констатирано дека постоела намера да се наштети на угледот на тужителот, кој уживал углед на ценет универзитетски професор меѓу своите колеги, студенти и сограѓани. Забраната била дополнително оправдана со фактот дека со оглед на тоа што книгата сè уште била на продажба, било неопходно да се спречи опасноста што нејзината понатамошна продажба би ја претставувала за личните права на честа и угледот на тужителот.

Апелациониот суд Скопје ја укинал првичната наредба за изрекување времени мерки, бидејќи таа била нејасна и лошо образложена и имало суштинска повреда на одредбите со кои се уредува граѓанската постапка.[77] Тој накратко оценил дека жалбените наводи на тужениот биле основани, бидејќи останало нејасно како првостепениот суд утврдил дека се исполнети условите за издавање на забрана. Особено не било доволно јасно дека

[77] Според член 343 од ЗПП.

постоел основ да се верува дека понатамошното ширење на книгата ќе предизвика непоправлива нематеријална или материјална штета за тужениот.

Дополнително, Апелациониот суд Скопје нагласил дека првостепениот суд пропуштил да испита дали тужбата била поднесена во законскиот рок утврден во член 20 став 1 од ЗГОНК.78 Овој рок бил релевантен и за забраната. Исто така, првостепениот суд не утврдил дали тужителот требало своето барање да го насочи спрема издавачката куќа, наместо против авторот на книгата, со оглед на тоа што предметната забрана се однесувала на продажба на книгата и ставање на располагање на јавноста, а авторот ги пренел сите права во тој поглед на издавачот. При одлучувањето по жалба, исто така, било забележано дека, при издавањето на првичната забрана, првостепениот суд не разгледал дали забраната можела да влијае само на оние делови од книгата што ја содржеле конкретната навредлива или клеветничка изјава(и), како што се бара во член 23 став 4 од ЗГОНК наместо книгата во целина. Во истата насока, Апелациониот суд Скопје оценил дека забраната не можела да се изрече за книгата во целина, бидејќи истата била обемна и нејзината содржина не се однесувала само на тужителот.

Конечно, Апелациониот суд Скопје забележал дека првостепениот суд ја прејудицирал мериторната одлука за тужбеното барање, без да одржи рочиште или да ги изведе и оцени доказите пред него. Имено, првостепениот суд во својата наредба навел дека содржината на книгата е „полна со клеветнички факти" и дека постоела намера да се нанесе штета на угледот на тужителот без да се докажат овие околности.

Според тоа, Апелациониот суд Скопје го задолжил првостепениот суд да ја преиспита својата наредба во врска со привремената мерка и да ги почитува неговите упатства за да испита дали тужбата била поднесена навремено и дали биле исполнети законските услови, а особено дали забраната треба се однесува на книгата во целост или само на оние делови за кои имало основа да се верува дека имаат клеветничка содржина.[79]

---

[78] Оваа одредба гласи: „(1) рокот за поднесување на тужба според одредбите на овој закон е три месеци од денот кога тужителот дознал или требало да дознае за навредливата или клеветничката изјава и за идентитетот на лицето кое ја предизвикало штетата, но не подоцна од една година од денот кога изјавата е дадена пред трето лице." Во жалбата е поднесено дека спорната книга била објавена на 13 ноември 2018 година, додека тужбата е поднесена на 18 февруари 2019 година. Меѓутоа, првостепениот суд не го утврдил фактот кога тужителот дознал или дали требало да дознае од навредливата или клеветничката изјава и идентитетот на лицето кое ја предизвикало штетата.

[79] Исто така, треба да се напомене дека по барањето од 4 мај 2021 година, Основниот граѓански суд Скопје донел пресуда за основаноста на предметот (П5-12/19). Меѓутоа, на 7 април 2022 година Апелациониот суд Скопје донел решение (ГЖ-3636/21) со кое ја укинал пресудата и предметот го вратил на повторно разгледување. Конкретно, апелациониот суд нагласил дека тужбата била поднесена ненавремено. Тој му наложил на првостепениот суд повторно да испита дали само некои делови од книгата биле клеветнички, имајќи предвид дека нејзиниот автор исто така се осврнал и на други настани освен на атентатот на Претседателот. Понатаму, тој истакнал дека во пресудата што ја укинал, првостепениот суд одлучил контрадикторно во однос на барањето за привремена мерка. Имено, тој го уважил барањето со тоа што на тужениот му наложил да ја повлече книгата од понатамошна продажба, а во исто време го одбил барањето да се забрани натамошна продажба на книгата и да се стави на располагање на јавноста. Поради тоа, апелациониот суд му наложи на понискиот суд исто така да ја преиспита својата одлука во однос на барањето за привремена мерка.

**<u>Коментар</u>**: И постапката за клевета и постапката по барањето за привремена мерка биле во тек пред првостепениот суд и не биле донесени правосилни судски одлуки пред 1 јуни 2022 година, датум кога завршува периодот опфатен со оваа анализа. Поради оваа причина, овој документ ќе се ограничи само на наведување на фактите и образложението на надлежните судови вклучени во одлучувањето за овој конкретен случај, без да дава дополнителни коментари за тоа дали предметните наредби биле во согласност со стандардите на ЕСЧП што се однесувале на привремените мерки.

Сѐ на сѐ, се чини дека домашните судови имаат тенденција да издаваат привремени мерки без да извршат проценка дали изрекувањето на таквите мерки веројатно ќе произведе одвраќачки ефект или форма на цензура врз остварувањето на правото на слобода на изразување на засегнатото лице. Понатаму, во некои од судските наредби дискутирани погоре нем детална анализа за обемот и времетраењето на привремената забрана што била побарана, како елементи кои ќе помогнат да се утврди дали забраната може потенцијално да има рестриктивно влијание врз уживањето на слободата на изразување во околностите на одреден случај.

# 3. Интернет и слобода на изразување

## 3.1. Граѓанска одговорност за клевета и навреда

Најважното прашање што треба да се адресира во однос на граѓанските случаи за клевета преку Интернет е пристапот до судските постапки против интернет медиумите и нивната одговорност.

Извесен период, кој му претходел на оној опфатен со оваа анализа, домашните судови, вклучително и Основниот граѓански суд Скопје како најголем првостепен суд, тежнееле да го оневозможат пристапот до судските постапки така што ги отфрлале тужбите за клевета против интернет-медиуми и прогласување на таквите случаи за недозволиви *ratione personae*.

Овие случувања во домашната судска пракса следеле после измените на Законот за медиуми од 2014 година[80] , со кои „електронските публикации" биле отстранети од опфатот на дефиницијата за медиуми. Како резултат на тоа, во образложението на своите одлуки, македонските судии забележале дека интернет порталите „не се медиуми" и, следствено, немаат право да бидат тужени и не можат да бидат одговорни за каква било штета предизвикана од публикации на интернет портал. Таквата судска пракса е проблематична во светлина на судската пракса на ЕКЧП, каде што не се прави разлика помеѓу традиционалните медиуми и интернет медиумите.

### 3.1.1. Граѓанска одговорност за клевета на интернет медиумите

Во многу од анализираните случаи, домашните судови одлучувале за основаноста на барањата за навреда или клевета или за кривичните пријави поднесени за дела извршени преку Фејсбук или други социјални мрежи, блогови или преку интернет портали. Сепак, сè уште останале значителен број предмети, особено оние кои биле покренати против интернет порталите, во кои македонските судии ги отфрлиле тужбите за клевета поради наводен недостаток на право на тужба, без оглед на статусот на тужениот, односно дали тужениот е правно лице, сопственик и регистратор на интернет медиумот, негов уредник според правната напомена (*импресум*), или автор на спорниот материјал.

Неколку примери се дадени подолу.

**П5-3/2017, Основен суд Тетово, пресуда донесена на 25 мај 2017 год., јавно изречена на 1 јуни 2017 год.:** Случајот се однесувал на тужбата за клевета за изјавите ширени преку интернет порталот против компанијата која поседувала интернет портал и нејзиниот сопственик. Основниот суд Тетово утврдил дека тужените не се ниту автори на спорниот текст, ниту можеле на кој било начин да учествуваат во неговото изготвување и затоа тие не можат да бидат тужени за клевета. Фактот дека компанијата

[80] Закон за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр.184 од 26 декември 2013 година), дополнет во „Службен весник на Република Македонија" бр.13 од 23 јануари 2014 година.

како правно лице била регистрант на соодветниот домен не значи автоматски дека таа или нејзиниот управител се автори на текстот. Понатаму, не може да има индиректна одговорност за клевета и навреда доколку спорните изјави не се уредуваат, особено затоа што веб-страницата не е медиум според дефинициите утврдени во ЗГОНК и Законот за медиуми, изменет на 23 јануари 2014 година. Како резултат на тоа, порталот против кој е покрената постапка немал уредник ниту правно известување и не можел да биде подложен под лупа и да се смета за одговорен за објавувањето. Следствено, барањето за клевета било одбиено како неосновано.

**8к.П5-73/16, Основен граѓански суд Скопје, пресуда од 13 декември 2016 година, потврдена од Апелациониот суд Скопје, пресуда од 6 декември 2017 година (ГЖ-3036/17):** Тужителот Драган Павловиќ Латас, кој во моментот бил новинар и главен уредник на *ТВ Сител*, тврдел дека неговата репутација била нарушена како резултат на написите објавени на веб-страницата www.maktel.mk на 3 февруари 2014 година, 9 февруари 2014 година и 20 март 2014 година од страна на тужените (фирмата сопственик на порталот и управителот на тој портал, г. Саше Ивановски Политико).

Како што го потврдил Основниот граѓански суд Скопје, иако второтужениот Саше Ивановски Политико бил управител на порталот, тој не бил новинар, ниту интернет порталот www.maktel.mk можел да се третира како медиум, бидејќи неговата содржина не била уредувана, тој немал уредник, не бил обврзана да објавува правно известување, ниту, пак, бил подложен под лупа и верификација од кој било државен или друг орган. Со оглед на тоа што спорните написи биле објавени на приватна интернет страница, која не претставувала медиум, ниту компанијата можела да се смета за издавач на медиум, ниту пак второтужениот можело да биде одговорен како уредник на медиум. Следствено, било одлучено дека тужените не можат да бидат тужени за клевета. Оваа одлука била поткрепена со упатување на измените на Законот за медиуми со кои електронските публикации и електронските медиуми биле исклучени од опфатот на дефиницијата за медиуми.

Исто така, и покрај тоа што во спорните написи второтужениот ја критикувал работата на тужителот и изразил сопствено мислење за тоа како ја извршувал својата новинарска должност, тој објавил и факти чија вистина не успеал да ја докаже, иако биле подложни на докажување. Тоа покажало дека фактите ги изнел во јавноста со цел да ја наруши неговата чест и углед. Сепак, тој не можел да се повика на одговорност за клевета поради тоа што немал право да биде тужен.

**VII П5-43/15, Основен граѓански суд Скопје, пресуда од 6 март 2018 година, потврдена од Апелациониот суд Скопје, пресуда од 10 јануари 2019 година (ГЖ-5086/18):** Тужбеното барање поднесено од тужителот, активист за човекови права кој се залагал за правата на маргинализираните групи, било одбиено бидејќи наводните клеветнички изјави насочени против него биле дистрибуирани преку интернет портал, кој не се сметал за медиум согласно измените на Законот за медиуми од 23 јануари 2014 година.

Забележливо е и дека праксата на Основниот граѓански суд Скопје понекогаш е спротивна на судската пракса на Основниот суд Охрид кој ги уважил тужбените барања за клевета и утврдувал одговорност за клевета од страна на интернет порталите и нивните уредници/автори. Згора на тоа, неговите одлуки ги потврдил и Апелациониот суд Битола.[82]

Неконзистентната пракса на домашните судови во однос на допуштеноста на парничните тужби поднесени против интернет порталите како клучни интернет медиуми постоела с è до 2019 година, кога судската пракса се променила. Последователно, барањата против интернет порталите биле прогласени за дозволени, по усвојувањето на заклучокот на четирите апелациони судови во март 2019 година.[81] Во него било наведено дека „[не] постои одговорност за навреда и клевета на главниот уредник на издавачите на електронски публикации и воопшто, за сите други видови електронски медиуми во однос на содржините објавени во нив".

Како резултат на овие случувања, парничните судии во принцип, и со неколку исклучоци, повеќе не ги отфрлаат тужбените барања за утврдување одговорност на електронските медиуми поради немање пасивна легитимација за да бидат тужени. На тој начин тие ја усогласиле судската пракса со европските стандарди. Ова било постигнато без измена на ЗГОНК за експлицитно да се предвиди одговорност на интернет порталите за навреда и клевета. Со оглед на потребата за саморегулација на интернет медиумите, од една страна, и правниот основ предвиден во членот 3 од ЗГОНК за директна примена на Конвенцијата и судската пракса од Стразбур во случај на правна празнина или конфликт меѓу одредбите на ЗГОНК и ЕКЧП, од друга страна, се чини дека постои солидна основа за усогласување на домашната судска пракса во овој поглед, без потреба од дополнителни законски интервенции.

Многу скорешни домашни предмети потврдуваат дека интернет порталите можат да бидат одговорни за клевета. Според тоа, домашните судови ја испитувале основаноста на тие предмети.

На пример, во предметот бр. **2 П5-58/18, Основен граѓански суд Скопје, пресуда од 21 декември 2018 година, потврдена од Апелациониот суд Скопје, пресуда од 10 септември 2019 година (ГЖ-975/19),** тужени биле познатиот новинар Ацо Кабранов и издавачката компанија што ја основал и во која бил косопственик. Драган Павловиќ Латас, новинар и главен уредник на дневен весник, ги тужел за напис објавен на 14 ноември 2013 година на веб-страницата на компанијата www.libertas.mk. Во тој напис, работата на тужителот била остро критикувана. Домашните судови оцениле дека тужените изнеле лажни тврдења чија веродостојност тие не успеале да ја проверат

[82] Види во Иван Брешковски, *Прелиминарен извештај за состојбите поврзани со примената на Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда*, Скопје, 2018, стр. 16, достапна на: https://metamorphosis.org.mk/izdanija_arhiva/

[81] Целосниот текст на заклучокот е достапен на: https://znm.org.mk/zakluchok-na-chetirite-apelaczioni-sudo/

додека биле обврзани да го сторат тоа пред да ги претставaт на пошироката јавност. Тие го отфрлиле аргументот на тужените дека немаат право да бидат тужени, бидејќи првиот од нив бил основач и косопственик на компанијата (второобвинет), а во моментот кога бил објавен оспорениот напис, второтужениот бил регистрант на доменот www.liberty.mk.

Има многу повеќе позитивни примери на случаи каде што домашните судови одлучувале за основаноста на предметите во кои биле вклучени интернет медиуми. Во повеќето од нив тие соодветно ги имаат имплементирано релевантните европски стандарди за слобода на изразување. Многу од овие предмети се накратко наведени подолу во ова поглавје или во други поглавја од анализата.

Сепак, иако ова не е преовладувачка судска пракса, има понови случаи кога судовите ги отфрлиле барањата поднесени против интернет порталите како недозволиви.

На пример, во случајот подолу, домашните судови ја препознале одговорноста на интернет порталите за клевета, но не сакале да го сметаат нивниот менаџер за одговорен, бидејќи тој не бил ниту автор, ниту уредник на спорната содржина. Оттука, се чини дека тие го ослободиле од секаква одговорност за содржината на интернет порталот што бил во негова сопственост.

**9П5-53/19, Основен граѓански суд Скопје, пресуда од 28 јануари 2020 година, потврдена од Апелациониот суд Скопје, пресуда од 12 мај 2021 година (ГЖ-1574/20):** Тужителот Александар Кирацовски, пратеник во македонското Собрание и член на централниот комитет на политичката партија СДСМ, повел постапка за клевета против управителот на издавачка компанија за вести која била регистрант на доменот www.republika.mk во однос на текст објавен на неговата веб-страница. Во спорниот напис, тужителот се товарел дека примил поткуп за да изврши притисок врз општинските советници во Битола да легализираат незаконски изграден објект кој бил во сопственост на приватна градежна компанија. Тужителот тврдел дека овие наводи му нанеле штета на неговиот имиџ и углед и негативно влијаеле на неговиот професионален кредибилитет и авторитет.

На самиот почеток, Основниот граѓански суд Скопје забележал дека текстот покренал дебата за прашања од јавен интерес и се повикал на добро воспоставената доктрина на ЕКЧП дека секогаш кога се отвораат такви дебати, властите треба да бидат внимателни кога се мешаат во нечие право на слобода на изразување. Тој го отфрлил аргументот на тужениот дека тој нема право да бидат тужен како портал, бидејќи електронските публикации ќе биле изземени од опсегот на примена на изменетиот Закон за медиуми.

Потпирајќи се на членот 8 став 3[82],како и на членот 11[85] од ЗГОНК, Основниот граѓански суд Скопје констатирал дека имало доволна правна основа тужениот да одговара за клевета, бидејќи спорните изјави биле пренесени од порталот за вести како средство за информирање на јавноста.

Но, Апелациониот суд Скопје забележал дека тужителот е јавна личност и дека како таков тој требало да биде отворен за критики. Оттука, треба да има поголем праг на толеранција кон критиката. Барањето на тужителот на крајот било одбиено од првостепениот суд, со образложение дека сопственикот на порталот, кој не бил ниту уредник, ниту автор на спорниот напис, не можело да биде одговорен. Оваа одлука била потврдена и по жалба.

Слично, во предметот бр. **2 П5-15/19, Основен граѓански суд Скопје, пресуда од 17 мај 2019 година, потврдена од Апелациониот суд Скопје, пресуда од 27 мај 2020 година (ГЖ-4657/19)**, првостепениот суд го одбил тужбеното барање за клевета поднесено од тужителот, Македонски пошти, државна компанија, против две фирми кои го водат интернет порталот www.zurnal.mk и нивните сопственици. Спорната изјава била содржана во објава на нивната интернет страница на албански јазик на 13 јуни 2016 година. Во неа било наведено дека според официјалните податоци до кои дошло Бирото за јавни набавки, набавката за сервисирање на возилата на Македонски пошти достигнала сума од 1,5 милиони евра и половина од семејството на директорот било вработено во компанијата. Тврдењата за клевета биле одбиени како неосновани, со образложение дека според одредбите од Законот за медиуми, изменет на 23 јануари 2014 година, приватните интернет портали не може да се сметаат за медиуми. Исто така, согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, не можело да се утврди одговорност во однос на тужените кои биле сопственици на интернет порталот бидејќи

---

[82] Член 8 став 3 од ЗГОНК гласи: „Ако изнесувањето или пронесувањето невистинити тврдења за факти е сторено преку средство за јавно информирање (весници, магазини и друг печат, програни на радиото и телевизијата, електронски публикации, телетекст и други форми на уреднички обликувани програмски содржини кои се објавуваат, односно се емитуваат дневно или периодично во пишата форма, звук или слика, на начин достапен за широката јавност), за клевета можат да одговараат авторот на изјавата, уредникот или лицето кое го заменува во средството за јавно информирање и правното лице. Тужителот при поднесувањето на тужбата е слободен да одлучи против кое од лицата од овој став ќе поднесе тужба за утврдување одговорност и надоместување на штета за клевета."

[85] Член 11 (Одговорност за електронското објавување) од ЗГОНК гласи: „(1) Уредникот на електронската публикација презема одговорност, заедно со авторот, за надоместување на штетата која произлегува од овозможување на пристап до навредливи или клеветнички информации.
(2) Уредникот на електронската публикација не одговара за изнесена навреда или клевета како резултат на овозможување пристап до навредливи или клеветнички информации под услов доколку докаже дека:
1) авторот на информацијата објавена на електронската публикација не дејствувал под директна или индиректна контрола или влијание од страна на уредникот на електронската публикација и
2) не бил свесен ниту требал да биде свесен дека навредлив или клеветнички материјал е објавен на електронската публикација или во рок од 24 часа откако станал свесен за навредлив и клеветнички карактер на објавениот текст или информација, ги презел сите технички и други мерки за отстранување на таквата информација. Барање за отстранување на информација може да поднесе и оштетеното лице."

од доказите доставени до судот не произлегувало дека се автори на објавен текст, ниту дека тие постапиле на кој било начин со намера да нанесат штета на честа и угледот на тужителот.

Во предметот бр. **42 П5-28/20, пресуда на Основниот граѓански суд Скопје од 3 јуни 2021 година**, тужителот Александар Панев навел дека тој бил оцрнет со текст објавен на веб-порталот www.vecer.mk на 15 мај 2020 година во кој било наведено дека Македонците ги сметал за Бугари и како дел од современата бугарска држава. Затоа, тој ја тужел консултантската и маркетинг компанија која го регистрирала доменот на веб-порталот. Првостепениот суд ја одбил тужбата како неоснована бидејќи немало достапни податоци за сопственоста на интернет порталот во моментот на објавувањето, а немало ниту правно известување, ниту други податоци за неговиот издавач и сопственик.

### 3.1.2. Граѓанска одговорност за клевета на политичарите на интернет

**XXXIIП5-51/18, Основен граѓански суд Скопје, пресуда од 31 јануари 2020 година, потврдена од Апелациониот суд Скопје, пресуда од 9 декември 2021 година (ГЖ-3067/20)**

**Факти**: Бојан Маричиќ, тогашен советник на македонската Влада, поднел тужба против издавачката компанија, која била основач на интернет порталот www.infomax.mk, како и против Александар Митовски, основач, сопственик и управител на наведената компанија. Тужбата се однесувала на текст објавен на 10 јуни 2018 година на порталот во кој се наведувало дека тужителот станал милионер за помалку од една година откако станал дел од владиниот тим и директно се вклучил во преговорите за името со Грција. Како резултат на тоа, тој купил земјишна парцела лоцирана на централна локација во Скопје. Тој не само што станал сопственик на таа парцела, туку имал намера да инвестира во изградба на нова петкатна зграда од 1.000 метри квадратни. Понатаму, во текстот се поставувало прашањето како тој толку брзо станал милионер и дали имотот што го поседувал го стекнал како резултат на учеството во преговорите за името.

**Образложение**: Потпирајќи се на релевантното домашно законодавство, а особено на Законот за медиуми, Основниот граѓански суд Скопје го одбил тужбеното барање на тужителот во однос на Александар Митовски, бидејќи правното известување на порталот било непознато во моментот кога бил објавен текстот и како резултат на тоа не можело со сигурност да се утврди дека бил негов уредник во тој момент.

Во однос на компанијата, тој го потврдил аргументот на тужителот дека во согласност со член 8 став 3 од ЗГОНК, веб-порталите не можат целосно да бидат ослободени од граѓанска одговорност. Бидејќи не биле вклучени во дефиницијата за медиуми утврдена во Законот за медиуми како *lex specialis*, ЗГОНК ќе се применува како *lex generalis*. Не постоела намера ЗГОНК целосно да ги исклучи интернет порталите, особено што имало континуирано ширење на порталите за вести, а исклучувањето од одговорност за нив можело да повлече и ширење на „лажни вести“.

Во неговото образложение, Основниот граѓански суд Скопје ја забележал разликата помеѓу фактите и вредносните судови што се прави во судската пракса на ЕСЧП. Бидејќи класификацијата на одредена изјава како факт или како вредносен суд е прашање што спаѓа во маргината на оценување на националните власти, судот преминал кон утврдување на природата на спорните изјави. Тој забележал дека компанијата пред објавувањето не ја потврдила вистинитоста на изјавата дека тужителот бил инвеститор во нова зграда, иако таквите податоци биле јавно достапни од Агенцијата за катастар на недвижности.

Основниот граѓански суд Скопје пресудил во корист на тужителот. Тој истакнал дека тужителот бил носител на јавна функција и како таков, требало да покаже повисок степен на толеранција кон критиките кои се однесувале на прашања од јавен интерес. Сепак, не треба да се пречекоруваат одредени граници кога се објавуваат податоци за прашања од јавен интерес за да не се уништи нечиј углед. По разумна оцена на фактите во конкретниот случај, Основниот граѓански суд Скопје утврдил дека преку ширење на информации дека тужителот се стекнал со милионски имот за краток временски период како резултат на вршењето на својата функција, без да обезбеди докази за нивната вистинитост, тужената фирма ги надминала границите на прифатливи критики кои се пошироки кога станува збор за носители на јавни функции. Затоа, според Основниот граѓански суд Скопје, тие невистинити наводи претставувале директен напад врз личноста на тужителот и го надминувале она што можело да се толерира како прифатлива критика во дебата од јавен интерес.

Осврнувајќи се на тестот на Судот за пропорционалност во три чекори, Основниот граѓански суд Скопје оценил дека мешањето во слободата на изразување на тужената компанија било неопходно во едно демократско општество со цел да се заштитат угледот и правата на тужителот. Конкретно, тој истакнал дека објавите на интернет порталите со лажна содржина брзо стануваат достапни за поширок круг на корисници и секако претставуваат напад кој може да му наштети на угледот на тужениот, со негативни реакции во јавноста.

Следствено, на тужителот му била досудена сума од 50.000 македонски денари (околу 800 евра) за нематеријалната штета што ја претрпел поради повреда на неговата чест и углед. Согласно член 24 од ЗГОНК, на тужениот му било наложено да ја објави изреката од пресудата на интернет порталот и во еден дневен весник.

**Коментар**: Што се однесува до допуштеноста на тужбеното барање за клевета поднесено во овој случај, Основниот граѓански суд Скопје правилно ги применил стандардите на ЕКЧП во однос на граѓанската одговорност на информативните веб портали. Згора на тоа, одлучувајќи по основаноста, тој експлицитно се осврнал на добро воспоставената разлика помеѓу фактите и вредносните судови. Исто така, тој го препознал постоењето на интерес јавноста да биде информирана за однесувањето на тужителот како носител на јавна функција и легитимното очекување дека тој треба да биде потолерантен кон критиките. Дополнително, биле подвлечени специфичните карактеристики на

интернетот како комуникациска алатка која овозможува секоја содржина објавена таму да стане брзо достапна за широк круг корисници, што во случај на невистинити или лажни информации може да се смета како напад врз личноста и угледот на поединци.[86] Што се однесува до неможноста на порталот да ја потврди вистинитоста на информациите што ги објавил за тужителот, тој исто така можел да се повика на судската пракса на ЕКЧП во врска со „должностите и одговорностите" на новинарите кои треба да бидат подеднакво применливи за интернет портал кој произведува и објавува сопствени вести. И на крај, може понатаму да се дискутира дали првостепениот суд воспоставил правична рамнотежа помеѓу интересот на јавноста да добива информации за прашања од јавен интерес, од една страна, и правото на углед на тужителот, од друга страна.

**П5-3/20, Основен суд Велес, пресуда од 11 ноември 2020 година**

**<u>Факти</u>**: Тужителот, лекар, активист на невладина организација за заштита на животната средина и член на Советот на општина Велес, тужел негов сограѓанин за содржината на јавна објава на Фејсбук профилот на тужениот. Со употреба на непристојни зборови, овој го нарекол тужителот „копиле комуњарско" и неговото семејство го означил како „...фамилијата комуњарска".

**<u>Образложение</u>**: На самиот почеток, потпирајќи се на соодветните одредби од ЗГОНК и јуриспруденцијата на ЕКЧП во однос на критериумите за оправдано ограничување на слободата на изразување, Основниот суд Велес утврдил дека тужениот вербално ги нападнал честа и угледот на тужителот. Конкретно, било земено предвид дека тужителот бил политичар и во критичното време бил член на општинскиот совет. Оттука, тој истакнал дека како носител на политичка функција тој требало да има повисок степен на толеранција во однос на критиките од граѓаните кога станува збор за прашања од јавен интерес.[83]

Сепак, било констатирано дека во конкретниот случај, навредливите зборови на тужениот не претставувале никаква критика поврзана со работата на тужителот како политичар, туку тие претставувале навреда која била изразена како едностран чин со единствена цел да го понижи тужителот и во јавноста да искаже понижувачко мислење за него.

Основниот суд Велес, исто така, забележал дека иако тужителот како политичар и носител на јавна функција треба да има повисок степен на толеранција кон јавната

---

[86] Во оваа насока, Судот во Стразбур смета дека ризикот од штета предизвикана од содржината и комуникациите на интернет за остварувањето и уживањето на човековите права и слободи, особено правото на почитување на приватниот живот, секако е повисок од оној што го носи печатот (*Делфи АС против Естонија* [GC], став 133; *Редакциски одбор на Провоје Дело и Штекел против Украина,* став 63; *Вегрижиновски и Смолчевски против Полска*, став 98).

[83] Во овој контекст, тој се повикал на соодветните делови од следните две пресуди донесени од ЕСЧП: *Дмитријевски против Русија,* бр. 42168/06, став 96, 3 октомври 2017 и *Броса против Германија,* бр. 5709/09, став 41, 17 април 2014 година.

критика, сепак мора да постојат одредени граници на дозволена критика, вклучувајќи дури и допуштено претерување или провокација.[84] Тој сметал дека навредливите зборови употребени против тужителот и неговото семејство во личен контекст, исто така, вклучувале непристојно етикетирање на неговата политичка припадност. Како таков, тужениот сериозно ги надминал границите на дозволената критика кон актуелен политичар и носител на јавна функција и отишол подалеку од она што можело да се толерира дури и во дебата од јавен интерес.

Следствено, Основниот суд Велес оценил дека ограничувањето на слободата на изразување на тужителот е неопходно во едно демократско општество и на тужителот му досудил  нематеријална штета од 15.000 македонски денари (околу 250 евра), што претставувало  една минимална месечна плата во земјата во тоа време. Оттука, тој сметал дека мешањето во слободата на изразување на тужениот не претставувало несоодветен и прекумерен товар.  Напротив, изречената рестриктивна мерка била пропорционална и ја постигнала потребната рамнотежа помеѓу правото на слобода на изразување на тужениот, од една страна, и легитимната цел за заштита на угледот на тужителот, од друга страна.

**Коментар**: Во конкретниот случај, домашните судови поставиле ограничување во остварувањето на слободата на изразување, имајќи го предвид навредливиот јазик употребен од страна на тужениот кој имал намера да го навреди тужителот и неговото семејство, без да покрене некое суштинско прашање од јавен интерес што би се однесувало на начинот на кој тој ја вршел својата функција како општински советник. Нивното образложение било доста детално и во согласност со барањата на ЕКЧП во слични случаи, што вклучувало не само реафирмирање на добро воспоставените стандарди на ЕКЧП, туку и соодветно повикување на релевантната судска пракса во овој поглед.

### 3.1.3. Граѓанска одговорност за клевета на приватни физички лица на интернет

**III П5-3/19, Основен суд Куманово, пресуда од 1 ноември 2019 година**

**Факти**: Тужителката, која била педијатар и раководела со сопствената приватна медицинска ординација, поднела тужба против друга жена, за наводите изразени на 19 февруари 2019 година во женска група на Фејсбук, која имала над 150 000 членови, вклучувајќи ги и тужителката и тужената. Тужената тврдела дека дознала дека децата починале поради лекарски грешки направени од тужителката.

Овие наводи биле изнесени како коментар како одговор на прашање поставено од друга членка на истата група на Фејсбук, која прашувала дали некој има мислење или искуство

[84] Притоа, судот се осврнал и на предметите на ЕСЧП *Мамер против Франција,* бр. 1269/03, став 25, ЕКЧП 2006-XIII и *До Кармо де Португал и Кастро Камара против Португалија,* бр. 53139/11, став 43, 4 октомври 2016 година.

со медицински третман на сопствените деца од страна на тужителката. По барање испратено од тужителката, тужената се извинила за нејзините наводи преку истата група на Фејсбук и со испраќање писмо до неа по редовна пошта.

**<u>Образложение</u>**: Основниот суд Куманово пресудил дека честа и угледот на тужителката биле нарушени, како во нејзината професионална и семејна средина, така и меѓу нејзините пријатели и роднини. Тој сметал дека сосетката на тужената била мајка на починато дете и нивните меѓусебни разговори ја натерале да поверува дека тужителката била виновна што нејзиното дете починало. Сепак, тој одлучил дека тие околности не можеле да се сметаат за оправдана причина за исклучување на одговорноста за клевета.

Згора на тоа, нејзините наводи се состоеле во фактички искази, наместо нејзини субјективни мислења. Додека фактичките тврдења и нивната веродостојност може да се докажат преку оценка на доказите, мислењата и нивната веродостојност не се подложни на докажување. Во врска со ова, Основниот суд Куманово истакнал дека тужената дознала од нејзината сосетка, мајка на починато дете, дека кривичната постапка што била покрената против тужителката сѐ уште не била завршена. Затоа, таа не можела да го знае нејзиниот исход, но сепак тврдела дека тужителката била виновна. Од друга страна, тужителката како доказ доставила наредба од истражен судија од која се гледало дека истрагата против неа по обвинение за тешки дела по здравјето на луѓето од член 217 (4) во врска со член 207 (3) од Кривичниот законик била прекината, бидејќи спорното дело не можело да се гони по службена должност *(ex officio)*.

Севкупно, Основниот суд Куманово оценил дека тужбеното барање било основано и на тужителката ѝ досудил сума од 5.000 македонски денари (околу 80 евра) како паричен надомест за нематеријална штета. При утврдувањето на висината на надоместот, се имала предвид економската состојба на тужителката, фактот дека таа и нејзиниот сопруг биле невработени и дека таа не остварила никаков приход во 2018 година. Исто така, било земено предвид дека таа го отстранила нејзиниот коментар ден по објавувањето и дека ѝ се извинила на тужителката веднаш откако го добила нејзиното писмено барање за извинување.

**<u>Коментар</u>**: Основниот суд Куманово покажал солидно разбирање за разграничувањето помеѓу фактички тврдења и вредносни судови, иако не се повикал директно на судската пракса на ЕСЧП. Понатаму, тој правилно ја применил ваквата дистинкција врз фактите во овој конкретен случај пред да заклучи дали треба да се уважи барањето на тужителката за клевета. Сепак, образложението во оваа пресуда ќе било целосно доколку првостепениот суд се осврнел и на постоењето на жива расправа за прашање од јавен интерес што беше развиено виртуелно, имено, дебата за квалитетот на медицинските услуги добиени од медицинските работници, кои можеби, или со оглед на околностите

на секој конкретен случај, можеби нема да преовладуваат над потребата да се заштити нечија професионална репутација со неоправдани напади од страна на јавноста.[85]

Во предметот бр. **П5-6/20, Основен суд Прилеп, пресуда од 5 февруари 2021 година**, тужителот поднел тужба против тужениот за статус објавен на неговиот Фејсбук профил. Спорниот текст содржел прилично вулгарни навреди кон тужителот откако тој навел дека го блокирал тужениот кој упатил негативни забелешки за политичарите од политичката партија СДСМ. Основниот суд Прилеп утврдил дека тужителот бил навредуван со оглед на начинот на кој тужениот ги објавувал своите коментари на Фејсбук, до кој пристап имале огромен број корисници. Неспорно било дека тужениот имал намера да го понижи тужителот. Меѓутоа, бидејќи на 13 мај 2020 година тој објавил извинување до тужителот за неговите коментари, Основниот суд Прилеп одлучил да не му досуди никаква нематеријална штета на тужителот, особено што извинувањето е направено под самата објава и коментарите поврзани со таа објава со користење на истите средства преку социјална мрежа. Накратко, иако судското образложение во овој конкретен случај било во согласност со соодветното домашно законодавство, немало појасна изјава зошто употребата на насилен или навредлив јазик требало да се заштити како прифатлива форма на изразување.

### 3.1.4. Граѓанска одговорност за клевета на интернет сторена со репродуцирање на содржина креирана од други

**П5-4/20, Основен суд Прилеп, пресуда од 20 јануари 2021 година**

**Факти**: Тужителот, единственото општинско средно училиште во Крушево, повел постапка за клевета против *Здружението за промоција на културните вредности во Пелагонија „Маркукуле" Прилеп*. Тужениот бил регистратор на бесплатен интернет портал www.markukule.mk. Во написот објавен на веб-страницата, тужителот поставил прашање за тоа кој ќе одговара за сообраќајната несреќа во која учествувало службеното возило во сопственост на средното училиште и му бил скршен прозорецот и кој ќе ја надомести претрпената штета. Написот се однесувал само на содржината на соопштението за медиумите кое го објавила Унијата на млади сили на политичката партија ВМРО-ДПМНЕ Крушево. Тужителот сметал дека, како резултат на тоа, бил нарушен нејзиниот углед како јавна институција, особено затоа што тужениот не ја потврдил вистинитоста на информациите што ги објавил.

**Образложение**: Потпирајќи се на доказите доставени до него, Основниот суд Прилеп заклучил дека тужениот преку својот интернет портал ги репродуцирал наводите кои Унијата на млади сили претходно ги изнела и ги раширила во јавноста преку Фејсбук. Така, тој не изнел невистинити факти кои биле штетни за честа и угледот на тужителот.

---

[85] На пример, во еден случај Судот не утврдил дека несомнениот интерес на лекарот за заштита на неговата професионална репутација е доволен за да го надмине важниот јавен интерес што стои зад слободата на печатот за давање информации за прашања од легитимен јавен интерес (види *Бергенс Тиденде и други против Норвешка,* став 60).

Затоа, немало потреба да се верификуваат тие изјави, бидејќи тој само ја пренесувал содржината што веќе била објавена во јавноста. Во овој контекст, било истакнато дека ширењето изјави и мислења на друго лице, како и изјави и мислења на други чинители во општеството, како што се политичките партии, не можело да биде основа за утврдување одговорност за навреда и клевета на лице кое ги шири, особено ако тоа лице врши новинарска дејност. Единствениот исклучок од ова правило би бил применлив во ситуација кога пренесувањето такви изјави или мислења би значело дозволување пристап до навредливи и клеветнички материјали. Понатаму тој забележал дека секоја поинаква одлука на овој или кој било друг суд ќе доведе до ограничување на пристапот до информации и до непотребна и штетна самоцензура во вршењето на новинарската дејност. Како резултат на тоа, барањето за клевета на тужителот било одбиено како неосновано.

**Коментар**: Предметниот случај го покренал прашањето дали издавачот или веб-порталот можел да биде одговорен за содржината, која не била создадена од самиот тужен, туку репродуцирана и пренесена од други извори. Во таа насока, ЕСЧП сметал дека новинарите кои користат информации добиени од Интернет не треба да бидат одговорни освен ако таквата должност не им била наметната со националното законодавство, така што тие можеле до соодветен степен да ги предвидат последиците што може да ги предизвика спорната публикација (*Редакциски одбор на Правоје Дело и Штекел против Украина*, став 66).

## 3.2. Изјави на интернет кои сочинуваат кривични дела

Кривичните предмети што се анализирани најмногу се однесувале на кривичното дело повреда на угледот на странска држава согласно член 181 од КЗ, на кривичното дело загрозување на сигурноста (член 144 став 4 од КЗ) и на делото ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на информатички систем (член 394-г од КЗ). За разлика од првото дело, другите две дела можат да се извршат и против јавни службеници и против приватни лица.

### 3.2.1. Кривични дела против странски држави

Во два кривични предмети обвинетите биле гонети и осудени за кривично дело повреда на угледот на странска држава (член 181 од КЗ). Во него се пропишува дека „[тој] што со намера да се потсмева јавно ќе ја исмејува странската држава, нејзиното знаме, рака или химна или шеф на странска држава или дипломатски претставник на странска држава во Република Македонија, ќе се казни со парична казна или со затвор до три години."

**XXXII К.бр. 761/17, Основен кривичен суд Скопје, пресуда од 31 мај 2017 година**: Обвинетиот (турски државјанин) бил прогласен за виновен за делото предвидено со член 181 од КЗ. Имено, било констатирано дека тој на неизвесен датум во ноември 2016 година преку својот Фејсбук профил објавил навредливи и пцовки на турски јазик против претседателот на Турција, Реџеп Таип Ердоган, со намера јавно да го исмее како водач на странска држава. Покрај тоа, тој презентирал и две фотографии од претседателот на

Турција и карикатура на која бил прикажан со тело од кокошка. Последователно, на обвинетиот му била изречена парична казна од 24.600 македонски денари (околу 400 евра) која треба да ја плати во рок од три месеци со можност да се преиначи во казна затвор во траење од 40 дена во случај на неисполнување на обврските.

**<u>XII К.бр. 1657/1, Основен кривичен суд Скопје, пресуда од 16 ноември 2017 година</u>**: Обвинетиот (македонски државјанин) бил осуден за истото дело откако било утврдено дека во периодот од 14 до 16 април 2016 година преку својот личен Фејсбук профил тој објавил непристојни коментари на официјалната Фејсбук страница на Амбасадата на САД во Македонија. Конкретно, неговите коментари содржеле непристојни зборови против американскиот амбасадор, Џес Л. Бејли, неговото семејство и официјалниот персонал на американската амбасада. Основниот кривичен суд Скопје оценил дека коментарите на обвинетиот го одразувале неговото незадоволство од политичката криза во земјата и присуството на американскиот амбасадор во македонските медиуми. Со тоа тој ги нарушил честа и угледот на дипломатски претставник на странска држава. Последователно, на обвинетиот му била изречена парична казна од 24.600 македонски денари (околу 400 евра) која треба да ја плати во рок од петнаесет дена или истата да се преиначи во казна затвор од 40 дена во случај на неисполнување на обврските. Според тоа, Амбасадата на САД како оштетена страна била упатена да поведе парничен спор во однос на нејзиното парично побарување. Основниот кривичен суд Скопје, исто така, истакнал дека обвинетиот се каел и јавно ѝ се извинил на Амбасадата на САД за кривичното дело што го извршил.

**<u>Коментар:</u>** Исходите од горенаведените два случаи можеле да бидат проблематични со оглед на стандардите поставени од судиите во Стразбур. Инкриминацијата на спорното однесување во член 181 од КЗ се чини дека е остаток од комунистичкиот период. Затоа, би можело да се разговара дали треба да се задржи во текстот на Кривичниот законик.[86] Всушност, Судот истакнал дека обезбедувањето зголемена заштита за шефовите на држави и влади со помош на посебен закон, по правило, нема да биде во согласност со духот на Конвенцијата (*Отеги Мондрагон против Шпанија*, став 55; *Пакдемирли против Турција*, став 52; *Артун и Ѓувенер против Турција*, став 31; за странски шефови на држави, види *Коломбани и други против Франција*, став 67).

### 3.2.2. Кривични дела против политичари

**<u>К-142/19, Основен суд Битола, пресуда од 12 јуни 2019 година; обвинение бр. КО.бр.96/19 поднесено од Основното јавно обвинителство Битола на 1 април 2019 година</u>**: Обвинетата се теретела за делото Загрозување на сигурноста (член 144 став 4 од КЗ). Таа на 11 јануари 2019 година преку неговиот личен Фејсбук профил обвинила дека

---

[86] Ова мислење го споделија и некои од учесниците на фокус групата која се занимаваше со казнено-правните аспекти на слободата на изразување што се одржа на 6 октомври 2022 година. Тие ја критикуваа актуелната домашна судска пракса според член 181 од КЗ и го изразија својот став дека таквото дело треба да се отстрани од Кривичниот законик.

Зоран Заев, кој бил премиер во тоа време, бил предавник бр. 1, ментално болен, кој треба да се обеси на главниот плоштад. На тој начин обвинетата ја загрозила неговата безбедност, изразувајќи сериозна закана дека ќе го убие. Таа била осудена на условна затворска казна во траење од два месеци, која нема да се изврши доколку не го повтори делото во рок од една година, без дополнителни објаснувања.

**К.бр.253/19, Основен суд Штип, пресуда од 12 јуни 2019 година; обвинение бр. Ко.бр.291/19 поднесено од Основното јавно обвинителство Штип на 3 јуни 2019 година**: Обвинетиот бил прогласен за виновен за Ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на информатички систем (член 394-г од КЗ), откако било утврдено дека за време на вечерна ТВ емисија во живо емитувана на 3 април 2019 година каде гостин бил Зоран Заев, премиер во тоа време, преку својот Фејсбук профил тој објавил пет коментари преку кои упатувал смртни закани кон него и кон членовите на неговото семејство. Основниот суд Штип на обвинетиот му изрекол условна казна затвор во траење од три месеци, која нема да се изврши доколку тој не го повтори делото во рок од една година, откако ги зел предвид сите отежнувачки околности, како што се тежината на кривичното дело, социјалната штета настаната со стореното дело, степенот кривична одговорност на обвинетиот, како и сите олеснителни околности (дека претходно не бил осудуван и против него не се водела друга кривична постапка, како и неговата возраст).

**К-95/21, Основен суд Прилеп, пресуда од 4 април 2019 година; обвинение бр. КО.бр.26/21 поднесено од Основното јавно обвинителство Прилеп на 9 февруари 2021 година**: Обвинетиот бил прогласен за виновен за Ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на информатички систем (член 394-г од КЗ), бидејќи на 28 октомври 2020 година обвинетиот преку својот Фејсбук профил ги коментирал фотографиите на членовите на политичката партија ВМРО-ДПМНЕ објавени на друг профил на Фејсбук насловен „Македонија". Тој напишал дека лицата на фотографиите се арамии и пљачкаши на Македонија кои ја предале државата и дека доколку имало правна држава, тие требало да бидат јавно обесени како предавници. Според тоа, Основниот суд Прилеп пресудил дека обвинетиот спорното дело го сторил врз група лица поради нивната политичка припадност, со што поттикнал јавна омраза, дискриминација и насилство врз нив. Без никакво детално образложение или повикување на стандардите на ЕКЧП во врска со говорот на омраза, Основниот суд Прилеп го осудил обвинетиот на три месеци затвор, заменета со условна казна од една години.

**XXVII К.бр.937/20, Основен кривичен суд Скопје, пресуда од 30 јуни 2020 година**: Обвинетиот бил осуден за Загрозување на сигурноста (член 144 став 4 од КЗ), бидејќи во периодот од 29 до 31 март 2020 година преку личниот Фејсбук профил се заканувал дека ќе изврши убиство. Особено, на 29 март 2020 година, тој објавил текст во кој се наведувало дека оние што краделе од луѓето треба да бидат стрелани на главниот плоштад во градот. Тој прикачил фотографија од генералниот секретар на СДСМ, Драги

Рашковски и напис во кој тогашниот лидер на опозициската партија, Христијан Мицкоски, навел дека Драги Рашковски ги крадел парите што биле наменети за превоз на лица затворени во државните установи за карантин за време на пандемијата со Ковид-19. На 31 март 2020 година тој објавил текст со следнава содржина: „Треба да го каменуваме". На крајот од неговата објава била фотографија од д-р Венко Филипче, министерот за здравство, со следниов коментар: „Народот го исплука Венко и неговиот број за донации.". Било утврдено дека обвинетиот ги објавувал овие текстови и објави поради политичката определба, како и личниот и социјалниот статус на лицата посочени во неговите објави. По проценката на сите отежнувачки и олеснителни околности, обвинетиот е осуден на две години затвор.

**XVIII К.бр.289/22, Основен кривичен суд Скопје, пресуда од 9 февруари 2022 година**: Обвинетиот бил осуден за Загрозување на сигурноста (член 144 став 4 од КЗ). Било утврдено дека на 20 септември 2017 година преку својот личен Фејсбук профил тој се заканувал дека ќе ги убие највисоките државни функционери (кривично дело инкриминирано по член 309 од КЗ), меѓу кои и Зоран Заев, тогашен премиер, поради неговиот социјален и семеен статус. Во својата објава која била испратена и до групата на Фејсбук „Македонија- македонско- Македонци", тој особено навел: „копилето муртинско дојде на власт без да добие мнозинство. Доста е- ја потресе Македонија во последните три месеци. Време е да се истребат сите антимакедонски структури. Полека, но сигурно, со нож во рака ќе бидат истребени сите изроди. Истребување на целото семејство Заеви. Пред с è, неговите деца." Откако ги зел предвид сите околности на конкретниот случај, Основниот кривичен суд Скопје на обвинетиот му изрекол условна казна затвор од три месеци, која нема да се изврши доколку тужителот не го повтори делото во период од две години.

### 3.2.3. Кривични дела против физички лица

**К-455/20, Основен суд Битола, пресуда од 22 декември 2020 година; обвинение бр. КО.бр.501/20 поднесено од Основното јавно обвинителство Битола на 14 јули 2020 година**: Обвинетиот, поранешен вработен во фирмата *Кромберг и Шуберт Македонија ДООЕЛ Битола*, бил прогласен за виновен за Загрозување на сигурноста (член 144 став 4, во врска со член 45 од КЗ) како континуирано кривично дело. Поконкретно, било утврдено дека на 28 јуни 2020 година преку Фејсбук фан страницата на туристичка агенција од Битола, која имала дозвола за превоз на работниците од *Кромберг и Шуберт Македонија ДООЕЛ Битола*, се заканил дека ќе ги убие и вработените во туристичката агенција и во компанијата, како одмазда за неговото дискриминаторско и самоволно отпуштање од работа. Во претходна прилика во април 2020 година, преку лажен Фејсбук профил тој испратил заканувачка порака во која објавил дека поставил бомби во комбињата и автобусите што ги превезувале работниците и дека тие ќе бидат активирани веднаш штом ќе дојдат пред фабриката. Со наведените дела тој создал страв и неизвесност кај управителот на туристичката агенција.

Исто така, било утврдено дека во неколку наврати помеѓу јули 2019 и јули 2020 година преку лажен профил на Фејсбук тој се заканил дека ќе ги убие комерцијалната директорка и директорка за човечки ресурси кај неговиот поранешен работодавец. Исто така, тој предизвикал страв и неизвесност кај овие директорки, и двете жени, со закана дека ќе ги силува и двете, придружена со фотографија од автоматски пиштол.

Како резултат на тоа, обвинетиот бил осуден на условна казна затвор од една година, која нема да се изврши ако тој не го повтори делото во период од две години. Исто така, Основниот суд Битола како мерка на претпазливост изрекол забрана за приближување и одржување контакти или односи со оштетените, како и со сите други вработени во туристичката агенција и со неговиот поранешен работодавач. Тогаш било забележано дека обвинетиот доброволно ја признал вината, слободно и свесно за правните последици од неговото признание. При одредувањето на казната, Основниот суд Битола ги зел предвид сите отежнувачки околности, како што се степенот на кривичната одговорност и тежината на кривичното дело, тоа што се заканувал на поголем број вработени, како и сите олеснителни околности (меѓу другото и дека обвинетиот се изјаснил за виновен и се каел за кривичното дело што го извршил, се извинил за навредливите и клеветничките зборови искажани на сите засегнати лица, тој претходно не бил осудуван и против него не се водела друга кривична постапка).

### 3.2.4. Кривични дела кои вклучуваат говор на омраза на интернет

**<u>XXIX К.бр. 1043/18, Основен кривичен суд Скопје, пресуда од 13 мај 2019 година, потврдена од Апелациониот суд Скопје, пресуда од 21 јануари 2020 година (ГЖ-682/19):</u>** Обвинетиот е осуден за Ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на информатички систем (член 394-г од КЗ). Било утврдено дека на 15 јуни 2016 година на својот личен Фејсбук профил објавил слики од оружје и заканувачки коментари во кои повикувал на физичка елиминација на тогашниот премиер Зоран Заев. Исто така тој промовирал и поттикнувал насилство врз членовите на таканаречената Шарена револуција, меѓу кои и Зоран Заев, врз основа на нивната политичка определба.

Адвокатот на обвинетиот тврдел дека спорните коментари се однесувале на Шарената револуција и тие директно не го засегале Зоран Заев; немало доказ дека обвинетиот напишал дека ќе го убие; немало директни закани кон него или кон кое било друго лице. Понатаму, спорната слика била поставена само на симболичен начин со цел да се изрази протестот и маката на обвинетиот, бидејќи учесниците во Шарената револуција го осквернавиле споменикот на децата бегалци од Егејска Македонија. Но, ваквите аргументи биле отфрлени од Основниот кривичен суд Скопје. Било заклучено дека постоела јасна намера од страна на обвинетиот да го стори делото за кое се товарел бидејќи сликите што ги објавил можеле да предизвикаат негативни реакции кај противниците на Шарената револуција и негативните коментари содржани во неговата објава можеле да ги надминат границите на дозволената критика и да се сметаат како промоција и поттикнување на насилство.

Повикувајќи се на судската пракса на ЕСЧП, Основниот кривичен суд Скопје нагласил дека секој поединец кој води политичка дебата за прашања во општ интерес, вклучително и обвинетиот, не треба да надминува одредени граници, особено заради почитување на честа и правата на другите, како што во конкретниот случај бил Зоран Заев како член на Шарената револуција. Основниот кривичен суд Скопје ја оквалификувал Шарената револуција како социјален собир преку кој се искажувале одредени политички мислења кои обвинетиот ги квалификувал како вознемирувачки. Судот, исто така, оценил дека на обвинетиот му било дозволено да користи одредена доза на претерување, па дури и провокација, и да биде неумерен во своите изјави. Меѓутоа, тој не смеел ниту да прикачува фотографии на Фејсбук на кои се гледа оружје, ниту, пак, да објавува заканувачки коментари.

Понатаму, Основниот кривичен суд Скопје ги отфрлил аргументите дека Зоран Заев бил оштетен и поради тоа, тој немал право да поднесе кривична пријава против обвинетиот во овој случај. Тој заклучил дека иако неговото име не било директно споменато во објавата на обвинетиот, тој сепак бил потенцијално оштетен бидејќи ѝ припаѓал на Шарената револуција како форма на организација на граѓанското општество.

Во своето детално образложение, Основниот кривичен суд Скопје повторил дека правото на пристап до интернет служи за информирање и уживање во слободата на говорот и како такво не треба да се поткопува. Во исто време, треба да се имаат предвид обврските предвидени во меѓународните инструменти за човекови права, вклучително и ЕКЧП и Меѓународниот пакт на ОН за граѓански и политички права, кои дозволуваат ограничувања секогаш кога интернетот се користи како инструмент за поттикнување омраза, насилство, непријателство, дискриминација или за да се изврши геноцид. Правото на користење на интернет мора да биде избалансирано со другите човекови права и првенствено со правото на приватност, додека поединецот секогаш треба да внимава дискусиите, коментарите и објавите на Интернет да не предизвикаат последици по сигурноста на засегнатото лице.[87]

Исто така, било истакнато дека во согласност со судската пракса на ЕКЧП, во едно демократско општество потребно е да се санкционираат или спречат сите форми на говор кои поттикнуваат, шират, промовираат или оправдуваат омраза или ја загрозуваат личната безбедност заснована на нетолеранција, при што ограничувањата, формалностите и казните мора да бидат пропорционални на легитимната цел што се сака да се постигне. Во таа насока, домашните власти имаат позитивна обврска да преземат заштитни мерки со цел да се спречи компјутерскиот криминал, особено употребата на говор на омраза преку социјалните мрежи, вклучително и интернетот, а со тоа и да се спречи загрозувањето на основните човекови права.

[87] Дополнително, Основниот кривичен суд Скопје се повикал и на Конвенцијата за компјутерски *криминал на Советот на Европа* од 2001 година (*Будимпешта, 23.XI.2001, серија на европски договори-бр.* 185).

Апелациониот суд Скопје ги потврдил наодите и образложението на Основниот кривичен суд Скопје. Исто така, се појаснувало дека Зоран Заев бил член на Шарената револуција чии членови на јавен протест ги искажувале своите ставови и несогласувања за тоа како се адресираат бројни политички прашања, како и политичките ставови на тогашната владејачка коалиција. Така, нејзините членови биле дефинирани како група на луѓе кои изразуваат одредени политички определби и активностите на обвинетиот, па според тоа, тие биле експлицитно насочени против нив.

**<u>К-734/20, Основен суд Прилеп, пресуда од 15 декември 2019 година; обвинение бр. КО.бр.538/20 поднесено од Основното јавно обвинителство Прилеп на 28 октомври 2020 година:</u>** Обвинетиот бил прогласен за виновен за Ширење расистички и ксенофобичен материјал по пат на информатички систем (член 394-г од КЗ) во врска со настани што се случиле за време на вонредната состојба прогласена поради пандемијата со Ковид-19. Биле воведени мерки за заштита и спречување на ширење на болеста, меѓу кои и задолжителен 14-дневен карантин за македонските државјани кои се враќале од странство и биле сместени во одредени хотели. На 28 март 2020 година, обвинетиот преку својот Фејсбук профил ги повикал сите да ги запалат сите хотели во кои биле сместени „ѓаволите" (Џаолите). Тој, исто така, додал дека секој што ги напуштал тие хотели требало да биде застрелан, бидејќи тоа е единствениот начин да се спаси Македонија. Според првостепениот суд, неговата објава со фотографиите од автобусите кои превезувале лица од граничните пунктови до хотелот „Епинал" во Битола предизвикала јавна омраза, дискриминација и насилство врз засегнатата група лица врз основа на нивната здравствена состојба. Без никакво детално образложение или повикување на меѓународните стандарди во врска со говорот на омраза и криминалот од омраза, Основниот суд Прилеп го осудил обвинетиот на условна казна затвор од три месеци, која нема да се изврши ако тој не го повтори делото во период од една година.

**<u>К.бр.196/21, Основен суд Штип, пресуда од 10 мај 2021 година, по обвинение бр. Ко.бр.188/21 поднесено од Основното јавно обвинителство Штип на 23 април 2021 година</u>**: Обвинетиот бил прогласен за виновен за Ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на информатички систем (член 394-г од КЗ) и, според тоа, му била изречена условна казна затвор од три месеци, што немало да се изврши ако тој не го повтори делото во период од една година. Имено, било утврдено дека во периодот од 5 септември 2020 до 18 март 2021 година преку својот Инстаграм профил тој објавувал фотографии со текст во кој ги навредувал и им се заканувал со смрт на Јеховините сведоци, на членовите на џамискиот одбор и на Македонците со христијанско верување. Така, обвинетиот промовирал и поттикнувал омраза и насилство врз овие групи на лица врз основа на нивната религија и верско убедување.

**<u>К.бр.270/19, Основен суд Штип, пресуда од 10 мај 2021 година, по обвинение бр. Ко.бр.188/21 поднесено од Основното јавно обвинителство Штип на 23 април 2021 година</u>**: Обвинетиот бил осуден за Ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на информатички систем (член 394-г од КЗ). Првостепениот суд утврдил дека на 16

март 2019 година раширил идеја која поттикнува насилство врз група врз основа на нејзината религија и насилство врз верски објект. Тој, всушност, преку својот Инстаграм профил споделил текст преземен од интернет порталот www.vecer.mk за терористички напад на џамија во Нов Зеланд претходниот ден. До него, тој објавил дека истото треба да се прави и внатре во црква за да умрат сите. По неговото признание на вина, без никакво детално образложение или повикување на меѓународни стандарди во врска со говорот на омраза и криминалот од омраза, судот го осудил обвинетиот на условна казна затвор од шест месеци која нема да се изврши под услов обвинетиот да не го повтори истото дело во период од една година. При определувањето на казната, тој ги зел предвид сите отежнувачки околности (тежината на кривичното дело, социјалната штета настаната со делото, степенот на кривичната одговорност на обвинетиот, особено имајќи предвид дека се работи за кривично дело од омраза), како и сите олеснителни околности (дека обвинетиот се покајал за стореното дело, правилно се однесувал во текот на кривичната постапка и со своето изјаснување придонел за ефикасно прекинување на кривичната постапка, сам се појавил пред судот без да биде повикан, претходно не бил осудуван и не сторил други кривични дела и сл.).

**Општ коментар за случаите кои се однесуваат на изјави на интернет кои претставуваат кривични дела:**

Сѐ на сѐ, анализата на кривичните предмети претставени погоре, кои вклучуваат говор на омраза изразен преку интернет платформи доведува до заклучоци како оние во врска со пресудите во кои се третира говорот на омраза воопшто (види Поглавје 2: Говор на омраза).

Накратко,

- постои општ тренд на гонење на предметите што се однесуваат на говорот на омраза, додека се чини дека не се воспоставени други механизми кои не се од кривично-правна природа со цел да се адресира овој феномен, како што се бара со Препораката CM/Rec (2022)16 на Советот на Европа за борба против говорот на омраза;
- и обвинителството и судските власти развиле пракса каде што сите навредливи или штетни видови на изразување се сметаат за говор на омраза, и покрај стандардите на Советот на Европа дека треба да бидат доволно строги за да бидат легитимно ограничени според ЕКЧП;
- ваквата пракса е уште поочигледна кога спорниот говор е насочен против политичари од владејачките политички партии, што предизвикува одредени сомнежи дали биле гонети сите слични случаи, без разлика дали жртвата била политичар или приватно лице;
- со неколку исклучоци, пресудите што се разгледуваат се прилично кратки, без соодветно упатување на главните концепти и дефиниции за говорот на омраза

кои се дадени на меѓународно ниво, вклучувајќи ги и стандардите развиени од ЕСЧП;

- слично, тие не ги сметале елементите на говорот на омраза, кои вклучуваат 1) намера да се шири омраза против одредена група; 2) содржина и контекст на одредено изразување и 3) последиците кои произлегуваат од говорот на омраза;
- во повеќето предмети обвинетите биле осудени на условни затворски казни; ова отвора прашања за тоа дали сегашната казнена политика е соодветна или треба да се преиспита за да се обезбеди ефикасна превенција од слични кривични дела во иднина.

Што се однесува до другите видови кривични предмети кои не може да се категоризираат како говор на омраза, без разлика дали делата за кои обвинетите биле осудени се насочени кон политичари или кон приватни лица, очигледно е дека повеќето од кривичните пресуди не биле добро образложени или барем, нивното образложување не вклучувало никакви параметри што се утврдени од страна на ЕСЧП.

# 4. Заштита и безбедност на новинарите

## 4.1. Вовед

Судската пракса на Европскиот суд за човекови права ја нагласува улогата на медиумите како јавни чувари во едно демократско општество.

Судот во многу наврати нагласил дека иако печатот не смее да пречекорува одредени граници, особено во однос на заштитата на угледот и правата на другите, сепак неговата задача е да дава, на начин што е во согласност со неговите обврски и одговорности, информации и идеи за сите прашања од јавен интерес. Не само што печатот има задача да пренесува такви информации и идеи, туку јавноста исто така има право да ги прими. Да било поинаку, печатот немаше да може да ја игра својата витална улога на „јавен чувар" (*Владет Тромско и Стенсаас против Норвешка* [GC], став 59 и 62; *Педерсен и Бадсгард против Данска* [GC], став 71; *Фон Хановер против Германија* (бр. 2) [GC], став 102).

Препораката CM/Rec(2016)4 на Комитетот на министри за заштита на новинарството и безбедноста на новинарите и другите медиумски актери[88] дава насоки за обезбедување ефикасна заштита на новинарството и безбедност на новинарите и другите медиумски актери. Тие упатства се организирани во четири столба: спречување, заштита, гонење (вклучувајќи специфичен фокус на неказнивоста) и промоција на информации, едукација и подигање на свеста. Конкретно, Препораката CM/Rec(2016)4 нагласува дека е императив секој вклучен во убиства, напади и малтретирање на новинари и други медиумски актери да биде изведен пред лицето на правдата, после делотворна истрага за таквите кривични дела што мора да биде брза, адекватна, темелна, непристрасна и независна и да биде подложна на јавна контрола. Исто така, се нагласува дека во спротивно, во отсуство на кривична одговорност за какви било закани, заплашување или дела против новинари, може да се појави култура на неказнивост.[89]

Што се однесува до општата ситуација на домашно ниво, важно е да се забележи дека во својот последен извештај за проширувањето од 2022 година, Европската комисија забележала дека „[с]лободата на изразување и плуралистичките гледишта продолжија да напредуваат во генерално поволен севкупен политички контекст." Сепак, таа истакнала дека „препораките од минатата година остануваат валидни" и ги повика властите, *inter alia*, „навремено да ги решат сите случаи на закани и дела на насилство врз новинарите и да обезбедат сторителите да бидат изведени пред лицето на правдата."[90]

---

[88] Совет на Европа, Препорака CM/Rec(2016)4[1] на Комитетот на министри од земјите-членки за заштита на новинарството и безбедноста на новинарите и другите медиумски актери (Усвоена од Комитетот на министри на 13 април 2016 година на 1253тиот состанок на замениците-министри), достапна на:https://search.coe.int/cm/Pages/result_details.aspx?ObjectId=09000016806415d9#_ftn1.

[89] *Додаток на Препораката* CM/Rec(2016)4, **I. Упатства,** во ставови 17, 18 и 19.

[90] Брисел, 12.10.2022 година, SWD(2022) 337 конечен РАБОТЕН ДОКУМЕНТ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА КОМИСИЈАТА Северна Македонија 2022 година Извештај што го придружува документот Комуникација од Комисијата до Европскиот парламент, Советот, Европскиот економски и социјален комитет и Комитетот на регионите 2022

Дополнително, биле претставени одредени бројки кои ги покажуваат актуелните трендови во врска со инцидентите во кои се вклучени новинари.[91] Исто така, со загриженост било  забележано дека „продолжуваат вознемирувањето и вербалните напади на новинари на интернет, особено на социјалните медиуми", како и дека „[по]старите случаи на физички напади врз новинари остануваат нерешени". Конечно, Европската комисија го изразила  својот став дека „[п]остоечката правна рамка обезбедува доволно механизми за органите за ред и мир и Јавното обвинителство да ги изведат сторителите пред лицето на правдата", но „потребни се дополнителни активности за да се осигураат непристрасни, брзи и ефективни истраги."[92]

Наспроти ова, може да се заклучи дека безбедноста на новинарите и другите медиумски професионалци во земјата и понатаму е загрижувачка. Позитивен чекор напред во исполнувањето на препораките на Европската комисија може да биде назначувањето на фокусна точка во Основното обвинителство Скопје на почетокот на октомври 2022 година, која ќе биде задолжена за следење на внатрешното процесирање на случаите во кои се вклучени новинари, без оглед дали тие имале статус на оштетена страна или на сведок во соодветната постапка.[93]

Исто така, треба да се истакне дека и покрај тоа што недостатокот на ефективен одговор на инцидентите во кои се вклучени новинари не се должи на дупките во домашното законодавство, имало и други значајни иницијативи, исто така претежно преземени од Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) и Синдикатот на македонските новинари и медиумски работници (ССНМ), за да се зајакне нормативната заштита на новинарите и другите медиумски професионалци преку воведување соодветни измени во Кривичниот законик. За таа цел, се предлага новинарите и другите медиумски професионалци да се сметаат за „јавни функционери" и соодветно, одредени кривични дела да се гонат по службена должност доколку се сторени против нив. Ваквите

---

година Политика за проширување на ЕУ {COM(2022) 528 конечен} - {SWD(2022) 332 конечен} - {SWD(2022) 333 конечен} - {SWD(2022) 334 конечен} - {SWD(2022) 335 конечен} - {SWD (2022) 336 конечен} - {SWD(2022) 338 конечен}, достапно на: https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/north-macedonia-report-2022_en, на стр.27.

[91] На пример, било забележано дека во 2021 година, Министерството за внатрешни работи евидентирало осум случаи на напади врз новинари, додека во 2020 година имало десет такви случаи. Во три случаи биле поднесени кривични пријави (за кривично дело сторено за време на протест, повреда на авторски и сродни права и закана преку Интернет), додека истрагата за преостанатите пет напади била во тек. Исто така, било посочено дека Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) евидентирало пет напади, од кои три биле врз новинарки и дека бројот на такви напади бил зголемен за време на локалните избори во 2021 година.

[92] *Supra note* 94, на стр.28.

[93]Оваа акција била преземена по иницијатива на Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ) и_*Синдикатот* на *македонските новинари* и медиумски *работници* (ССНМ). За повеќе детали, погледнете го соопштението за медиумите издадено од јавното обвинителство (https://jorm.gov.mk/ojo-skopje-naznachi-javen-obvinitel-za-kontakt-za-predmeti-povrzani-so-bezbednosta-na-novinarite/). Во ова соопштение било наведено и дека македонското обвинителство ќе даде приоритет на испитувањето на случаите кои се однесуваат на безбедноста на новинарите и за таа цел ќе ја унапредат соработката со новинарските здруженија, со цел казнување на секое кривично дело кое ја загрозува слободата на изразување.

кривични дела ќе вклучуваат: убиство, принуда, загрозување на сигурноста и спречување службено лице во вршење на службено дејствие.[94]

### 4.2. Одлуката на ЕСЧП во предметот *Селмани и други*

Референтна пресуда за безбедноста на новинарите во македонски контекст е ***Селмани и други.***[95] Всушност, таа го претставува првиот македонски предмет во кој ЕСЧП утврдува повреда на членот 10 од Конвенцијата. Дополнително, тој служи како лекција за домашните институции дека мора да ја гарантираат безбедноста на новинарите и другите медиумски работници до тој степен што ќе можат да ја исполнат својата професионална должност да известуваат за настани кои се од јавен интерес.

Предметот се однесуваше на насилното отстранување на новинарите од галеријата на Собранието, како место одредено за новинарите овластени да известуваат за работата на Собранието. Инцидентот се случи на 24 декември 2012 година додека новинарите известуваа за собраниската расправа за одобрување на државниот буџет за 2013 година, а во исто време две спротивставени групи луѓе протестираа пред зградата на Собранието.

На самиот почеток, Судот забележа дека нередот во собраниската сала и начинот на кој властите се справувале со него биле прашања од легитимен јавен интерес. Затоа, медиумите имале задача да соопштат информации за настанот и јавноста имала право да добие такви информации. Судот ја потврди својата позиција дека медиумите играат клучна улога во обезбедувањето информации за начинот на кој властите се справуваат со јавните демонстрации и за одржувањето на редот. Судот, исто така, подвлече дека секој обид за отстранување на новинарите од местото на демонстрациите мора да биде предмет на строга контрола.[96] Од истата причина, Судот забележа дека отстранувањето на апликантите имало негативни ефекти кои ги спречиле да добијат информации од прва рака и директно врз основа на нивното лично искуство да се запознаат со настаните што се одвиваат во Собранието, а со тоа и неограничен контекст во кој властите истите им ги давале.[97] Во целост, Судот сметал дека Владата не успеала убедливо да утврди дека таквото мешање било неопходно во едно демократско општество и го исполнувало барањето за „итна општествена потреба“. Уставниот суд, без да одржи усна расправа, утврди дека обезбедувањето сметало дека новинарите требале да бидат преместени заради сопствена заштита. Според мислењето на Судот, иако причините дадени од

---

[94] Види во *Предлогот на закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик*, јули 2021 год., достапен на: https://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2021/09/predlog_krivicen_zakonik_-_alb_2.pdf
[95] *Селмани и други против Поранешна Југословенска Република Македонија, бр. 67259/14, 9 февруари 2017 година*
[96] став 75 од пресудата
[97] став 84 од пресудата

Уставниот суд биле релевантни, тие сепак не можат да се сметаат, во овие околности, како доволни за да се оправда отстранувањето на апликантите од галеријата.[98]

Со оглед на тоа што Судот утврдил повреда на членот 10 од Конвенцијата, на секој апликант тој му додели сума од 5.000 евра во однос на нематеријалната штета, плус данокот што може да се наплати.[99]

### 4.3. Кривични постапки поврзани со безбедноста на новинарите

Платформата за безбедност на новинарите на Советот на Европа објави дека од 2015 година до крајот на ноември 2022 година, во земјата било алармирано за вкупно 20 случаи против новинари и медиумски работници, вклучително и десет напади врз физичката безбедност и интегритетот на новинарите, три случаи на приведување и затворање на новинари, три инциденти на вознемирување и заплашување на новинари, еден случај на неказнивост и три случаи кои се однесуваат на други дела кои имаат одвраќачки ефекти врз слободата на медиумите.[100] Меѓутоа, во текот на спроведување на анализата, од страна на судовите беше обезбеден само еден кривичен предмет за физички напади врз новинари или други медиумски работници, бидејќи повеќето од нив пријавиле дека такви случаи не биле регистрирани во нивните бази на податоци во периодот опфатен со оваа анализа. Ова не е неочекуван развој на настаните, со оглед на недостатокот на ефективен кривичен одговор на инцидентите пријавени во праксата што беа обработени на почетокот на ова Поглавје.

Во оваа анализа се вклучени два предмети за закани за убиство на реномиран новинар.[101]

Во првиот предмет, **XXIX К.бр.212/20, Основен кривичен суд Скопје, пресуда од 16 март 2020 година**, Емил Јакимовски, вработен во Централниот регистар и член на политичката партија ВМРО-ДПМНЕ, е осуден за Загрозување на сигурноста (член 123 од КЗ) на неговата поранешна сопруга и Мери Јордановска, реномирана новинарка и уредничка на интернет порталот a1on.mk и новинската агенција Макфакс, испраќајќи ѝ пораки преку повеќе платформи на социјалните мрежи. Тој бил осуден на една година и шест месеци затвор. Со оглед на неговата здравствена состојба констатирана од лекарски вештак, Основниот кривичен суд Скопје наредил и примена на мерката задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа (член 63 од КЗ и чл. 525 од ЗКП).

---

[98] став 85 од пресудата. Покрај повредата на членот 10 од Конвенцијата, во овој предмет е констатирана и повреда на членот 6 од Конвенцијата (право на правично судење) поради неуспехот на Уставниот суд да одржи усна расправа.

[99] став 90 од пресудата

[100] Овие податоци се достапни на: https://fom.coe.int/en/pays/detail/11709590. Видете ги и статистичките податоци обезбедени од Министерството за внатрешни работи наведени во фуснота 96.

[101] Еден од овие предмети е прибавен од Основниот кривичен суд Скопје, а другиот е идентификуван како резултат на дополнително истражување на литературата.

Основниот кривичен суд Скопје како отежителна околност го сметал тоа што загрозената новинарка била мета како жена и уредничка на медиум, особено што обвинетата се сметало дека припаѓа на противничка политичка групација, што не било точно. Иако оваа пресуда е правосилна, таа нема да биде детално елаборирана и коментирана, бидејќи судот пресудил во случајот само врз основа на важечкото домашно кривично законодавство, додека не се осврнал конкретно на улогата на новинарите и важноста за заштита на нивната безбедност, меѓу друго, повикувајќи се и на судската пракса на ЕКЧП во овој поглед.

Вториот предмет, **I К.бр.1807/18, Основен кривичен суд Скопје, пресуда од 17 мај 2019 година**, накратко е прикажан подолу.

**Факти**: Судот го осудил Тони Михајловски, популарен македонски актер, за загрозување на сигурноста (член 144 став 4 од КЗ) на Бранко Тричковски, познат новинар. Било утврдено дека на 16 јуни 2017 година тој преку својот личен Фејсбук профил изјавил дека е во состојба да го убие Тричковски. Се сметало дека како резултат на овој чин, била поттикната физичка елиминација и му била загрозена сигурноста со оглед на неговиот социјален статус како новинар. Следствено на тоа, тој бил осуден на условна казна затвор од три месеци што нема да се изврши доколку делото не се повтори во период од една година.

**Образложение**: При определувањето на казната, Основниот кривичен суд Скопје ги зел предвид сите отежнувачки околности, но оцената ја насочил на олеснителните околности (тоа што обвинетиот се изјаснил за виновен и се каел за делото, што бил оженет и татко на две деца, што не бил ниту осуден, ниту против него се водела друга кривична постапка, ветил дека нема да стори повторно кривично дело, како и што загрозениот ниту се вклучил во кривичното гонење, ниту пак поднел барање за надомест на штета).

**Коментар**: Оваа пресуда, како огромно мнозинство пресуди донесени во кривичните предмети кои се дел од оваа анализа, е прилично кратка и нема детално образложение, особено кога станува збор за повикување на судската пракса на Судот во Стразбур. Судечкиот суд можел да ги истакне и позитивните обврски на државата да воспостави ефикасен механизам за заштита на новинарите со цел да се создаде поволна средина за учество во јавна дебата, овозможувајќи им да ги изразат своите мислења и идеи без страв, дури и ако тие се спротивни на оние што ги бранат официјалните власти или значителен дел од јавното мислење, па дури и ако се иритирачки или шокантни за јавноста (*Динк против Турција*, став 137; *Хадија Исмајилова против Азербејџан*, став 158).

### 4.4. Постапки за клевета во кои се вклучени новинари

Поведувањето на постапки за клевета може да се смета како сериозна правна закана за целосното и непречено уживање на слободата на медиумите, особено ако таквите постапки се покренати од политичари или од носители на јавни функции. Исто така, тоа

може да ги намали сите напори за создавање поволна или овозможувачка средина за слободата на изразување во едно демократско општество.

### 4.4.1. „Должности и одговорности" на новинарите

Зајакнатата заштита дадена на печатот според член 10 „е под услов тие да се придржуваат до нивната последователна обврска за „одговорно новинарство". Така, задачата за пренесување информации нужно вклучува должности и одговорности, како и ограничувања што печатот мора спонтано да си ги наметне (*Матер против Турција*, став 55). Не е задача на Судот или на националните судови да ги заменат своите ставови со оние на печатот за тоа која техника на известување треба да ја прифатат новинарите во кој било даден случај (*Јерслид против Данска*, став 31; *Стол против Швајцарија* [GC], став 146). Следува дека улогата на Судот во овој поглед е суштинска за обезбедување на соодветна заштита на новинарската слобода на изразување, но и нејзино ограничување секогаш кога тоа е неопходно бидејќи одредени граници се неоправдано пречекорени.

Во само неколку случаи домашните судови се занимавале со концептот на „должности и одговорности" својствени за практикувањето на слободата на изразување од страна на новинарите. Според овој концепт, како што е дефиниран од Судот во Стразбур, заштитата што им ја дава членот 10 на новинарите во врска со известувањето за прашања од општ интерес е условено со тоа тие да дејствуваат со добра волја и врз точна фактичка основа и да обезбедуваат „сигурни и прецизни" информации во согласност со етиката на новинарството (*Аксел Спрингер АГ против Германија* [GC], став 93; *Бладет Тромсо и Стенсаас против Норвешка* [GC], став 65; *Педерсен и Бадсгард против Данска* [GC], став 78; *Фресоз и Роар против Франција* [GC], став 54; *Стол против Швајцарија* [GC], став 103; *Касабова против Бугарија*, став 61 и 63-68; *Селами против Франција*, став 52-54; *Бергенс Тиденде и други против Норвешка*, став 53; *Гудвин против Обединетото Кралство*, став 39; *Фресоз и Роар против Франција* [GC], став 54).

Постоењето на добра волја може да се утврди преку повикување на фактите и околностите на секој конкретен случај, како и преку следење на усогласеноста со новинарската етика, особено со оглед на влијанието што го имаат медиумите во современото општество и во светот во кој поединецот е соочен со огромни количества информации (*Стол против Швајцарија* [GC], став 104).

Концептот на „одговорно новинарство" може да се дефинира како целосно почитување на правилата на новинарската „етика" и „професионалните кодекси" при вршењето на професионалната дејност од страна на новинарите. Таа ја ужива заштитата на членот 10 од Конвенцијата и е подеднакво релевантна во однос на уредувачките одлуки. Според мислењето на Судот, бидејќи помагаат да им се обезбеди на авторите медиум за изразување на нивните идеи, издавачите не само што целосно учествуваат во остварувањето на слободата на изразување на авторите објавени од нив, туку ги споделуваат и „должностите и одговорностите" на авторите. Според тоа, членот 10 не спречува издавачите, дури и ако лично не се поврзани со изразените мислења, да бидат

казнети за објавување текст чиј автор ги занемарил овие „должности и одговорности", доколку се исполнети условите предвидени во став 2 (*Орбан и други против Франција*, став 47). На пример, Судот не утврдил прекршување кога директор на еден весник бил осуден и нему му била изречена условна затворска казна за објавување клеветнички напис за двајца судии. Судот одлучил дека, како директор на весник, лицето било овластено и должно да осигура политичката дебата да не прерасне во навреди или лични напади *(Белпиетро против Италија,* став 41).

Одговорностите на уредниците се исто така опфатени во неколку предмети во кои постапувале домашните судови во периодот опфатен со оваа анализа.

**8к. П5-18/16, Основен граѓански суд Скопје, пресуда од 15 март 2017 година, потврдена од Апелациониот суд Скопје, пресуда од 15 ноември 2017 година (ГЖ-4985/17)**

**Факти**: Тројца универзитетски професори на Правниот факултет во Скопје, Александар Климовски, Гоце Наумовски и Тимчо Муцунски, поведоа граѓанска постапка за клевета против Јадранка Костова, главна и одговорна уредничка на неделникот „Фокус". Нивната постапка се однесувала на написот објавен во весникот на 19 јуни 2015 година во кој се наведувало дека Тимчо Муцунски добил одобрение од Министерството за финансии да се вработи како асистент на Правниот факултет со поддршка на другите двајца тужители, кои биле членови на иста политичка партија како него.

**Образложение**: Основниот граѓански суд Скопје ја одбил тужбата на тужителите, утврдувајќи дека новинарката која го напишала спорниот напис го објавила откако преку лична комуникација и електронска кореспонденција со друг професор од истиот факултет таа се здобила со соодветни информации за вработувањето на Тимчо Муцунски. Дополнително, тужената не можела да биде тужена бидејќи се грижела само за општата уредувачка политика на весникот и таа ниту ја надгледувала ниту ја одобрувала содржината на публикациите. Тоа повеќе било должност на друг уредник во весникот.

Основниот граѓански суд Скопје се повикал на членот 8 став 3 од ЗГОНК. Во него се пропишувало дека: „ако изнесувањето или пронесувањето невистинити тврдења за факти е сторено преку средство за јавно информирање (весници, магазини и друг печат, програми на радиото и телевизијата, електронски публикации, телетекст и други форми на уреднички обликувани програмски содржини кои се објавуваат, односно се емитуваат дневно или периодично во пишана форма, звук или слика, на начин достапен за широката јавност), за клевета можат да одговараат авторот на изјавата, уредникот или лицето кое го заменува во средството за јавно информирање и правното лице". Понатаму, според член 14 став 1 од Законот за медиуми, кој треба да се применува во конкретниот случај како *lex specialis*, секој медиум има должност да објави податоци за лицето/ата одговорно/и за објавената содржина. Со оглед на оваа одредба, било забележано дека весникот Фокус ја исполнил својата законска должност ставајќи го

името на друг уредник во своето правно известување. Затоа требало да се тужи тој, а не тужената како главна уредничка.

**<u>Коментар</u>**: Образложението на првостепениот суд, потврдено во одлуката по жалба, се засновало на домашното право, особено во однос на должностите и одговорностите на новинарот кој бил автор на спорниот напис. Меѓутоа, ова не било поддржано со ниту еден меѓународно прифатен стандард во врска со должностите и одговорностите на уредниците на медиумите.

**II П5-3/17, Основен граѓански суд Скопје, пресуда од 17 декември 2018 година, потврдена од Апелациониот суд Скопје, пресуда од 29 мај 2019 година (ГЖ-1733/19)**

**<u>Факти:</u>** *Фондацијата Отворено општество Македонија* („Фондацијата") покренала постапка за клевета против Ивона Талевска, главна уредничка на дневниот весник „Вечер", во врска со напис објавен во весникот на 27 октомври 2015 година. Тој содржел обвинувања дека Фондацијата заедно со УСАИД им доделила финансиски грант од околу 230 000 американски долари на осум невладини организации предводени од 20 активисти поврзани со Фондацијата и политичката партија СДСМ, покрај 2 милиони американски долари кои редовно се давале на невладините организации. Парите наводно биле доделени за поддршка на протестите организирани од СДСМ и таканаречената Шарена револуција и на секој предлог-проект му била доделена сума од 32.000 американски долари во рамките на проектот „Граѓаните за демократски реформи". На крајот било констатирано дека Фондацијата подготвила обука за заедничко организирање протести со невладина организација од Србија.

**<u>Образложение:</u>** Во своите поднесоци, тужениот тврдел дека спорниот напис бил изготвен на професионален начин, со користење на бројни извори на информации, вклучително и официјалните извештаи изготвени од тужителот, дека неговото објавување било од јавен интерес и дека некои од наводите биле веќе објавени од други дневни весници и истите не биле оспорени од тужителот. Според тоа, постоела оправдана основа да се верува во вистинитоста на спорната изјава.

Сепак, Основниот граѓански суд Скопје сметал дека објавената содржина била неточна и со нејзиното објавување тужениот имал за цел да ги наруши честа и угледот на тужениот. Одговорноста на тужениот била утврдена врз основа на членот 8 став 4 од ЗГОНК кој гласи: „Издавачот, уредникот или лицето кое го заменува во средството за јавно информирање и правното лице што го издава средството за јавно информирање, за клевета сторена од новинарот во тоа средство кој е автор на изјавата одговараат врз начелото на претпоставена одговорност".

Покрај тоа, тужениот како главен уредник имал должност да ја провери содржината на секоја публикација во весникот, како и да ја провери веродостојноста на изворот на информацијата во случај кога одреден материјал бил пренесен од друг весник, како што било наведено во овој случај. Освен тоа, Основниот граѓански суд Скопје посебен акцент

ставил на тоа што авторот на објавениот текст останал непознат и бил ставен како наслов на насловната страница на весникот.

Барањето за надомест на штета на тужителот од 600.000 македонски денари (околу 10.000 евра) било одбиено, бидејќи се сметало дека самото утврдување на одговорност за клевета ќе претставува доволна лична и морална сатисфакција за тужителот. Наместо тоа, Основниот граѓански суд Скопје му наложил на тужениот да го објави диспозитивот од пресудата на истата страница како и спорниот напис, со што го уважил барањето на тужителот во тој поглед.

Во пресудата на апелациониот суд било нагласено дека објавената содржина немала доволно фактичка основа, бидејќи тужената во својство на главен уредник не ја проверила веродостојноста пред објавувањето. Така, таа ја надминала границата на своето право на слобода на изразување на штета на правата на другите. Апелациониот суд Скопје ја потврдил пресудата на првостепениот суд, сметајќи дека наредбата, наместо да се досуди отштета за наметнување обврска за објавување на пресудата во весникот на тужениот, ќе биде пропорционална на претрпената штета. Ова, исто така, било во согласност со членовите 15 и 16, став 1 и 2 од ЗГОНК.

**Коментар**: Во конкретниот случај, домашните судови, до одреден степен, се потпирале на концептот „должности и одговорности" во однос на улогата на уредниците и нивната одговорност за објавената содржина. Сепак, образложението дадено и од првостепениот и од апелациониот суд се засновало само на оценката на фактите на случајот и на домашното законодавство без никакво повикување на релевантната судска пракса на Судот во Стразбур. Од друга страна, надлежните судови целосно ја занемариле важноста на интересот на јавноста да биде информирана за тоа како се трошат парите дадени на граѓанските организации, како важно прашање во едно демократско општество, особено поради нивната улога на „јавни чувари" и почитта и кредибилитетот што треба да го уживаат кај граѓаните. Конечно, уште еднаш, како во случајот бр. 2П5-27/16, разгледано погоре, истиот првостепен суд употребил несоодветна терминологија, кога станувало збор за „личната и моралната сатисфакција" која требало да се постигне со изреката за објавување на пресудата наместо да се досуди надомест на штета, иако тужителот не бил физичко, туку правно лице.[102]

**2П5-6/17, Основен граѓански суд Скопје, пресуда од 25 септември 2019 година, потврдена од Апелациониот суд Скопје, пресуда од 22 април 2021 година (ГЖ-1592/20)**

**Факти:** Приватно лице и неговата компанија покренале граѓанска тужба за клевета против дневниот весник „Вечер" и неговата главна уредничка Ивона Талевска, во врска со серија написи објавени во ноември и декември 2016 година и на 9 јануари 2017

[102] Види во Поглавје 3: Клевета, дел 3.3.2.3: Домашна судска пракса која не е во согласност со стандардите на ЕКЧП.

година. Во написите било наведено дека тужителот, кој бил пријател на тогашниот премиер Зоран Заев и претседавал со комисијата за енергетика во неговата политичка партија СДСМ, заработил огромни профити снабдувајќи го со гас по двојна цена локалното претпријатие за дистрибуција на гас, што работело во Струмица, родното место на Зоран Заев. Во прилог на овие наводи, авторот на текстот забележал дека на фирмата во сопственост на тужителот во три наврати ѝ биле доделени договори за јавна набавка , што значи дека само неговата компанија смеела да ја снабдува општина Струмица со гас. Било забележано и дека информациите биле добиени по извршеното пребарување на сите бази на податоци достапни на Интернет. По претставка поднесена од законскиот застапник на тужителот, на 9 јануари 2017 година, Советот за етика во медиумите на Македонија одлучил дека со објавувањето биле повредени членовите 1, 3 и 13 од Кодексот на етика на новинарите на Македонија како резултат на спорните написи.

**Образложение**: Основниот граѓански суд Скопје ја усвоил тужбата на тужителите да се констатира дека тужените имале намера да го нарушат угледот на тужителите. Судот го одбил барањето за обесштетување, укажувајќи дека утврдувањето на граѓанска одговорност за клевета треба да претставува доволна лична и морална сатисфакција за првиот тужител и оттука, немало потреба да се додели надомест на материјалната штета. Истите наоди ги потврдил и апелациониот суд.

**Коментар**: За разлика од многу други случаи, во конкретниот случај надлежните судови автоматски прифатиле дека главниот уредник треба да биде одговорен за написите напишани од колегите без да дадат никакво веродостојно објаснување за нив. Дополнително, овие пресуди не содржеле никаква анализа која ќе го инкорпорира концептот на „должности и одговорности", ниту елаборирала на кој начин главниот уредник не ги исполнил „должностите и одговорностите" во извршувањето на професионалните активности.

Исто така, забележливо е дека немало дискусија за легитимната загриженост на јавноста што би можела да се покрене со оспорените написи во однос на потенцијалната злоупотреба на службената положба или какви било недостатоци кои биле откриени во односните постапки за јавни набавки. Сè на сè, домашните судии не дале доволно добро образложение што би ги задоволило барањата на системот на Конвенцијата за заштита на основните права и слободи.

### 4.4.2. Политичарите против новинарите

Во својата пресуда за ***Костова и Апостолов***,[103] ЕСЧП утврдил повреда на членот 10 во однос на домашната граѓанска постапка за клевета против жалителите, главниот уредник и новинарот во неделниот весник *Фокус*, кои биле иницирани во врска со два написи објавени во тој весник. Написите се однесувале на г. С., кој во тоа време бил висок член

[103] *Костова и Апостолов против Северна Македонија,* бр. 38549/16, 5 април 2022 година.

на тогашната владејачка политичка партија и директор на Агенцијата за безбедност и контраразузнавање. Во написите, тие го цитирале г. И., поранешен македонски амбасадор во Чешка, кој меѓу другото им кажал дека г. С. ја злоупотребил својата положба со преземање активности и употреба на значаен вербален притисок на тогашниот Претседател на Македонија (Ѓ.И.) и Министерот за надворешни работи (Н.П.) кои негативно влијаеле на интересите на г. И. во лична работа во врска со наводното киднапирање на неговото малолетно дете од неговата поранешна сопруга. Во вториот напис во последната реченица  исто така се наведувало дека г. С. „неофицијално" поседувал „деловна империја во Чешката Република".

И Основниот граѓански суд Скопје и Апелациониот суд Скопје утврдиле дека апликантите ја нарушиле репутацијата на г. С. и дека објавиле лажни факти, кои ги опишале како „гласини", без претходно да направат обид да ја потврдат нивната вистинитост. Судовите утврдиле дека објавените информации не служеле на никаков јавен интерес и дека приватниот живот на г. И. бил неоправдано поврзан со јавната функција на г. С. На првиот апликант му било наредено да му плати на г. С. 5.000 евра, а на вториот да му плати 1.000 евра, по основ на нематеријална штета. Тие наоди потоа беа потврдени од Уставниот суд кој одлучувал по барањето за заштита на слободите и правата поднесено од страна на апликантите.

На самиот почеток, Судот прифатил дека заштитата на правата и угледот на г. С. може да се прифати како „легитимна цел" за мешање во слободата на изразување на апликантите, како што е наведено од домашните судови. И покрај фактот што написите првенствено ги разгледувале прашањата поврзани со личниот живот на г. И., тие исто така засегале  и прашања од јавен интерес.[104]

Судот се согласил со домашните судови дека предметните написи содржеле изјави за фактите што се подложни на докажување. Иако сите фактички наводи во суштина се состоеле од упатувања на „приказни" или „гласини", како што утврдиле домашните судови, судовите не успеале да го одмерат фактот дека тие не потекнувале од апликантите. Делумно, апликантите известувале само за она што го раскажал г. И., кој им пристапил и им доставил негов писмен извештај за настаните врз основа на неговото лично искуство и во написите апликантите јасно ги идентификувале изјавите што произлегувале од г. И. Покрај тоа, Судот забележал дека во спорната постапка не било утврдено дека објавената содржина била целосно невистинита или само измислена. Судот понатаму забележал дека вториот апликант неуспешно се обидел да ја потврди приказната претставена во вториот напис со официјалниот портпарол на Агенцијата пред нејзиното објавување. Следствено, Судот заклучил дека апликантите постапиле со внимателност што се очекува од одговорните новинари кои известуваат за прашање од

[104] став 7 и 8 од пресудата

јавен интерес и не можат да бидат критикувани дека не успеале да ја утврдат вистинитоста на спорните наводи.[105]

На крајот, Судот оценил дека износите на отштета кои им биле досудени на апликантите, без оглед на фактот што тие не ги платиле туку биле покриени од солидарниот фонд на Здружението на новинарите на Македонија, можело да се смета дека имале одвраќачки ефект „за обесхрабрување на отворена дискусија за прашања од јавен интерес. Како заклучок, домашните судови не успеале да обезбедат постоење на разумна пропорционалност со повредата на угледот што наводно ја претрпел г. С.[106]

Во врска со повредата на членот 10 од Конвенцијата, Судот на апликантите заедно им доделил сума од 3.000 евра за нематеријална штета, плус секој данок што може да се наплати.[107]

Како што известувале од Здружението на новинарите на Македонија (ЗНМ), во последните години имало драстично намалување на бројот на тужби за клевета и навреда против новинари и медиуми. Всушност, оваа бројка драстично се намалила откако клеветата и навредата биле декриминализирани. Ваквиот позитивен развој се задржал во текот на целиот период што се разгледува во оваа анализа. Така, додека во 2012 година имало 330 новорегистрирани тужби за навреда и клевета против новинари и медиуми, во 2016 година таа бројка паднала на 40. Во 2017 година бројот на новорегистрирани тужби за клевета и навреда против новинари бил 39, а во 2020 година во домашните судови биле регистрирани само 33 такви тужби. На пример, според податоците добиени од Основниот граѓански суд Скопје, вкупниот број на активни предмети во кои новинар или медиум бил странка во 2021 година изнесувал 20. Според тоа, ЗНМ било уверено дека тоа покажува дека навредата и клеветата помалку се користат како инструмент за притисок врз новинарите и медиумите.[108]

Сепак, во текот на ова истражување беа обезбедени значителен број случаи на тужби за клевета покренати од политичари против новинари. Додека некои од нив се веќе резимирани погоре во текстот, во овој дел ќе упатиме само на еден случај кој ги прикажува конкретните односи меѓу новинарите и политичарите.

[105] став 9 и 11 од пресудата
[106] став 10 од пресудата
[107] став 12 од пресудата
[108] Спировски, М., Настеска Каланоска Б. (2022), СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА: *Показатели за степенот на слобода на медиумите и за безбедноста на новинарите 2021 година,* Здружение на новинарите на Македонија, достапно на: https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2022/05/MK-MK-2021-finalen-izvestaj.pdf

**39П5-45/19, Основен граѓански суд Скопје, пресуда од 19 март 2019 година, преиначена од Апелациониот суд Скопје, пресуда од 19 мај 2020 година (ГЖ-2969/19) потврдена од Врховниот суд, пресуда од 2 ноември 2021 година (Рев2.бр.399/2020)**

**Факти**: Прв тужител била тогашната министерка за труд и социјална политика, Фросина Ташевска Ременски, која била и потпретседателка на политичката партија СДСМ, додека втор тужител бил нејзиниот сопруг, Јовче Ременски, висок полициски службеник. Тие покренале граѓанска постапка за клевета против Македонската асоцијација на новинари (МАН) во врска со соопштението за медиумите објавено на 17 мај 2016 година што било преземено од повеќе електронски медиуми. Во соопштението, МАН ја повикал политичката партија СДСМ да престане да врши притисок врз новинарите и да ги заплашува. Било наведено и дека вториот тужител бил незаконски унапреден веднаш откако сопартиецот на првиот тужител ја презел функцијата министер за внатрешни работи. Понатаму, МАН обвинил дека првата тужителка преку објава на Фејсбук ѝ се заканувала на главната уредничка на дневниот весник *Вечер*, Ивона Талевска, откако таа објавила текст. МАН потврдил дека написот покажал дека првата тужителка всушност ја поседувала партиската архива на прислушуваните телефонски комуникации, вклучително и оние кои се однесувале на членови на МАН, и дека нив ги користела за да им се заканува на новинарите, додека нејзиниот сопруг (вториот тужител) наводно бил вмешан во нивно ширење. Понатаму, МАН ги повикал надлежните институции и дипломатските претставништва кои наводно ја поддржувале ваквата политика на СДСМ за да покренат постапка за заканите од првиот тужител. На крајот, соопштението се осврнало и на феноменот на злоупотреба на незаконски прислушуваните комуникации од страна на највисоките функционери на СДСМ и нивните соработници како средство за рекет за политички и финансиски цели.

**Образложение**: Основниот граѓански суд Скопје ја уважил тужбата на тужителите утврдувајќи дека тужениот свесно изнел невистинити факти за тужителите пред трети лица кои можеле да ја дискредитираат нивната личност, авторитет и углед, иако знаел или требало да знае дека тие се невистинити, бидејќи нивната веродостојност можела да се провери пред да се презентираат пред пошироката јавност. Во прилог на овој заклучок, тој навел дека не била поведена истрага или кривична постапка против ниту еден од тужителите во врска со наводно незаконско дистрибуирање на прислушувани комуникации на новинар. Според тоа, на секој од тужителите им досудил сума од 61.690 македонски денари (околу 1.000 евра) за претрпената нематеријална штета.

Постапувајќи по жалбата, Апелациониот суд Скопје ја укинал пресудата на првостепениот суд, сметајќи дека немало основа за утврдување одговорност за клевета во конкретниот случај. Тој истакнал и дека случајот се однесувал на јавни лица чиј степен на толеранција треба да биде поширок, така што секогаш треба да бидат подложни на поголема критика. Притоа, наводите на тужениот веќе биле објавени во електронското издание на дневниот весник, како и во неколку други електронски медиуми и

публикации и на две интернет страници. Конкретно, Апелациониот суд Скопје ја истакнал важноста на критичкото новинарство за демократска дебата и должноста на новинарите да дејствуваат со добра волја со цел да добијат вистинити и веродостојни информации во согласност со новинарската етика, како што налагаат стандардите на ЕКЧП. На крајот, било истакнато дека публицитетот и отчетноста на лицата кои имаат јавни функции, исто така, треба да се земат предвид при известување за оваа категорија на лица.

Врховниот суд ја уважил ревизијата поднесена од тужителите и ги потврдил наодите на првостепениот суд. Тој повторил дека правото на слобода на изразување не е апсолутно, дека новинарите имаат одредени должности и одговорности да обезбедат веродостојни и вистинити информации во согласност со новинарската етика и дека тие треба да дејствуваат со добра волја и да ја проверат секоја информација што се однесува на одреден поединец, со цел да се заштити неговиот углед и права.109 И покрај тоа што носителите на јавни функции треба да имаат повисок степен на толеранција во однос на информациите од општ јавен интерес, бидејќи тужените не ги почитувале стандардите на ЕКЧП во врска со нивната должност да ја потврдат вистинитоста на одредени фактички тврдења кои се однесувале на тужителите, било констатирано дека тие не можат да бидат изземени од граѓанска одговорност за нивното однесување. Врховниот суд потврдил и дека нематеријалната штета била правилно досудена од Основниот граѓански суд Скопје.

**Коментар**: Предметниот случај покажува дека нивото на разбирање на важноста на слободата на изразување на новинарите во демократијата и нивната улога во решавањето на прашања од јавен интерес кои се однесуваат на одговорноста на носителите на јавни функции варира меѓу судиите кои одлучуваат за истиот случај во различни судски инстанци. За разлика од другите два случаи, се чини дека апелациониот суд покажал потемелен пристап во овој поглед, иако неговото образложение не било прифатено од страна на судечкиот совет на македонскиот Врховен суд.

### 4.4.3. Новинарите против новинарите

Првиот македонски случај пред ЕСЧП во врска со постапките за клевета меѓу новинарите беше ***Гелевски***.[110] Во овој случај, апликантот, колумнист во дневниот весник Утрински весник, е кривично осуден за клевета затоа што го критикувал Д.П.Л., новинар и главен уредник на телевизиски канал и друг дневен весник, во текст со изразено мислење. Тужениот тврдел дека тужителот наводно ги трансформирал новинарството и работата за јавноста во спин сервис на политичко и мафијашко партнерство со „фашистичката“ влада на Никола Груевски.

Постапувајќи по кривичната пријава поднесена од Д.П.Л., Основниот кривичен суд Скопје го прогласил апликантот за виновен за клевета и навреда и му изрекол парична

[109] Во оваа смисла, Врховниот суд се повика на случајот *Педерсен и Бадсгард* против Данска, бр. 49017/99, 17 декември 2004 година.
[110] *Гелевски против Северна Македонија,* бр. 28032/12, 8 октомври 2020 година.

казна од 600 евра со триесет дена затвор во случај на неисполнување на обврските. Апелациониот суд Скопје одлучил делумно во корист на апликантот и ја потврдил неговата осуда само во однос на клевета. Тој му ја намалил казната на 320 евра, со шеснаесет дена затвор во случај на неплаќање на апликантот. Апелациониот суд Скопје погрешно го оквалификувал спорниот напис дека содржи „фактичко тврдење...", при што „товарот на докажување е на...тужениот." Покрај тоа, Уставниот суд го одбил барањето на апликантот за повреда на неговата слобода на совест, мисла и јавно изразување на мислата. Иако тој правилно забележал дека „[е] јасно дека написот го артикулира личното мислење на авторот за политиките на ... политичката партија [на власт] во Република Македонија, со што тој очигледно не се согласува", причините дадени од судовите со општа надлежност „се прифатливи и мешањето на државата е пропорционално на легитимната цел за заштита на угледот на жртвата..."[111]

Во својата оценка, ЕСЧП забележал дека апликантот бил редовен пишувач на мислења во дневен весник и затоа, мешањето мора да се испита во контекст на суштинската улога на слободниот печат во обезбедувањето на правилно функционирање на едно демократско општество. Судот, исто така, забележал дека тужителот како познат новинар и главен уредник на телевизиски канал и дневен весник свесно се изложил на внимателно испитување на неговите професионални постапки и мислења, и од новинарите и од пошироката јавност, и затоа мора да покажува поголем степен на толеранција. Така било особено во врска со дискусијата дали ги почитувал „должностите и одговорностите" на новинар и главен уредник на медиумот и дали постапувал во согласност со начелата на одговорното новинарство и новинарската етика.[112]

Според мислењето на Судот, написот напишан од апликантот  не бил насочен кон приватните активности на тужителот, туку повеќе било исказ на неговото несогласување со владините политики чиј поддржувач бил тужителот. Така, тоа придонело за тековната политичка дебата која сама по себе била прашање од јавен интерес.[113] Дополнително, неговата квалификација на владините политики како „фашистички" носела со себе јасен елемент на вредносен суд што не бил целосно подложен на докажување.[114] Што се однесува до јазикот што го користел апликантот, било повторено дека на поединците, а особено на новинарите кои учествуваат во јавна дебата за прашање од општ интерес, им било дозволено да прибегнуваат кон одреден степен на претерување или провокација. Во врска со ова, Судот утврдил дека изјавите на апликантот не ги надминуваат прифатливите граници на критика.[115]

На крајот, Судот сметал дека кривичната осуда на апликантот несомнено можела да има одвраќачки ефект врз политичката дебата меѓу членовите на медиумите за важни

---

[111] став 7, 8, 10 и 11 од пресудата
[112] став 22 и 24 од пресудата
[113] став 25 од пресудата
[114] став 28 од пресудата
[115] став 29 од пресудата

прашања и заклучил дека предметното мешање било непропорционално со заштитата на угледот на другите како легитимна цел и не била „неопходна во едно демократско општество“ во смисла на член 10 став 2 од Конвенцијата. Според тоа, на апликантот му досудил 3.180 евра во однос на нематеријалната штета што ја претрпел.[116]

За жал, ваквата загрижувачка пракса на судско парничарење помеѓу самите новинари, која за првпат е забележана пред повеќе од 20 години, продолжила и во периодот опфатен со овој извештај.

**VII П5-58/16, Основен граѓански суд Скопје, пресуда од 18 октомври 2017 година, потврдена од Апелациониот суд Скопје, пресуда од 27 септември 2018 година (ГЖ-3601/18)**

**Факти**: Во написот објавен во дневниот весник Вечер на 18 мај 2016 година, двајца новинари на веб-порталот *НОВА ТВ*, Борјан Јовановски и Сашка Цветковска, било означени како „Соросови ботови“ и „Поликолор куртони“. Исто така, било наведено дека првиот тужител добил финансиска поддршка од фондовите на Сорос, ЕУ и УСАИД и дека потекнувал од семејство на познати кодоши. Тие ги тужеле *Вечер прес*, Друштвото за издавање весници и неговата главна уредничка Ивона Талевска за клевета. Надлежните судови пресудиле во корист на тужителите и им наложиле на секој од тужените да платат отштета по 500 евра, односно 300 евра.

**Образложение**: Основниот граѓански суд Скопје оценил дека тужените не успеале да ја докажат вистинитоста на нивните тврдења во спорниот напис, што би им овозможило да ги објават без да повлечат одговорност за клевета. Во однос на тврдењата за семејството на првотужителот, Судот потсетил дека требало да ги проверат пред нивното објавување преку добивање јавно достапни информации од Комисијата за лустрација, бидејќи првиот тужител тврдел дека немало решение донесено од Комисијата во кое се констатирало дека татко му бил соработник на комунистичките тајни служби. Истото дополнително се потврдило и со дописот што го составила Комисијата што му го испратила на неговиот татко, а исто така бил доставен и како доказ во спорната постапка.

Основниот граѓански суд Скопје заклучил дека тужените ги пречекориле границите на нивното право на слобода на изразување предвидено во член 10 од ЕКЧП, бидејќи изразиле омаловажувачко и понижувачко мислење во однос на друго лице, а не мислење кое се однесува на јавен интерес. Исто така, тој сметал дека спорните тврдења биле изнесени во турбулентен период пред одржувањето на парламентарните избори. Како резултат на тоа, тужените имале сериозна намера тужителите да ги прикажат како новинари кои работат спротивно на интересите на сопствениот народ и ги извршуваат своите активности со странски средства. Преку етикетирање на тужителите како самопрогласени истражувачки новинари и ботови, тужените нив ги претставиле како луѓе на кои им недостига интегритет и кои се водени од друг центар. Со тоа тие ги

[116] став 30, 31 и 36 од пресудата

нарушиле честа и угледот и на професионален и на приватен план. Тие дополнително ги прекршиле правилата и стандардите на новинарската професија пропишани со Кодексот на новинарите на Македонија. Покрај тоа, спорните тврдења можеле да поттикнат друго лице, односно други лица да преземат штетни дејствија против тужителите кои би им наштетиле на нивното здравје и живот.

Основниот граѓански суд Скопје ги сметал за нерелевантни наводите на тужените дека постоел основ за изземање од граѓанска одговорност во конкретниот случај, бидејќи спорната изјава во однос на таткото на првиот тужител претходно била објавена јавно од друга новинарка, Мирка Велиновска, преку електронска објава. Во овој контекст се нагласувало дека анонимниот новинар кој ги пренел ваквите наводи бил должен да ги провери пред да го објави спорниот напис.

При утврдувањето на висината на надоместокот што треба да им се додели на тужителите, Основниот граѓански суд Скопје ги оценил карактерот и тежината на клеветничките изјави, како и нивното влијание врз животот, личноста и семејството на тужителите. Судот заклучил дека досудениот надомест бил доволен за да се обезбеди репарација за повредата на честа и угледот на тужителите.

**Коментар**: Се чини дека во предметните случаи, домашните судови правилно го примениле концептот „должности и одговорности" кога размислувале дали однесувањето на новинарите во извршувањето на нивните професионални должности било во согласност со новинарската етика и стандардите на ЕКЧП. Понатаму, судовите го следеле пристапот на ЕСЧП во однос на доделувањето отштета, со што се спречувало каков било иден одвраќачки ефект врз новинарската активност на тужените.

**27.П5-31/20, Основен граѓански суд Скопје, пресуда од 16 јуни 2021 година, потврдена од Апелациониот суд Скопје, пресуда од 2 февруари 2022 година (ГЖ-3977/21)**

Факти: Тужителот Гоце Михајлоски, реномиран телевизиски новинар, бил уредник на информативна програма на *ТВ Канал 5* и модератор на ТВ емисија, каде што интервјуирал политичари и други јавни личности. Тој поднел тужба за клевета против Миленко Неделковски, друг новинар, во врска со наводни клеветнички изјави што ги објавил на неговата лична страница на Фејсбук во три објави од 10 април 2020 година и во дополнителна објава од 11 април 2020 година. Конкретно, во своите објави, тужениот тврдел дека тужителот ги заразил со вирусот КОВИД-19 лидерите на двете најголеми политички партии, СДСМ и ВМРО-ДПМНЕ додека ги интервјуирал. Наводно, тужителот ја криел информацијата дека неговиот татко бил заразен и тој страдал од сериозна здравствена состојба. Тужениот дополнително коментирал дека тужителот покажал непрофесионален, нечовечки и неодговорен однос и намерно ги заразил неговите гости.

**Образложение**: Во анализата, Основниот граѓански суд Скопје ја повторил разликата која треба да се направи помеѓу факти и вредносни судови, забележувајќи дека може да се докаже постоењето на факти, додека вистинитоста на субјективните мислења не е

подложна на докажување. Осврнувајќи се на овој конкретен случај, судот одлучил дека тужениот не само што го изразил своето вредносно расудување во однос на однесувањето на тужителот, туку и дал фактички тврдења за него чија вистинитост бил должен да ја докаже. Сепак, тој не успеал да го докаже тоа, или фактот дека има основа да верува во вистинитоста на неговите тврдења. Всушност, со оглед на содржината на новинарскиот материјал обезбеден од различни медиуми на кои се потпира, се чинело дека немало фактичка основа за неговите забелешки. Имено, во различни написи објавени на 10 април 2020 година, истиот датум кога тој ги објавил своите првични забелешки, јасно било наведено дека лидерите на двете најголеми политички партии биле самоизолирани откако било откриено дека тужителот ги заразил со Ковид-19, но и двајцата биле негативни. Како резултат на тоа, Основниот граѓански суд Скопје констатирал дека тужениот ги пречекорил границите на слободата на изразување, бидејќи кога ги објавил спорните текстови на својот Фејсбук профил, немал намера само да ја искористи слободата на изразување, туку и да бара да ја наруши честа и угледот на тужителот.

Следствено, барањето на тужителот било уважено, додека барањето за надомест на штета во однос на нематеријалната штета било одбиено, бидејќи се сметало дека утврдувањето на граѓанска одговорност за клевета само по себе би претставувало соодветна правична отштета, во согласност и со релевантните одредби од ЗГОНК и со судската пракса на ЕСЧП.

**<u>Коментар</u>**: Иако не упатувале директно на кој било конкретен случај на ЕСЧП каде што било направено разграничување помеѓу фактите и вредносните судови, домашните судови покажале добро разбирање на овој концепт што соодветно го примениле на околностите на овој конкретен случај. Сепак, и на првостепените и на второстепените судови им недостигале дополнителни елаборации за „должностите и одговорностите" на тужениот како новинар, за да се обезбедат веродостојни и вистинити информации во согласност со новинарската етика. Исто така, тие не истакнале дека новинарот треба да постапува со добра волја и да проверува каква било информација што се однесува на одреден поединец, за да ги заштити неговиот углед и права. Се чини дека таквите „должности и одговорности" неминовно важат за тужениот, без оглед на тоа што тој ги објавил спорните забелешки преку неговиот личен профил на Фејсбук.

**П5-4/18, Основен суд Охрид, пресуда од 10 јануари 2019 година, потврдена од Апелациониот суд Битола, пресуда од 17 мај 2019 година (ГЖ-801/19)**

**<u>Факти/Образложение</u>**: Познатата истражувачка новинарка Сашка Цветковска поднела тужба против Сашко Денесовски, уредник на *<u>www.ohridsky.com</u>* бидејќи на 7 јули 2016 година ја навредувал преку интернет порталот. Поточно, тој изјавил дека нејзе ѝ недостигал интелектуален капацитет и дека таа не ги поседувала квалитетите да биде новинарка, туку нејзината кариера ја изградила кажувајќи лоши зборови за колегите и благодарение на љубовните врски што ги имала со важни личности во новинарската професија. Основниот суд Охрид оценил дека тужбеното барање било основано бидејќи

објавениот текст имал навредлива содржина и во него се изразувало понижувачко мислење за тужителката, со што се нарушувале нејзината чест и углед. Според тоа, тој на тужителката ѝ досудил 10.000 македонски денари (околу 165 евра) за кои сметал дека претставувале правичен паричен надоместок и доволна сатисфакција за неа.

**Коментар**: Иако горенаведената пресуда изгледа разумна, нема детално образложение за сите елементи кои треба добро да се елаборираат пред да се утврди граѓанската одговорност на тужениот. На пример, покрај навредливиот јазик што го употребил тужениот, првостепениот суд можел да ја нагласи позицијата на тужителката како новинарка, чијшто професионален интегритет бил нарушен и фактот дека спорните коментари не биле насочени кон извршување на нејзините професионални обврски, туку со нив неоправдано се навлегло во нејзиниот приватен живот.

# 5. Слобода на изразување и правилно спроведување на правдата

## 5.1. Вовед

Само мал број анализирани случаи ја вклучуваат слободата на изразување на членовите на судството (судии и обвинители), адвокатите, обвинетите, сведоците или на другите учесници во контекст на судските постапки, било за нивното однесување во судницата или за нивните изјави дадени надвор од судницата, особено за печатот.

## 5.2. Слобода на изразување на судиите

**П5-6/21, пресуда од 26 октомври 2021 година, Основен суд Велес, потврдена од Апелационен суд Скопје на 11 мај 2022 година (ГЖ-4864/21)**

**Факти**: Тужителите, адвокатско друштво и двајца адвокати вработени во него, поднеле тужба против судија на Основниот граѓански суд Скопје, тврдејќи дека биле понижени со содржината на писмената изјава поднесена од тужената. Во таа изјава, тужената навела дека една од адвокатките вработена во адвокатската канцеларија на тужителката не го почитувала судот како институција кога таа *нападно и дрско без почитување на институцијата во која се наоѓа* влегла во судница без претходна најава и побарала од тужената да изврши увид во списите на предметот, иако знаела дека и други странки чекаат да присуствуваат на закажаните рочишта. Притоа, тужената изјавила дека во друга прилика, *без почитување на редот во судот,... крајно дрско и безобразно*, побарала од тужената да поднесе три поднесоци и го оквалификувала однесувањето на нејзиниот колега кој бил застапник на другата страна во постапката како дрско и непријателски настроено.

**Образложение**: Основниот суд Велес оценил дека спорните зборови биле содржани во писмената изјава на тужената која била дел од судската постапка и по барањето на тужителот за нејзино изземање да заседава како судија во одреден предмет. Според тоа, поднесувањето на ваква изјава треба да се смета за процесна активност на тужената како судија што е пропишана во одредбите од Законот за парнична постапка (во понатамошниот текст: „ЗПП“) и претставувало мислење изразено во рамките на процесот на одлучување за конкретен случај. Така таа постапувала само во рамките на судската постапка и во границите на своето својство на судија на Основниот граѓански суд Скопје. Како резултат на тоа, потпирајќи се на членот 10 од ЗГОНК, Основниот суд Велес одлучил дека тужената не можела да биде одговорна за клевета за фактичките изјави дадени во вршењето на службената должност како носител на судска функција.[117]

---

[117] Членот 10 (Исклучување на одговорноста) гласи: „Покрај основите за исклучување на одговорноста за клевета од членот 9 ставови (2), (3) и (4) од овој закон, исклучена е одговорноста за тврдење на факти штетни за честа и угледот на друг што е дадено во научно, книжевно или уметничко дело, во сериозна критика, во вршење на службена должност, новинарска професија, политичка или друга општествена дејност, во одбрана на слободата на јавно изразување на мислата или на други права или при заштита на јавен интерес или други оправдани интереси, ако:

Дополнително, Основниот суд Велес се повикал на членот 100 од Уставот, дополнет со Амандман XXVII, каде што во став 2 е предвидено дека судија не може кривично да одговара за искажано мислење или одлучување во процесот на донесување на судските одлуки. Исто така, тој се потпирал на одредбите од членовите 65 и 66 од Законот за судовите, со кои се исклучува каква било одговорност на судиите за искажано мислење и начинот на одлучување при донесување на судска одлука. Следствено, барањето за клевета на тужителот било одбиено како неосновано.[118]

**Коментар**: Овој конкретен случај бил решен единствено потпирајќи се на домашните уставни и законски одредби кои ја гарантираат независноста на судиите преку исклучување на одговорноста во однос на начинот на кој ја спроведуваат судската постапка или одлуките што ги носат. Во секој случај, образложението на пресудите на домашните судови во случаи како што е овој, може да ја вклучи и методологијата на судско образложение развиена од страна на ЕСЧП, преку повикување на релевантните принципи и судската пракса. Поточно, домашните судови можеле да укажат на важноста, во правна држава и во демократско општество, да се одржи авторитетот на судството. Тие, исто така, можеле да нагласат дека правилното функционирање на судовите не би било можно без односи засновани на ... взаемно почитување меѓу различните протагонисти во правосудниот систем, во чиј врв се судиите и адвокатите (*Морис против Франција* [GC], став 170).

### 5.3. Слобода на изразување на адвокатите

ЕСЧП го потврдува специфичниот статус на адвокатите што им дава централна позиција во спроведувањето на правдата како посредници меѓу јавноста и судовите. Затоа, тие играат клучна улога за да се осигура дека судовите, чија мисија е фундаментална во држава заснована на владеење на правото, ќе уживаат доверба на јавноста *(Морис против Франција* [GC], став 132-139; *Шепфер против Швајцарија,* став 29-30; *Никула против Финска,* став 45; *Амихалачоаје против Молдавија,* став 27; *Кипријану против*

---

1) се изнесува или пронесува тврдење што е содржано во соопштение, одлука или друг документ на државен орган, установа или правно лице, или е изнесено на јавен собир, во судска постапка или друга јавна манифестација на активноста на државни органи, установи, здруженија или правни лица или се пронесува тврдење што е јавно соопштено од друг;
2) на лицето кое го изнесува или пронесува таквото тврдење му е оневозможено остварувањето на правото на пристап до информации од јавен карактер спротивно на прописите за слободен пристап до информации, на кое се повикува во својата одбрана;
3) невистинитите факти, содржани во тврдењето, имаат споредно значење во однос на вистинитите факти на кои се однесува тврдењето и битно не ја менуваат неговата целовита смисла на вистинито тврдење или
4) во средството за јавно информирање се изнесуваат факти кои се однесуваат на прашања од јавен интерес со повикување на сериозни извори на сознанија за нивната вистинитост, спрема кои тужениот постапувал со потребната мера на должно внимание во согласност со професионалните стандарди на новинарската професија.“,

[118] Закон за судовите („Сл. Весник на Република Македонија“ бр. 58/2006, 62/2006, 35/2008, 150/2010, 83/2018 и 198/2018)

*Кипар* [GC], став 173; *Андре и други против Франција,* став 41; *Мор против Франција,* став 42; и *Багиров против Азербејџан,* став 78 и 99).

За членовите на јавноста да имаат доверба во спроведувањето на правдата, мора да имаат доверба во способноста на правната професија да обезбеди ефективно застапување (*Морис против Франција* [GC], став 132; *Кипријану против Кипар* [GC], став 175). Таа посебна улога на адвокатите, како независни професионалци, во спроведувањето на правдата повлекува голем број должности, особено во однос на нивното однесување (*Морис против Франција* [GC], став 133; *Ван дер Мусел против Белгија*; *Касадо Кока против Шпанија*, став 46; *Штоер против Холандија*, став 38; *Ферарт против Холандија*, став 51; *Кутан против Франција* (dec.)). Иако се предмет на ограничувања на нивното професионално однесување, кое мора да биде дискретно, чесно и достоинствено, исто така уживаат ексклузивни права и привилегии кои може да варираат од една јурисдикција до друга, а меѓу нив, вообичано, и одредена слобода во однос на аргументите што се користат во судот (*Морис против Франција* [GC], став 133; *Ван дер Мусел против Белгија*, став 38).

Ниту еден од случаите што се разгледуваат во ова поглавје не се однесува на изјави или на други форми на изразување манифестирани од судиите, обвинителите и адвокатите надвор од судницата, додека само еден од предметите се однесува на постапки за клевета покренати против адвокатите во однос на нивните изјави дадени во контекст на правно застапување на нивните клиенти.

Ова може да биде доста релевантно бидејќи целосното и непречено остварување на слободата на изразување на адвокатот и слободната размена на аргументи меѓу странките во судската постапка во одредени околности може да влијае и на правото на адвокатот на клиентот на правично судење. Според судската пракса, адвокатите имаат должност „ревносно да ги бранат интересите на своите клиенти", што значи дека понекогаш тие мора да одлучат дали треба да приговараат или да се жалат на однесувањето на судот. Судот одлучи дека доколку спорните забелешки не се повторат надвор од судницата (*Морис против Франција* [GC], став 136-137), таквите критики, искажани од адвокат во судницата, а не преку медиумите, треба да се смета дека имаат процедурален карактер и, соодветно, не можат да претставуваат лична навреда (*Никула против Финска*, став 52; види исто така и *Лешник против Словачка*).

**П5. бр.4/20, Основен суд Струмица, пресуда од 4 јуни 2021 година, потврдена од Апелациониот суд Штип, пресуда од 22 февруари 2022 година (ГЖ-608/21)**

**Факти**: Тужителот повел постапка за клевета против адвокат кој, додека се залагал за клиент во текот на кривичното судење во кое бил жртва (оштетен), тврдел дека против тужителот било поднесено обвинение за затајување данок.

**Образложение:** Основниот суд Струмица одлучил дека тужениот не може да одговара за клевета, бидејќи од неговиот клиент дознал дека против тужителот бил поднесен обвинителен акт, а тој не бил прецизно информиран за текот на спорната постапка.

Всушност, кривичната пријава била поднесена само за друго лице и компанија. Така, тој ја дал својата изјава само во текот на одбраната на неговиот клиент, без никаква намера да му наштети на честа и угледот на тужителот. Следствено, барањето за клевета на тужителот било одбиено како неосновано.

**Коментар**: Образложението на домашните судови во случајот можело да се зајакне со соодветно повикување на стандардите на ЕКЧП. На пример, Судот одлучил дека осудата на адвокат за обична клевета од небрежност поради критика на стратегијата усвоена од јавниот обвинител во кривичната постапка, дури и ако пресудата на крајот била укината од Врховниот суд и изречената парична казна укината, можела да има одвраќачки ефект врз должноста на бранителот ревносно да ги брани интересите на своите клиенти (*Никула против Финска,* став 54).

### 5.4. Слобода на изразување на сведоци и други странки во судските постапки

**П5-5/20, Основен суд Прилеп, пресуда од 29 октомври 2020 година**

**Факти:** Против туженият, полициски службеник вработен во полициската станица Прилеп, тужителот поднел тужба за изјава што ја дал во Основниот суд Прилеп во текот на кривичната постапка спроведена против трето лице кое било осудено за насилство извршено врз тужителот. Туженият бил повикан како сведок бидејќи интервенирал откако инцидентот бил пријавен во полиција. При сослушувањето на сведокот, туженият изјавил дека тужителот се однесувал агресивно и очигледно имал психички проблеми.

**Образложение**: Основниот суд Прилеп, потпирајќи се на доказите прибавени од спорната кривична постапка, вклучително и транскриптот од главниот претрес, заклучил дека туженият немал намера да ја наруши честа и угледот на тужителот. Притоа, тој дејствувал во својство на сведок во кривична постапка. Поради тоа, тој изјавата не ја дал самоиницијативно, туку откако бил повикан да го опише настанот во кој интервенирал како полициски службеник. Навистина, тој постапил по пријава добиена во полициска станица, по која подоцна била покрената кривична постапка. Намерата му била само да го опише предметниот настан, кој всушност ја покренал кривичната постапка, како и да го опише однесувањето на тужителот за време на инцидентот. Понатаму, тој ја дал својата изјава пред ограничен број присутни во судницата. Сè на сè, како што е наведено во член 8 став 1 од ЗГОНК, со оглед на отсуството на намера да му се наштети на тужителот, било утврдено дека законските услови за граѓанска одговорност не биле исполнети и соодветно, тужбеното барање на тужителот било одбиено како неосновано.

**Коментар:** Како и во случајот разгледан погоре, се чини дека пресудата дава доволна анализа на сите елементи релевантни за околностите на овој конкретен случај, иако без никакво конкретно упатување на стандардите на ЕКЧП.

**П5-25/18, Основен граѓански суд Скопје, пресуда од 26 септември 2017 година, преиначена од Апелациониот суд Скопје, пресуда од 30 мај 2019 година (ГЖ-5447/18) потврдена од Врховниот суд, пресуда од 28 октомври 2021 година (Рев2.бр.389/2019)**

**<u>Факти:</u>** Тужителите, Али Ахмети, шеф на Демократската унија за интеграција (ДУИ) и Муса Џафери, потпретседател на партијата и потпретседател на македонската Влада, поднеле тужби за клевета против Слободан Богоевски, поранешен македонски заменик секретар за државна безбедност. Нивните тврдења биле поврзани со изјавата која г. Богоевски ја дал како сведок на барање на Комисијата за хартии од вредност на САД во постапка спроведена од Окружниот суд на САД од јужниот округ на Њујорк како дел од случајот со Законот за странски коруптивни практики. Неговото сведочење било дадено на 28 декември 2014 година пред нотар во Скопје, во присуство на законскиот застапник на тужениот, правен советник на Комисијата за хартии од вредност на САД и преведувач. Подоцна таа била објавена на веб-страницата на Окружниот суд на САД во Њујорк. Во својот исказ, тужениот навел дека во 2005 година поранешниот премиер Владо Бучковски и двајцата тужители зеле по 2,5 милиони евра мито, во вкупна вредност од 7,5 милиони евра, за да му помогнат на Дојче Телеком да го задржи монополот на македонскиот телекомуникациски пазар.[119]

**<u>Образложение:</u>** Основниот граѓански суд Скопје ги уважил барањата на тужителите, наоѓајќи дека со неговото сведочење тужениот дал невистинити факти кои биле штетни за честа и угледот на тужителите.

Апелациониот суд Скопје ја укинал првостепената пресуда. Тој истакнал дека тужителите биле високи политичари и утврдил дека првостепениот суд погрешно го применил домашното право. Било наведено дека според член 10 став 1 (1) од ЗГОНК граѓанската одговорност за клевета е исклучена за исказ на факти за друго лице изнесени во судска постапка.

Конкретно, Апелациониот суд Скопје оценил дека изјавата на тужениот претставувала сведоштво дадено во текот на судската постапка во Соединетите Американски Држави, како што покажало известувањето од страна на Комисијата за хартии од вредност на САД. Согласно тој извештај, според американскиот закон, секое лице повикано како сведок не може да биде изложено на ризик да биде тужено за клевета за дадените изјави, додека сведоците не може да бидат заплашени за изјавите што ги дале. Во овој контекст, Апелациониот суд Скопје истакнал дека треба да се обезбеди заштита на сведочењето на тужениот дадено во судска постапка. Исто така, тој нагласил дека тој не ја дал својата изјава директно во јавноста и дека нејзиното ширење од домашните медиуми,

---

[119] Одлуките на домашните судови само укажувале дека сведочењето на тужениот било изведено како доказ во судската постапка спроведена во Окружниот суд во Њујорк, но не спомнувале никакви детали за предметот на постапката. За хронологијата на случајот, види и во: Marusic J.S., *Macedonian Politicians Deny Telecom Bribe Claims,* 9 септември 2015 година, достапно на: https://balkaninsight.com/2015/09/09/macedonian-politicians-deny-telecom-scam-claims-09-07-2015/

вклучително и неколку интернет портали, следело по нејзиното објавување на веб-страницата на американските правосудни органи.

Понатаму, тужениот имал законска должност да презентира сè што знае за случајот пред надлежните судски органи во САД. Така, неговата намера не била да ги омаловажи или понижи тужителите. Според тоа, лицата пред кои дал исказ не може да се сметаат за трети лица, туку се работи за јавни службеници кои како такви постапувале во судската постапка. Така, тие биле должни да го чуваат во тајност она што го дознале во текот на спорната постапка.

Повикувајќи се на судската пракса на ЕСЧП, Апелациониот суд Скопје утврдил дека изјавата на тужениот имала елементи на вредносен суд и дека ќе биде задача на надлежните американски судови, а не на македонските домашни судови, да ја проценат нејзината веродостојност. Тој истакнал дека треба да се воспостави правична рамнотежа кога се вага помеѓу правата заштитени со членовите 10 и 8 од Конвенцијата. Според него, констатацијата дека тужениот бил одговорен за клевета би подразбирала непропорционално мешање во неговото право на слобода на изразување како предуслов на едно демократско општество, што исто така е загарантирано со член 16 од Уставот. Конечно, тоа би влијаело и на правилното спроведување на правдата и усогласеноста со процедуралните заштитни мерки кои ги пружа членот 6 од Конвенцијата.

Врховниот суд ја потврдил пресудата на апелациониот суд, повторувајќи ги наодите и образложението.

**Коментар**: Во конкретниот случај, првостепениот суд не обезбедил доволно причини за својата пресуда и значително отстапил од утврдените стандарди на ЕКЧП. Сепак, неговите пропусти биле исправени од повисоките судови, а особено од Апелациониот суд Скопје. Апелациониот суд во голема мера ја следел судската пракса на ЕСЧП која дозволува изземање од граѓанска одговорност во однос на изјавите дадени како сведочење на сведоци во текот на судската постапка.

**П5-4/18, Основен суд Велес, пресуда од 6 јули 2018 година, потврдена од Апелациониот суд Скопје, пресуда од 20 декември 2018 година (ГЖ-4996/18)**

**Факти/ Образложение**: Основниот суд Велес ја уважил тужбата за навреда на тужителката поднесена против друго лице, кое ја навредувало на судското рочиште во текот на постапката за клевета што тоа претходно ја покренало против неа. Судот утврдил дека тужениот ги кажал навредливите изјави за време на рочиште пред судија, за кои постоел записник. Тие биле изречени злонамерно, со исклучива намера да го понижат тужителот, и покрај тоа што тој веќе се извинил за навредите што претходно биле упатени кон тужениот на Фејсбук. Имајќи ги предвид и домашното законодавство и стандардите на ЕКЧП, Основниот суд Велес оценил дека не постои основа за изземање од граѓанска одговорност за навредата направена од страна на тужениот во текот на судската постапка, како што е предвидено во член 7 од ЗГОНК. Конкретно, Основниот

суд Велес забележал дека изјавите на тужениот не биле дадени во врска со предметот на постапката, туку само неиспровоцирани навреди. Тужениот бил задолжен на тужителот да му плати сума од 15.000 македонски денари (околу 250 евра) како надоместок на нематеријалната штета. Пресудата на првостепениот суд била целосно потврдена по жалба.

**Коментар**: Надлежните домашни судови направиле јасна разлика помеѓу ситуациите во кои едно лице може да биде одговорно за навреда или клевета во однос на изјавата дадена пред суд, во зависност од тоа дали таквата изјава е поврзана со барањето на спорот или не. Исто така, било добро образложено зошто високите стандарди на слободата на изразување на странките во судската постапка не се применливи во околностите на овој конкретен случај.

### 5.5. Навреда на судот

Досега, ЕСЧП никогаш не донел пресуда за предмети во кои станувало збор за навреда на судот пред македонските судови во поглед на член 10 од ЕКЧП. Но, еден таков случај ѝ бил соопштен на Владата.[120]

Во тој случај, апликантит ***Ненад Трифуновски***, адвокат од Тетово, бил казнет со 1.000 евра за непочитување на судот во однос на изјавите што ги дал во жалбата што ја поднел против првостепената пресуда донесена од Основниот суд Тетово. Тој го одбил барањето на апликантот во постапка поврзана со работниот однос во која го застапувал неговиот татко (поранешен судија). Во жалбата, апликантот ги критикувал судот и противникот, тврдејќи, меѓу другото, дека првостепениот суд бил пристрасен и неправилно го применил законот, донесувајќи контрадикторна, збунувачка, какафонична, неточна и незаконска пресуда. Во одлуката на судот било наведено дека со текстот во жалбата, застапникот на тужителот го навредувал Основниот суд Тетово и неговиот претседател и затоа тој требало да биде казнет согласно членот 102 од ЗПП.[121]

Апликантот поднел жалба, тврдејќи, меѓу другото, дека изјавите наведени во одлуката не биле навредливи, туку биле само израз на незадоволството на тужителот од начинот на кој била спроведена постапката и од незаконската одлука. Тој се пожалил на недостиг на образложение зошто судот сметал дека изјавите претставувале навреда, како и зошто била изречена максималната парична казна. Сепак, Апелациониот суд Скопје ја одбил жалбата на апликантот, повторувајќи дека тврдењата истакнати во жалбата претставуваат навреда за судот.

---

[120] *Ненад Трифуновски против Поранешна Југословенска Република Македонија, бр. 24094/11,* последно пристапена на 4 април 2011 година, доставена до Владата на 3 декември 2014 година

[121] Соодветните делови на член 102 гласат: „(1) Со парична казна од 200 до 1.200 евра во денарска противвредност парничниот суд ќе го казни лицето кое во поднесокот го навредува судот, странката или друг учесник во постапката...
(3) Ако изречената парична казна со правосилно решение не биде доброволно платена во рокот кој го определил судот, истата присилно се наплатува по предлог на судот на начин определен со закон. ...“

Апликантот не поднел жалба до Судот според член 10, туку се жалел според член 6 од Конвенцијата дека судските одлуки за непочитување на судот не биле доволно образложени.[122] Овој случај бил разрешен со одлука на Комитетот со кој случајот бил исфрлен од листата, по постигнатото пријателско спогодување меѓу страните. Според текстот на изјавата за пријателско спогодување, Владата се откажала од правото да ја изврши казната која му била изречена на апликантот.[123]

Разгледаната домашна судска пракса вклучува само два случаи во кои судовите ги казниле странките во постапка за непочитување (навреда) на судот.[124]

Првиот претставен подолу привлече значително медиумско внимание.

**09 КОК-40/18, Основен кривичен суд Скопје, пресуда од 16 октомври 2018 година, потврдена од Апелациониот суд Скопје, пресуда од 17 декември 2018 година (КОКЖ-47/18), одлука на Уставниот суд од 29 мај 2019 година (У.бр.57/2019)**

**Факти**: Во контекст на судењето пред Основниот кривичен суд Скопје, во случај на организиран криминал и корупција, рочиштето на кое требало да се појави заштитен сведок било преместено во друга зграда и одложено. Сите присутни бранители (вкупно дваесет и пет) протестирале поради немање соодветни услови за извршување на нивните професионални должности. Судечкиот судија ги предупредил дека ќе бидат санкционирани доколку продолжат да го нарушуваат водењето на постапката. Откако не го исполниле ова барање, судијата го казнил секој од нив со поединечно решение. Тие биле казнети со 61.500 македонски денари (1.000 евра) за непочитување на редот и

---

122 За повеќе детали, видете го Приказот на фактите, достапен на: https://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22fulltext%22:[%22Nenad%20Trifunovski%22],%22documentcollectionid2%22:[%22JUDGMENTS%22,%22COMMUNICATEDCASES%22],%22itemid%22:[%22001-150286%22]}

123 *Ненад Трифуновски против Поранешна Југословенска Република Македонија*, бр. 24094/11, одлука од 2 јуни 2015 година, достапна на: https://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22fulltext%22:[%22Nenad%20Trifunovski%22],%22documentcollectionid2%22:[%22JUDGMENTS%22,%22DECISIONS%22,%22COMMUNICATEDCASES%22],%22itemid%22:[%22001-155866%22]}

124 На истиот начин, сите судии кои учествуваа на двете фокус групи на 6 октомври 2022 година потврдија дека се стремат да бидат потолерантни во судницата, дури и во ситуации кога се сведоци на употреба на навредлив јазик од страна на некои од учесниците во постапката. Како резултат на тоа, тие не сакаат да ги казнат лицата вклучени во постапката и едвај можеа да се сетат на некој таков случај во претходните години. Ова е показател дека не постои добро воспоставена судска пракса за непочитување (навреда) на судот.

дисциплината во судницата согласно член 361 од Законот за кривичната постапка,[125] како и за непочитување на судот по член 88 од Законот за кривичната постапка.[126]

Одлуката ја потврдил и Апелациониот суд Скопје кој донел единствена одлука за сите подносители на жалбата, а казната ја намали на 500 евра.

---

[125] Член 361 (Казнување поради нарушување на редот и дисциплината) од ЗКП гласи: „(1) Ако јавниот обвинител, обвинетиот, бранителот, оштетениот, законскиот застапник, полномошникот, сведокот, вештакот, преведувачот, односно толкувачот или друго лице кое присуствува на главната расправа го нарушува редот или не се придржува до наредбите од Претседателот на советот за одржување на редот, претседателот на советот ќе го опомене. Ако опомената биде безуспешна, советот може да нареди обвинетиот да се отстрани од судницата, а другите лица може не само да ги отстрани, туку и да ги казни со паричната казна предвидена во членот 88 став 1 од овој закон.
(2) По одлука на Советот, обвинетиот може да биде отстрнет од судницата за определено време, а доколку повторно го нарушува редот на главната расправа, тогаш и за сето време додека трае доказната постапка. Пред да се заврши доказната постапка претседателот на советот ќе го повика обвинетиот и ќе го извести за текот на главната расправа. Ако обвинетиот продолжи да го нарушува редот и да го навредува достоинството на судот, советот може повторно да го отстрани од заседанието. Во тој случај, главната расправа ќе се доврши без присуство на обвинетиот, а пресудата ќе му ја соопшти Претседателот или судија-член на Советот во присуство на записничарот.
(3) На бранителот или полномошнкот, кој по казната ќе продолжи да го нарушува редот, советот може да му ја ускрати натамошната одбрана, односно застапување на главната расправа. Во тој случај, странката ќе се повика да земе друг бранител, односно полномошник. Ако е невозможно обвинетиот или оштетениот тоа да го сторат веднаш без штета за своите интереси или ако во случај на задолжителна одбрана не може веднаш да се постави нов бранител или полномошник, главната расправа ќе се прекине или одложи, а на бранителот односно полномошникот ќе му се нареди да ги плати трошоците што настанале од прекинот или одложувањето.
(4) Ако судот го отстрани од судницата приватниот тужител или неговиот законски застапник, главната расправа ќе продолжи во нивна отсутност, но судот ќе ги предупреди дека можат да земат полномошник.
(5) Ако јавниот обвинител го нарушува редот, претседателот на советот ќе го извести за тоа основниот јавен обвинител, а може да ја прекине главната расправа и од основниот јавен обвинител да побара да определи друго лице да го застапува обвинителниот акт.
(6) Кога судот ќе казни адвокат кој го нарушува редот ќе ја извести за тоа Адвокатската комора на Република Македонија.
(7) Против решението за казната е дозволена жалба до повисокиот суд.
(8) Против други одлуки што се однесуваат на одржувањето на редот и управувањето со главната распрата не е дозволена посебна жалба."
[126] Член 88 (Казнување поради навреда на судот) од ЗКП гласи: (1) Судот ќе го казни со парична казна од 200 до 1.200 евра во денарска противвредност учесникот во постапката кој во поднесокот или усно, односно на друг начин го навреди судот или лицето кое учествува во постапката. Решението за казнување го донесува судот пред кој е дадена изјавата, а ако тоа е сторено во поднесокот, судот што треба да одлучи за поднесокот.
(2) Против ова решение е дозволена жалба по која одлучува советот од членот 25 став (5) на овој закон.
(3) За казнувањето на јавниот обвинител, судот ќе го извести надлежниот јавен обвинител на јавното обвинителство.
(4) За казнувањето на адвокат, судот ќе ја извести Адвокатската комора на Република Македонија.
(5) Кога јавниот обвинител ја води претходната постапка и притоа оцени дека учесник во постапката во изјавата или во поднесокот го навреди судот, јавниот обвинител или друго лице кое учествува во постапката, ќе му достави копија од поднесокот или изјавата на надлежниот суд кој може да донесе решение за казнување од ставот (1) на овој член.
(6) Казнувањето според ставот (1) на овој член не влијае врз гонењето и изрекувањето на казната за кривичното дело извршено со навредата.
(7) Ако според ставот (1) на овој член навредата на судот и покрај изречената парична казна се повторува, судот може да изрече парична казна и до десеткратен износ од казната од ставот (1) на овој член."

Двајца од адвокатите Павлина Зефиќ и Панче Тошковски поднеле барање за заштита на правата и слободите согласно членот 110 (3) од Уставот.

**Образложение**: Уставниот суд утврдил дека постои повреда на нивното право на слобода на мислата и јавно изразување на мислата, загарантирано со членот 16 од Уставот. Според тоа, тој ги укинал претходните одлуки донесени од првостепениот и апелациониот суд во однос на двајцата. Уставниот суд главно се потпирал на критериумите поставени во пресудата на Големиот судски совет во *Морис против Франција*,[127] со акцент на специфичниот статус на адвокатите и нивната позиција во спроведувањето на правдата и потребата да се направи разлика помеѓу забелешките дадени од адвокатите во и надвор од судница. Во овој поглед, тој ја подвлекол важноста на слободата на изразување за да им се овозможи на адвокатите да обезбедат ефективно застапување на своите клиенти. Дополнително, тој истакнал дека забелешките што ги дале за време на судењето не претставуваат непочитување на судот; наместо тоа, тие биле дадени за да придонесат кон дебатата за прашање од јавен интерес. Конечно, тој забележал дека наметнатите санкции можеби имале „одвраќачки ефект" врз користењето на слободата на изразување на адвокатите. Покрај судската пракса на ЕКЧП, Уставниот суд ја зел предвид и релевантната домашна правна рамка (особено, Законот за адвокатура и Кодексот на професионалната етика на Адвокатската комора на Македонија).[128]

**Коментар**: Првите две одлуки покажуваат несоодветна пракса на редовните домашни судови, кои целосно ги игнорирале стандардите на ЕКЧП за член 10. Меѓутоа, Уставниот суд се чинело како ефикасен механизам за заштита на слободата на изразување на адвокатите во конкретниот случај. По правилна примена на судската пракса на ЕКЧП, тој заклучил дека санкционирањето на адвокатите од страна на судовите претставувало непропорционално и прекумерно ограничување на слободата на изразување на адвокатите. Следствено, тој спречил овој случај да биде изведен пред Судот, кој можел да утврди друга повреда на членот 10.

**П5-9/16, Основен суд Охрид, решение од 22 март 2017 година, потврдено од Основниот суд Охрид, решение од 2 мај 2017 година**

**Факти/Образложение:** Случајот се однесувал на постапката за клевета што ја покренал поранешниот градоначалник на Охрид, Никола Бакрачески, против граѓанското здружение СОС Балкан Медиа Охрид, кое водело интернет портал, и неговиот сопственик Сашко Денесоски. Основниот суд Охрид му изрекол глоба на второтужениот Сашко Денесоски во износ од 1.000 евра за непочитување на судот, бидејќи тужениот за време на подготвителното рочиште ѝ викал на судијката што расправала со предметот и

[127] *Морис против Франција* [GC], бр. 29369/10, ЕКЧП 2015

[128] Целосниот текст од одлуката на Уставниот суд е достапна на: http://ustavensud.mk/?p=18219. Во прилог на одлуката има и издвоено спротивставено мислење напишано од еден од судиите: http://ustavensud.mk/?p=18221.

ѝ се обратил со непристојни и навредливи зборови барајќи да го казни со глоба. Глобата била изречена согласно член 102 став 1 од ЗПП. При потврдување на првостепената одлука, Основниот суд Охрид по жалба констатирал дека со оглед на тоа што тужениот ја оквалификувал судијката во судницата како неморален човек и срам за македонското судство, тужениот всушност ја навредил судијката. Првичната одлука била изменета само во однос на висината на казната, која била намалена на 800 евра.

**<u>Коментар</u>**: И покрај тоа што анализираната одлука, во принцип, не била спротивна на европската пракса во врска со непочитување на судот, останува нејасно како домашните судови ја одредувале висината на паричната казна што требало да им се изрече на странките во постапката во случаи на непочитување (навреда) на судот. Во отсуство на многу слични одлуки дадени во периодот опфатен со оваа анализа, би било невозможно да се открие која е праксата која преовладува, доколку таа постои.

## 6. Слобода на изразување на работното место

Европскиот суд за човекови права има утврдено дека членот 10 од Конвенцијата се применува во контекст на работните односи, вклучително и кога тие се регулирани со одредбите на приватното право (*Хербаи против Унгарија*, став 37; *Фуентес Бобо против Шпанија*, став 38).

Членот 10 од Конвенцијата се применува на изјавите кои сакаат да го привлечат вниманието на незаконското или морално осудуваното однесување, а за таквите изјави е обезбедена специфична заштита во судската пракса на Судот. Постојат две различни категории во врска со ова: укажувачи и пријавување на неправилности во однесувањето на носителите на државни функции или државните службеници (*Меџлис Исламске Заједнице Брчко и други против Босна и Херцеговина* [GC], став 80-84). Оваа дистинкција овозможи да се идентификуваат специфичните критериуми за заштита според член 10 од Конвенцијата.

Во однос на првата категорија случаи, легитимните цели поконкретно се да се спречи откривањето на информациите добиени во тајност и/или да се заштитат правата на другите, додека за втората категорија, заштитата на угледот и правата на другите почесто се покренува како оправдување. Статусот на укажувачи нужно подразбира врска заснована врз работниот однос и го покренува прашањето за обврската за лојалност, резерва и дискреција што вработените му ја должат на работодавецот (*Гуја против Молдавија* [GC], став 70), Покрај тоа, известувањето секогаш засега некој државен службеник (Меџлис *Исламске Заједнице Брчко и други против Босна и Херцеговина* [GC], став 80; *Закаров против Русија*; *Сирик против Украина*; *Софранши против Молдавија*), додека укажувањето, односно „свиркањето" не мора да се однесува на однесувањето на државните службеници, а заштитата за укажувачите може да се даде и на вработените во приватниот и во јавниот сектор (*Гуја против Молдавија* [GC], став 8; *Букур и Тома против Романија*, став 7; *Лангнер против Германија*, став 6; *Хајниш против Германија*, став 44).

Не постои посебна пресуда донесена во македонските случаи во кои ЕСЧП разгледувал дали има повреда на членот 10 од ЕКЧП во контекст на работните односи.

Сепак, вакви прашања биле покренати во случајот ***Мицевски***.[129] Разгледувањето на тој случај било прекинато откако било постигнато пријателско спогодување помеѓу апликантот и државата.130 Тој се однесувал на дисциплинската постапка покрената против апликантот, кошаркарски судија, од страна на Кошаркарската федерација на

[129]*Мицевски против Поранешна Југословенска Република Македонија,* бр. 75245/12, последно пристапена на 19 ноември 2012 година, доставена до Владата на 23 февруари 2016 година

[130] *Мицевски против Поранешна Југословенска Република Македонија,* бр. 75245/12, одлука од 15 ноември 2016 година, достапна на: https://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22fulltext%22:[%22Micevski%22],%22documentcollectionid2%22:[%22JUDGMENTS%22,%22DECISIONS%22],%22itemid%22:[%22001-169822%22]}

Македонија (КФМ), откако тој ја известил КФМ за наводни неправилности во нејзиното водење. Дел од неговите изјави биле  репродуцирани и објавени и во дневниот весник „*Нова Македонија*". Дисциплинската комисија на КФМ, потпирајќи се на членот 22 од својот Дисциплински правилник *издала забрана на вршење работи во кошаркарскиот спорт во времетраење од една година*, како санкција затоа што тој „во неколку наврати изнел лажни тврдења за работата на телата и органите на КФМ, со што му наштетил на нејзиниот углед." Арбитражната комисија, како второстепен орган во рамките на КФМ, ја одбила жалбата на апликантот и ја потврдил наредбата на Дисциплинската комисија. Откако апликантот неуспешно ги оспорил тие одлуки пред Основниот граѓански суд Скопје, тој се жалел по членот 6 од Конвенцијата дека му бил одбиен пристап до судот во врска со неговите поплаки против наредбата на КФМ. Тој понатаму тврдел дека со ограничувањето на неговиот пристап до судот, соодветната држава не го заштитила неговото право на слобода на изразување според членот 10 од Конвенцијата.

Релевантни прашања во врска со слободата на изразување на работното место се појавиле во неколку од разгледуваните случаи.

**П5-8/20, Основен суд Прилеп, пресуда од 18 март 2021 година**

<u>**Факти**</u>: Тужителот, конзерватор и директор на Заводот за заштита на спомениците и Музеј Прилеп („Заводот"), поднел тужба против неговиот колега, археолог во истиот Завод. Тој обвинил дека тужениот го навредувал и оцрнувал со изјавите на неговиот Фејсбук профил во кои откривал некои детали поврзани со работата на Заводот. Поконкретно,  тужениот го опишал тужителот како лице кое не се интересирало за работата на Заводот. Тужениот напишал и дека тој започнал преписка со Министерството за култура за да дознае зошто археолошките проекти што ги предложил за финансирање биле одбиени од Министерството. Потоа добил одговор  од Министерството во кој се вели дека прилепскиот Завод ќе биде единствената институција во земјата која нема да добие средства за поддршка на археолошки проекти. Притоа, тужениот истакнал дека за време на состанокот на тимот на Заводот, тужителот експлицитно изјавил дека сè додека тој е директор „нема да има археологија", бидејќи наместо тоа треба да се распределат средства за заштита на црквите. На крајот, тужениот изразил загриженост за развојот на археологијата во регионот и за судбината на четворицата археолози кои работеле во Заводот. Посочувајќи пример за археолошкиот локалитет Стибера кој останал неистражен, тој ја критикувал праксата на Министерството да им ја препушта идентификацијата на приоритетните проекти на директорите на секоја културна институција.

<u>**Образложение**</u>: Во својата оценка, Основниот суд Прилеп истакнал дека со неговата објава тужениот се обидел да се осврне на важноста на археологијата во Прилеп, притоа посветувајќи посебно внимание на локалитетот Стибера. Така, тој критички пристапил кон работата на Заводот. Судот го одбил барањето како неосновано, потпирајќи се на

членот 7 став 2 и 3 од ЗГОНК[131], како и на стандардите на ЕКЧП кои повлекле со себе повисок степен на заштита на слободата на изразување кога се работи за прашање од јавен интерес и оставал малку простор за ограничувања на расправата за прашања од јавен интерес. Во овој контекст, Основниот суд Прилеп повторил дека согласно воспоставената пракса на ЕСЧП, границите на дозволената критика биле пошироки за носителите на јавни функции, отколку за приватните физички лица. Во едно демократско општество, постапките или пропустите на властите треба да бидат подложени на внимателно испитување од страна на поширокатa јавност и носителите на јавна функција мора да покажат повисок степен на толеранција кон јавната критика. Тие, исто така, треба да се воздржат да прибегнуваат кон судски постапки за заштита на нивниот углед, особено ако им се на располагање и други средства за одговор на нападите и критиките. На пример, тужителот имал можност да даде изјава за регионален неделен весник, која ја искористил, како што е наведено во неговата изјава дадена пред судот.

**П5-5/20, Основен суд Велес, пресуда од 9 декември 2020 година, потврдена од Апелациониот суд Скопје, пресуда од 9 септември 2021 година (ГЖ-472/21)**

**<u>Факти</u>**: Тужителката, која била вработена како медицински лабораториски техничар во велешкиот Центар за јавно здравје („Центарот"), тужела за клевета лекарка специјалист за микробиологија и паразитологија, која во моментот била назначена за директорка на Центарот. Првично, локален портал за вести поставил кратка аудио снимка од 22 секунди, наводно снимена нелегално. На снимката се слушала расправија на средба со претходниот директор, во која тужената ја навредувала тужителката. Написот што ја придружувала спорната аудио снимка бил со наслов: „*Скандал: Директорката на Центарот за јавно здравје малтретира вработен*". Се поставило прашањето дали по ваков скандал министерот за здравство ќе ја разреши тужената.

Во истиот информативен портал веднаш било објавено писмо со демант испратено од тужената. Во писмото таа тврдела дека содржината на аудио снимката била погрешно претставена, особено што само некои делови од неа биле поставени. Ова се случувало шест месеци по снимањето на средбата, за време на изборна кампања. Тужената понатаму тврдела дека написот и аудио снимката биле објавени со намера да ја нападнат, особено затоа што новинарката која го напишала написот останала анонимна и не

[131] Членот 7 став 2 од ЗГОНК дава основа за исклучување од граѓанска одговорност за навредливо мислење за друго лице, доколку тоа било изразено во јавен интерес, без намера да се намали нечија чест или углед. Според член 7 став 3 од ЗГОНК, не постои одговорност доколку оспореното навредливо мислење се однесува на носител на јавна функција и се докаже дека е засновано на вистинити факти или дека постои разумна основа да се верува во вистинитоста на тие факти, или ако содржи оправдана критика или поттикне дебата од јавен интерес. Лицето нема да биде одговорно за искажување навредливо мислење на носител на јавна функција за прашање од јавен интерес, ако докаже дека тоа се заснова на вистинити факти или ако докаже дека имал разумна основа да верува во вистинитоста на таквите факти или ако изјавата содржи оправдана критика или предизвикува дебата од јавен интерес или ако е претставена во согласност со професионалните стандарди и етика на новинарската професија.

побарала од неа да ја претстави својата верзија за инцидентот. Според тужената, таквото однесување било непрофесионално и претставувало ширење лажни вести во јавноста.

Дополнително, тужената навела дека тужителката направила грешки и пропусти на своето работно место, што негативно влијаело на работата на целата установа, па дури и на јавното здравје на граѓаните. За снимената расправија, таа појаснила дека неа ја предизвикала  тужителката, кој ѝ се заканувала и вербално ја нападнала на прилично непрофесионален и непристоен начин. За тоа сведочеле уште четворица колеги. Спротивно на тоа, во нејзината тужба до судот, тужителката ги негирала овие наводи како невистини и тврдела дека негативните коментари за нејзиното несовесно однесување на работното место ја понижиле како личност, негативно влијаеле врз Центарот како установа и поттикнале недоверба во установата кај пациентите и граѓаните.

**<u>Образложение</u>**: Основниот суд Велес забележал дека слободата на изразување е релативно право чие остварување е поврзано со одредени обврски и одговорности. Понатаму, тој  укажал на разликата помеѓу фактите и вредносните судови во контекст на судската пракса на ЕСЧП, нагласувајќи дека вредносните судови мора да имаат доволна фактичка основа. Основниот суд Велес оценил дека писмото на тужената било напишано и објавено како одговор на спорниот напис и аудио снимка кои биле претходно објавени на истиот интернет портал. Нејзиното писмо немало намера да го оцрни тужителот, туку имало за цел само да ја разјасни спорната ситуација и да даде сопствен став за расправијата која била претставена во аудио снимката. Така, изјавите во нејзиното писмо биле дадени со добра волја и таа само го искажала сопствениот вредносен суд како лекар и како надредена на тужителката, додека нејзиниот вредносен суд имал доволно фактичка основа. Како резултат на тоа, барањето за клевета на тужителката било одбиено како неосновано.

**П5-2/21, Основен суд Прилеп, пресуда од 26 август 2021 година, укината од Апелациониот суд Битола, пресуда од 26 август 2021 година (ГЖ-1287/21)**

**<u>Факти</u>**: Тужителот, кој станал управител на прилепското комунално претпријатие на 7 јануари 2019 година, покренал постапка за клевета против вработен, кој се пензионирал на 31 декември 2019 година по 23 години работен стаж во истото претпријатие. На 14 февруари 2020 година, тужениот на Фејсбук објавил фотографија од тужителот, придружена со текст во кој соопштува дека поднел кривична пријава за злоупотреба на службена должност од страна на органот на управување на претпријатието. Тој обвинил дека раководството му нанело штета на буџетот на претпријатието дозволувајќи им на новопримените вработени редовно да добиваат плата и покрај нивното неоправдано отсуство од работното место.

**<u>Образложение</u>**: Основниот суд Прилеп го уважил тврдењето за клевета, тврдејќи дека тужениот ниту го докажал својот аргумент дека истите наводи веќе биле изнесени на јавен состанок, ниту дека има оправдани причини да пренесе изјава што е од јавен

интерес. Тој бил одговорен за клевета бидејќи спорните наводи ги искажал за намерно да им наштети на честа и угледот на тужителот пред други луѓе кои користат Фејсбук, иако знаел или требало да знае дека таквите наводи биле невистинити.

Апелациониот суд Битола ја укинал пресудата на Основниот суд Прилеп и го одбил тужбеното барање на тужителот како неосновано.

На почетокот, судот забележал дека утврдувањето на граѓанска одговорност за клевета зависело од тоа дали тужениот имал конкретна намера да им наштети на честа и угледот на тужителот, наместо да ја даде спорната изјава со добра волја и во јавен интерес. Како што изјавил тужениот, тој ги искажал спорните зборови врз основа на информациите што ги добил на јавни собири и средби со колегите од комуналното претпријатие и затоа сметал дека се вистинити. Така, тој имал намера да предизвика дебата на социјалната мрежа за тоа што се случува во претпријатието, наместо да им наштети на честа и угледот на тужителот.

Со оглед дека тужителот бил управител на јавно претпријатие, Апелациониот суд Битола понатаму оценил дека од јавен интерес било да се утврди дали вработените во тоа претпријатие биле вработени во согласност со законот. Тој заклучил дека тужениот докажал дека имал оправдани причини да даде тврдење што е од јавен интерес, додека тужителот како носител на јавна функција не дал никакво објаснување за наводите на тужителот во врска со вработувањето во претпријатието, иако имал законска должност да го стори тоа.

Тој пресудил дека заклучокот на првостепениот суд дека товарот на докажување паѓа врз тужениот бил погрешен. Тужителот бил тој што требало да докаже дека спорните факти содржани во тврдењето на тужениот не биле изнесени во јавен интерес, но не го сторил тоа. Во врска со ова, Апелациониот суд Битола се повикал на член 9 став 3 од ЗГОНК, кој предвидувал пренесување на товарот на докажување за вистинитоста или неточноста на спорните изјави, кога тужителот е носител на јавна функција.[132]

Понатаму, Апелациониот суд Битола оценил дека првостепениот суд неправилно ги применил стандардите на ЕСЧП кои предвидуваат дека треба да се обезбеди високо ниво на заштита на слободата на изразување кога се работи за прашања од јавен интерес, со што се остава само мал простор за ограничување на дебатата за прашања од јавен интерес. Тој погрешно одлучил дека во конкретниот случај немало дозволена критика на тужениот, туку напротив, била нарушена честа и угледот на тужителот.

Во овој контекст, Апелациониот суд Битола повторил дека согласно воспоставената пракса на ЕСЧП, границите на дозволената критика се пошироки за носители на јавни функции, отколку за приватни лица. Во едно демократско општество, постапките или

[132] Во членот 9 став 3 од ЗГОНК се вели: „По исклучок од ставовите (1) и (2) на овој член, товарот на докажување паѓа врз тужителот кој како носител на јавна функција има законска должност да даде објаснување за конкретни факти кои најнепосредно се поврзани или се од значење за вршењето на неговата функција, ако тужениот имал основани причини за изнесување на тврдење што е од јавен интерес."

пропустите на властите треба да бидат подложени на внимателно испитување од пошироката јавност и носителите на јавна функција мора да покажат повисок степен на толеранција кон јавната критика. Тие, исто така, треба да се воздржат да прибегнуваат кон судски постапки за заштита на нивниот углед, особено ако им се на располагање и други средства за одговор на нападите и критиките. На пример, тужителот имал можност да одговори на нападите и критиките од страна на тужениот. Понатаму, во согласност со член 9 од ЗГОНК, тој исто така бил должен да даде веродостојно објаснување за конкретните факти наведени од тужениот. Но, тој не успеал да докаже дека не е точно она што го навел тужениот.

**Општ коментар за предметите кои се однесуваат на слободата на изразување на работното место:**

Предметите вклучени во ова поглавје покажуваат дека, во принцип, домашните судови се стремат да одлучуваат за предметите на клевета кои вклучуваат изјави дадени во врска со работното место, без да се впуштат во темелна анализа на елементите вградени во судската пракса во Стразбур кои се релевантни за слободата на изразување во работната средина.

Прво и најважно, во овој тип на случаи домашните судови главно се потпирале на домашното законодавство, а особено на ЗГОНК. Во своето образложение, тие инкорпорирале одредени општи концепти кои биле развиени од страна на ЕСЧП, на пример, при оценувањето дали спорните изјави би можеле да се категоризираат како фактички тврдења или вредносни судови. Ова им овозможило да одлучат дали тужениот може да биде повикан на одговорност, бидејќи таквите изјави биле дадени со јасна намера да навредат или наклеветат или, напротив, имале за цел да отворат дебата за прашања од јавен интерес за функционирањето на одредени институции или за вршењето на јавните функции и сл.

Очигледно, кога се дискутирало за целокупниот контекст во кој биле дадени изјавите, македонските судови не сакале да ги земат предвид специфичните елементи кои биле релевантни за работниот контекст во кој бил даден спорниот говор. На пример, тие не воделе сметка дали работодавачот бил јавен орган или приватна компанија, како и дали работникот бил државен службеник или работел со приватна компанија. На пример, во некои случаи, го занемарувале статусот на работодавачот како јавен орган, што би можело да повлече со себе должност за доверливост и лојалност кон работодавачот, итн. Спротивно на тоа, тие не оцениле дали во даден случај било порелевантно да се прифати спротивното гледиште според судската пракса на ЕКЧП, дека сигнализирањето од страна на државен службеник или вработен во јавниот сектор за незаконско однесување или погрешно постапување на работното место, во одредени околности, треба да ужива заштита. Тоа е така кога засегнатиот работник или државен службеник е единственото лице, или дел од мала категорија на лица, свесни

за тоа што се случува на работа и затоа е најдобро позициониран да дејствува во јавен интерес така што ќе ги алармира работодавачот или пошироката јавност (*Гуја против Молдавија* [GC], став 72; *Марченко против Украина*, став 46; *Хајниш против Германија*, став 63; *Горјајнова против Украина*, став 50).

Дополнително, во случаите што се разгледуваа, немаше анализа дали тужениот спаѓа во категоријата на укажувачи или само пријавувал(а) неправилности во однесувањето на државните функционери или државните службеници. Како што укажувањето на вработен во врска со наводното незаконско однесување на неговиот или нејзиниот работодавач изискува посебна заштита според членот 10 од Конвенцијата (*Лангнер против Германија*, став 47; *Хајниш против Германија*, став 43,). ако тужениот бил укажувач, домашните судови нужно требало во нивната анализа да ги применат шесте критериуми поставени од Судот за оценување на пропорционалноста на мешањето во слободата на говор на укажувачите во случајот *Гуја против Молдавија* [GC], став 74-78.[133] И покрај тоа што овие критериуми се однесуваа на вработен во јавниот сектор, тие се исто така применливи и врз работните односи во сферата на приватното право. Домашните судови треба да бидат запознаени со последната пресуда на ЕСЧП и да ги применат гореспоменатите критериуми секогаш кога е тоа потребно за да се одмери правото на вработените да сигнализираат незаконско однесување или неправилност од страна на нивниот работодавач наспроти правото на работодавачпт на заштита на неговиот углед и комерцијални интереси (*Хајниш против Германија*, став 64).

[133] Накратко, тие критериуми го вклучуваат следново: 1) обелоденувањето на предметната информација најпрво треба да се изврши до претпоставениот на лицето или друг надлежен орган или тело; 2) дека постои јавен интерес за откриените информации; 3) автентичноста на откриените информации; 4) да ја одмери штетата, доколку ја има, претрпена од јавниот орган како резултат на предметното обелоденување и да процени дали таквата штета го надминува интересот на јавноста за откривање на информациите; 5) мотивот зад дејствијата на работникот што известува; и 6) казната што му била изречена на апликантот и нејзините последици.

# 7. Заклучоци и препораки

## 7.1. Општи забелешки

Пред сè, треба да се забележи дека многу национални институции за обука на судии и обвинители немаат воспоставено одржлива и применлива методологија и алатки за оценување на ефективноста и влијанието на нивните наставни програми за обука, вклучително и за човековите права.[134] Имајќи го предвид ова, овој документ треба да се сфати како напор да им се помогне и на Советот на Европа и на Македонската академија за судии и јавни обвинители да оценат дали постојните програми за обука за членот 10 од ЕКЧП имале некакво влијание врз судската пракса на домашните правосудни институции.

И покрај тоа што е тешка задача да се спроведе таква проценка, може да се заклучи дека, во принцип, како резултат на значителните напори направени од страна на Советот на Европа и Академијата за судии и јавни обвинители во последните неколку години да спроведува програми за обука за чинителите во домашното правосудство, забележан е значителен ***напредок*** во однос на примената на стандардите на ЕСЧП според член 10 од Конвенцијата од страна на судовите. Како резултат на тоа, последниот случај по член 10 доставен на одговор до македонската Влада бил изнесен пред Судот на 28 април 2016 година.[135] Следствено, може да се воспостави ***директна врска*** помеѓу обуките организирани во рамките на проектот ЈУФРЕКС и способноста на домашните правни професионалци да ги имплементираат тие стандарди во нивната секојдневна работа.[136]

Всушност, ова покажува дека досега спроведените обуки им овозможиле на домашните професионалци во правосудството да ги достигнат сите четири нивоа кои го сочинуваат моделот на Киркпатрик  за евалуација на учењето. Тоа резултираше со подобрување на однесувањето и способноста за имплементација/примена на стекнатото знаење (ниво 3) и за креирање позитивно влијание (импакт) врз пошироката заедница (ниво 4).[137] Тоа е докажано и преку позитивните трендови во домашната судска пракса која, во голема мера, е усклaдена со судската пракса на ЕСЧП. Во таа смисла, примерите на добра пракса

---

[134] *Проценка на постоечките системи/механизми за евалуација и влијание на обуката за човекови права. Препорачани методологии и алатки*. Ивана Роања, февруари 2021 година, достапна на: https://rm.coe.int/coe-book-mkd-01/1680a2a038,.

[135] Всушност, тоа е случајот *Костова и Апостолов*, доставен до Владата на 11 октомври 2018 година.  Види во: https://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22languageisocode%22:[%22ENG%22],%22respondent%22:[%22MKD%22],%22article%22:[%2210%22],%22documentcollectionid2%22:[%22COMMUNICATEDCASES%22],%22itemid%22:[%22001-187549%22]}. Како што е наведено погоре, последната пресуда на Судот со која се утврди прекршување на членот 10 се однесуваше на овој случај.

[136] Повеќето од учесниците на двете фокус групи кои се одржаа на 6 октомври 2022 година, експлицитно изјавија дека го зголемиле своето знаење и експертиза за слободата на изразување првенствено како резултат на активностите за обука на ЈУФРЕКС во кои биле вклучени. Исто така, тие го изразиле  својот зголемен интерес и во иднина да учествуваат во слични активности.

[137] *Supra note* 138, на стр.14.

дискутирани во оваа анализа би можеле да се сметаат за клучни показатели за промената која настанала пред сè во судската пракса на домашните судови.

И покрај веќе постигнатиот напредок, *сè уште има* ***простор за подобрување****, со оглед на* ***недоследностите*** *кои често се појавуваат во однос на разбирањето и инкорпорирањето на одредени концепти и принципи на ЕКЧП кога случаите ги решаваат домашните судови*.

Врз основа на сегашната анализа, може да се идентификуваат некои клучни прашања и предизвици за понатамошно промовирање на капацитетите на правосудните чинители за да се осигура дека домашната судска пракса се усогласува со барањата од членот 10 од ЕКЧП, како што него го толкува ЕСЧП.

За таа цел, ова Поглавје ќе ги земе предвид најпредизвикувачките аспекти на судската примена на стандардите на ЕКЧП во однос на секоја специфична тематска област. Ова ќе биде проследено со препораки, кои Советот на Европа и Академијата за судии и јавни обвинители би сакале да ги земат предвид при планирањето на нивните идни активности за градење капацитети во областа на слободата на изразување и безбедноста на новинарите.

## 7.2. Специфични заклучоци и препораки

### 7.2.1. Говор на омраза (Поглавје 2):

И покрај широко распространетиот феномен на говор на омраза во општеството, само мал број случаи за кои одлучуваа домашните судови вклучуваа некаква форма на говор на омраза. Дополнително, на домашно ниво постои тенденција кон прекумерна криминализација на говорот на омраза. Случаите со говор на омраза најчесто се решаваат со прибегнување кон кривично-правните механизми, спротивно на неодамна усвоената Препорака CM/Rec(2022)16 на Комитетот на министри за борба против говорот на омраза. Во неа се нагласува дека кривичното право треба да се применува само како последно средство и за најсериозните изрази на омраза, додека ефикасна правна заштита од говорот на омраза треба да се обезбеди и со граѓанското право и со управното право, а особено со општото облигационо право, антидискриминациското и административно-прекршочното законодавство.

Следува дека треба да се воведат посистематски промени во праксата и на судовите и на јавното обвинителство со цел нивната судска пракса да се усогласи со стандардите на Советот на Европа и особено со Препораката CM/Rec(2022)16. Во овој поглед, ќе биде неопходно говорот на омраза да се смета за кривично дело само кога се исполнети одредени критериуми, имајќи предвид дека би имало ризик за слободата на изразување доколку областа на криминализација на говорот се прошири надвор од она што е строго неопходно во едно демократско општество.

Од друга страна, може да се забележи дека ***јавните обвинители не секогаш го препознаваат говорот на омраза*** *и оттука,* ***не сакаат да ги истражуваат и***

***гонат кривичните дела што се поврзани со говорот на омраза***. Исто така, се поставува прашањето дали се тие целосно свесни за опасноста што говорот на омраза може да ја предизвика на општеството и неговиот потенцијал да доведе до злосторства од омраза.[138]

Откако се гони говорот на омраза, се чини дека ***пресудите се прилично кратки и немаат детално образложение во врска со главните елементи на говорот на омраза кои се дадени на меѓународно ниво, вклучувајќи ги и стандардите утврдени во јуриспруденцијата на Европскиот суд за човекови права во тој поглед***. Во повеќето случаи, домашните судови ниту дале доволна анализа на околностите на секој конкретен случај, имајќи го предвид целиот контекст во кој е изнесено навредливото изразување, ниту, пак, се вклучиле во потемелна дискусија за фактичките последици или за потенцијалните импликации кои произлегуваат од говорот на омраза.

Исто така, ***лицата осудени за дела кои вклучуваат говор на омраза најчесто се осудени на условни затворски казни. Се смета дека таквата казнена политика не е во согласност со меѓународните стандарди, вклучувајќи ги и стандардите утврдени во Препораката CM/Rec(2022)16.***

**Препораки за говор на омраза**

● ***Подготовка на специјализирани обуки за говор на омраза*** кои треба да содржат не само општ, воведен модул релевантен за сите судии (и граѓански и кривични) и обвинители, туку и посебни модули кои ќе бидат прилагодени за да одговорат на специфичните потреби на граѓанските и кривичните судии (во смисла на подобрување на нивните вештини за правно пишување и правно образложување со цел да им се овозможи правилно да ги применуваат стандардите на ЕСЧП во нивните пресуди) и јавните обвинители (во смисла да ги оспособат да препознаваат говор на омраза и да идентификуваат кога е неопходно да се поднесат обвиненија во однос на таков вид кривични дела).

● Обуките ***не треба да се спроведуваат само за судиите и обвинителите во рамките на наставната програма за континуирана обука***, туку тие треба да се ***интегрираат и во наставната програма за почетна обука и да бидат достапни како задолжителни модули за сите кандидати за судии и обвинители*** кои се запишани на Академијата за судии и јавни обвинители.

● Понатаму, треба да се подготви ***Прирачник за говор на омраза*** кој ќе вклучува студии на случај и конкретни насоки кои треба да им помогнат на професионалците во правосудството да ги подобрат нивните практични вештини за подготвување обвиненија (за јавни обвинители) и за изработка на образложение на пресудите во

[138] Како што потврдија сите учесници на фокус групата за кривично право што се одржа на 6 октомври 2022 година.

случаите на говор на омраза (за граѓанските и кривичните судии). Прирачникот ќе ги интегрира и релевантното домашно законодавство и стандардите на ЕКЧП и ќе обезбеди јасна листа за проверка на елементите што треба да се земат предвид при поднесување обвиненија и донесување пресуди во случаите на говор на омраза.

● На крајот, одреден број ***судии и обвинители ќе бидат назначени да служат како фокусни точки за говорот на омраза*** во нивните соодветни (основни или повисоки) јавни обвинителства или во нивните соодветни (првостепени или апелациони) судови. Тие треба да бидат обучени преку специјализираните обуки предложени погоре за тоа како да постапуваат во случаите на говор на омраза. Последователно, тие би можеле да имаат за задача да обезбедат имплементација на кохерентна методологија за процесирање на предметите и да воспостават пракса во нивните институции која ќе биде компатибилна со меѓународните стандарди во оваа област.

### 7.2.2. Клевета (Поглавје 3):

Во повеќето анализирани примери **за политички говор**, надлежните судови се потпираа на ЕКЧП и релевантната судска пракса, за да донесат заклучок дека политичарите треба да покажат повисок степен на толеранција кон секоја критика на нивната работа.

Без оглед на различната терминологија што ја користат судиите во случаите на клевета, главно покажаа добро разбирање на разграничувањето помеѓу фактичките тврдења и вредносните судови што се прави во судската пракса на ЕСЧП. Според тоа, тие правилно го примениле таквото разграничување во конкретните случаи во кои постапувале.

Сепак, неконзистентна пракса и некохерентна примена на стандардите на ЕКЧП се забележани не само кај различните првостепени судови, или при одлучувањето во слични случаи од страна на различни судски инстанци, туку и при разгледувањето слични случаи во рамките на истиот суд.

Исто така загрижува и тоа што во неколку случаи било забележано дека поради погрешно толкување или погрешна примена на судската пракса на ЕКЧП, домашните судови развиле судска пракса која е спротивна на европските стандарди.

Овие недостатоци треба соодветно да се адресираат за да се спречи различната судска пракса да стане извор на правна несигурност и дополнително да се поткопа довербата на јавноста во судството.

**Препораки за клевета и политички говор**

● Во овој поглед, со цел да се промовира доследност во примената на стандардите на ЕСЧП, ***учеството на идните обуки треба да се прошири за да се опфатат зголемен број граѓански судии во сите првостепени судови и судии од сите четири македонски апелациони судови***.[139]

● Со цел да се гарантира дека обуките се ефективни и приспособени на различните потреби на сите категории правни професионалци, би можело да се размисли учесниците да се поделат во две групи, во зависност од тоа дали тие веќе имаат стекнато некое претходно општо знаење за слободата на изразување, а особено за клевета. Според тоа, ***обуките би биле подготвени и спроведени и на основно и на напредно ниво.***[140]

● ***Треба да се организираат тркалезни маси*** помеѓу граѓанските судии од различни судови и нивоа на надлежност кои ќе претставуваат форум за меѓусебна размена на практични искуства и дискусија за главните предизвици со кои се соочуваат при одлучувањето во случаите на клевета. Тркалезните маси, исто така, ќе имаат за цел да ги разрешат разликите во судската пракса и да предложат решенија за надминување на тие разлики.

Што се однесува до **компензацијата**, постои очигледен тренд кон намалување на нивото на надомест што се доделува во случаите за клевета, во согласност со судската пракса на ЕСЧП.

Во повеќето случаи, судовите се стремат да досудат износи на нематеријална штета кои не се претерано високи во споредба со претходната пракса во слични случаи, како во постапките за клевета иницирани од политичари кои се припадници на владејачките партии против политичарите од опозицијата, така и во постапките поведени од политичари против новинари.

Дополнително, во ниту еден од разгледаните случаи, домашните судови целосно не ги уважиле барањата на тужителите за надомест на штета. Наместо тоа, тие досудувале помали износи на отштета од оние што ги барале тужителите.

Има и неколку предмети во кои домашните судови досудиле само симболичен износ на надомест или ги одбија барањата за надомест на нематеријална штета, сметајќи дека утврдувањето на граѓанска одговорност за клевета треба да се смета како доволна сатисфакција за тужителот и според тоа, немало потреба да се доделува материјална

[139] Ова беше и еден од заклучоците на фокус групата за прашања од граѓанското право од 6 октомври 2022 година.. Имено, сите судии кои учествуваа на оваа фокус група се согласија дека сите нивни колеги кои постапуваат во предметите кои се однесуваат на клевета треба да бидат вклучени во идните активности за градење капацитети.

[140] Ова беше дополнителна забелешка на учесниците во истата фокус група.

сатисфакција. Дополнително, во некои случаи, наместо да досудат отштета, тие му наложиле на тужениот да го објави диспозитивот од пресудата во истата публикација каде што била објавена клеветничката содржина.

Додека во некои предмети домашните судови ја разгледувале економската состојба на тужителот при определувањето на висината на надоместокот што треба да се досуди, генерално, нема јасни параметри кои судовите ќе ги следат при пресметката на штетите.

Следствено, и покрај напредокот што е постигнат кон доделување надомест кој ќе биде пропорционален на штетата што всушност ја претрпел тужителот, во согласност со судската пракса на ЕКЧП, не постои единствен пристап ниту во рамките на истите судови, ниту во целиот судски систем во земјата.

**Препораки за надомест на штета за клевета**

● ***Прашањето за компензација во случаите за клевета да се адресира за време на идните обуки за член 10 кои ќе бидат прилагодени за граѓанските судии.***

● ***Да се промовира воспоставување на одредени јасни критериуми или, дури и, да се изготви табела за отштетата што треба да се досуди во одредени видови случаи***, во зависност од видот на говорот, контекстот во кој се дадени изјавите, како и лицата кои се вклучени. Оваа табела може да послужи како корисна практична алатка за да ги поучи и да им помогне на судиите во пресметката на отштетите што треба да се досудат во конкретните околности на даден случај. Така, може да го олесни и усогласувањето на судската пракса на домашно ниво.

Во однос на барањата за **привремени забрани**, домашните судови не сакаа да се впуштат во оценување дали изрекувањето на таквите мерки, вклучително и нивниот опсег и времетраење, има изгледи да произведе одвраќачки ефект или одреден облик на цензура врз остварувањето на правото на слобода на изразување на засегнатото лице. Понатаму, тие често ја занемаруваа важноста на одредена публикација за отворање на дебата од јавен интерес.

**Препораки за привремени забрани**

● Иако не е вообичаена пракса да се бара или да се изрече привремена забрана, ***треба да се посвети поголемо внимание на оваа тема во идните обуки за член 10 од ЕКЧП.***

### 7.2.3. Интернет и слобода на изразување (Поглавје 4)

Обезбедувањето целосно уживање во слободата на изразување на Интернет останува огромен предизвик за македонското судство, како во граѓанските така и во кривичните предмети.

Пред сè, потребна е поголема работа во насока на усогласување на домашната судска пракса за **граѓанска одговорност** за клевета на **интернет порталите.**

Усвојувањето на заклучокот на четирите апелациони судови во март 2019 година предизвика промени во домашната судска пракса кон мериторно испитување на барањата за клевета поднесени против интернет медиумите, со што се потврдува дека интернет порталите може да бидат одговорни и за клевета. Се чини дека ова ја прекина претходната пракса на домашните судови кои го попречуваа пристапот до судските постапки против интернет порталите.

Како и да е, и покрај новите позитивни трендови, остануваат значителен број случаи во кои судовите ги отфрлиле барањата за клевета против интернет порталите поради наводниот недостиг на пасивна легитимација на порталите да бидат тужени.

Од друга страна, во случаите во кои судовите ја разгледувале основаноста на барањата за клевета поднесени против интернет порталите или против приватни лица во однос на нивните изјави дадени на интернет, направен е забележителен чекор напред во насока на обезбедување на целосна заштита на слободата на изразување на интернет, истовремено ограничувајќи и санкционирајќи каква било злоупотреба на оваа слобода.

**Препораки за одговорност на информативните интернет портали**

● Потребни се повеќе напори за да се надминат постоечките недоследности во досегашната судска пракса преку ***спроведување на специјализирани обуки за слободата на изразување на интернет за граѓанските судии*** од сите првостепени судови, како и за граѓанските судии од четирите апелациони судови. Конкретно, тие обуки би се фокусирале на запознавање на учесниците со стандардите на ЕКЧП и на адресирање на сите проблематични аспекти поврзани со граѓанската одговорност на интернет медиумите за клевета.

● ***Изработка на Прирачник за интернетот и слободата на изразување***, како дополнение на Прирачникот за говор на омраза. Тој би ги опфатил сите релевантни прашања и би дал насоки кои треба да им помогнат на домашните судии да ги унапредат нивните вештини за подготвување нацрти и да го усогласат образложението на нивните пресуди во предметите што се однесуваат на клевета со европските стандарди.

Заклучоците за говорот на омраза воопшто важат и во однос на **говорот на омраза на интернет**. Во суштина, треба да се воведат посистематски промени во праксата и на судовите и на обвинителствата со цел нивната пракса да се усогласи со стандардите на Советот на Европа и особено со Препораката CM/Rec(2022)16.

Што се однесува до **говорот на омраза и <u>изјавите на интернет кои претставуваат кривични дела</u>**, треба да се забележи дека со неколку исклучоци, генерално, пресудите што се разгледуваат се прилично кратки, без доволна анализа на околностите на секој конкретен случај, вклучувајќи го и целиот контекст во кој било искажано одредено навредливо изразување, но исто така тие биле лишени од адекватно образложение кое ќе упатува на стандардите на ЕКЧП.

**Препораки за говор на омраза на интернет**

● *При дизајнирање на обуките за говор на омраза за судии и јавни обвинители,* ***посебно внимание треба да се посвети на говорот на омраза на интернет.***

● ***Специфично поглавје за говорот на омраза на интернет може да се интегрира во идниот Прирачник за говор на омраза*** кој ќе содржи студии на случај и конкретни упатства кои треба да им помогнат на правните професионалци да ги подобрат своите практични вештини за подготвување обвиненија (за јавни обвинители) и образложени пресуди во случаите на говор на омраза на интернет (за судии). Исто така, ќе обезбеди јасна ***листа за проверка*** на елементите што треба да се земат предвид при поднесувањето обвиненија или при донесувањето пресуди во такви случаи.

### 7.2.4. Заштита и безбедност на новинарите (Поглавје 5)

Безбедноста на новинарите и на другите медиумски работници во земјата останува загрижувачка, имајќи го предвид малиот број кривични предмети во кои сторителите на кривични дела против новинари биле кривично гонети и осудени, и покрај големиот број инциденти во кои се вклучени новинари или други медиумски работници кои биле снимени, пријавени или предупредени. Таквата пракса не е во согласност со барањата утврдени во Препораката CM/Rec(2016)4 на Комитетот на министри за заштита на новинарството и безбедноста на новинарите и другите медиумски актери.

Во предметите за клевета во кои се инволвирани новинари, домашните судови главно ја признаа значајната улога на печатот како јавен чувар и слободата што треба да им се даде на новинарите да коментираат како политичарите ја извршуваат својата функција, како и за изјавите што тие ги даваат во јавноста.

Според тоа, тие донеле пресуди кои, во значителна мера, биле во согласност со стандардите на ЕКЧП и кои суштински го инкорпорирале концептот на „должности и одговорности“ кога се балансира слободата на изразување на новинарите со правото на заштита на нивниот углед.

Меѓутоа, судската пракса која се однесува на „должностите и одговорностите“ на уредниците на медиумите за содржината произведена од нивните колеги е често нејасна и недоречена и не е поддржана од релевантните меѓународно прифатени стандарди во оваа област.

Дополнително, во сите случаи на клевета во кои се вклучени новинари и/или уредници на медиуми, идентификувани се одредени елементи на недоследност во однос на тоа како различни судски инстанци го адресирале истиот случај.

**Препораки за заштита и безбедност на новинарите**

● ***Да се обезбедат специјализирани обуки за граѓански судии од сите нивоа на надлежност кои ќе се занимаваат со прашањата опфатени во Поглавјето 5*** од оваа анализа на поструктуриран начин.

● Да се подготват и спроведат ***специјализирани обуки за кривичните судии и јавните обвинители*** за подигање на нивната свест за нивната улога во гарантирањето на безбедноста на новинарите преку спроведување на ефикасна истрага за нападите и малтретирањето на новинарите.

● Да се организираат ***тркалезни маси*** во соработка со Академијата за судии и јавни обвинители и Здружението на новинари на Македонија ***во кои ќе бидат вклучени мешани групи судии, јавни обвинители и новинари***. Тие ќе овозможат да се обезбеди меѓусекторски пристап во дискусијата за клучните предизвици во имплементацијата на европските стандарди за слобода на изразување и безбедност на новинарите и другите медиумски актери.

● Да се поддржи праксата на назначување на ***фокусни точки за слободата на изразување и безбедноста на новинарите*** во сите јавни обвинителства низ земјата, како и во Основниот кривичен суд Скопје и во кривичните одделенија на другите првостепени/апелациони судови. Тите треба да бидат обучени преку специјализиран модул за обука кој треба да ги зајакне нивните капацитети за ефикасно извршување на задачата за следење на внатрешното процесирање на случаите во кои се инволвирани новинари.

### 7.2.5. Слобода на изразување и правилно спроведување на правдата (Поглавје 6)

Предметите за клевета кои се однесуваат на слободата на изразување на судиите во судницата се решаваат единствено потпирајќи се на домашните уставни и законски одредби кои гарантираат независна положба на судиите со исклучување на каква било одговорност во однос на начинот на кој ја спроведуваат судската постапка или на одлуките што ги носат. Пресудите донесени во вакви предмети досега не ја инкорпорирале методологијата на судско образложување што ја има развиено ЕСЧП.

Исто така, пресудите донесени во случаи кои се однесуваат на барањата за клевета против адвокатите во однос на нивните изјави дадени во контекст на правното застапување на нивните клиенти воопшто не се повикуваат на релевантните стандарди на ЕКЧП.

Очигледно, нема многу случаи кога домашните судови ги казниле странките во постапката за непочитување на судот. На прв поглед не се чини дека е спротивно на европската пракса која се однесува на непочитување на судот. Сепак, останува нејасно како домашните судови ја одредуваат висината на паричната казна што треба да се

изрече во вакви случаи. Во отсуство на многу слични одлуки донесени во периодот опфатен со оваа анализа, би било невозможно да се открие која е праксата која преовладува во однос на непочитување на судот, доколку ја има.

**Препораки за слобода на изразување и правилно спроведување на правдата**

● Да се осигура дека ***активностите за обука за членот 10 во доволна мери ги опфаќаат прашањата за кои се зборува во Поглавјето 6***, особено во контекст на судската пракса на ЕКЧП за ова прашање.

● Да се организираат ***тркалезни маси*** во соработка со Академијата за судии и јавни обвинители и Адвокатската комора на Македонија ***во кои ќе бидат вклучени мешани групи на учесници (судии, јавни обвинители и адвокати)***. На тркалезните маси ќе се разговара за клучните стандарди на ЕКЧП, како и за релевантните прашања, со посебен фокус на однесувањето на сите категории правни професионалци во судската постапка, како и на нивната комуникација со медиумите.

### 7.2.6. Слобода на изразување на работното место (Поглавје 7)

Во принцип, домашните судови се стремат да одлучуваат за предметите на клевета на работното место, без да се впуштат во потемелна анализа на елементите вградени во судската пракса во Стразбур кои се релевантни за слободата на изразување во работната средина.

Прво и најважно, во ваков вид предмети, домашните судови главно се потпирале на домашното законодавство, а особено на ЗГОНК. Додека во образложението на пресудите тие инкорпорирале одредени поопшти концепти развиени од ЕСЧП, тие не сакаат да ги земат предвид специфичните елементи кои се релевантни за контекстот поврзан со работниот однос во кој бил даден спорниот говор, како на пример, дали работодавачот бил јавен орган или приватна компанија, како и дали работникот бил државен службеник или работел во приватна компанија.

Освен тоа, во ваков случај, немало анализа дали тужениот спаѓа во категоријата на укажувачи или само пријавувал неправилности во однесувањето на државните функционери или на државните службеници.

| Препораки за слобода на изразување на работното место |
| --- |
| ● Да се осигура дека ***прашањата дискутирани во Поглавјето 7 ќе бидат доволно обработени на обуката за членот 10***, така што домашните граѓански судии ќе се запознаат со релевантната судска пракса на ЕКЧП и ќе можат неа да ја применат во нивната секојдневна работа. |

***

**<u>Забелешка</u>: Успешното спроведување на препораките содржани во овој документ, како и среднорочното влијание (импакт) на активностите за градење капацитети предложени погоре ќе бидат оценети преку спроведување на слична, последователна анализа на трендовите во примената на европските стандарди во судската пракса на македонските судови за слободата на изразување и безбедноста на новинарите (по можност, во период од 3-5 години).**

## 8. Користена литература

### НАЦИОНАЛНО ЗАКОНОДАВСТВО


Устав на Република Македонија („*Службен весник на Република Македонија*" *бр.*52/1991), 22 ноември 1991година

Закон за парничната постапка („Сл. Весник на Република Македонија" бр. 79/05, 110/08, 83/09, 116/10 и 124/15)

Кривичен законик („Сл. Весник на Република Македонија" бр. 37/1996, 80/1999, 4/2002, 43/2003, 19/2004, 81/2005, 60/2006, 73/2006, 7/2008, 139/2008, 114/2009, 51/2011, 135/2011, 185/2011, 142/2012, 143/2012, 166/2012, 55/2013, 82/2013, 14/2014, 27/2014, 28/2014, 41/2014, 115/2014, 132/2014, 160/2014, 199/2014, 196/2015, 226/2015, 97/2017 и 248/2018 и одлуки на Уставниот суд на Република Македонија: У.бр. 220/2000 од 30 мај 2001 година, објавен во „Сл. весник на Република Македонија" бр. 48/2001; У.бр. 210/2001 од 06 февруари 2002 година, објавен во „Сл. весник на Република Македонија" бр. 16/2002; У.бр. 206/2003 од 09 јуни 2004 година, објавен во „Сл. весник на Република Македонија" бр. 40/2004; У.бр. 228/2005 од 05 април 2004 година, објавен во „Сл. весник на Република Македонија" бр. 50/2006; У.бр. 169/2016 од 16 ноември 2017 година, објавен во „Сл. весник на Република Македонија" бр. 170/2017)

Закон за кривичната постапка („Сл. весник на Република Македонија" бр. 150 од 18 ноември 2010 год.)

Предлог на закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик, јули 2021 год., достапен на: https://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2021/09/predlog_krivicen_zakonik_-_alb_2.pdf

Закон за граѓанска одговорност за навреда и клевета („Службен весник на Република Македонија", бр. 143/2012, 14 ноември 2012 година, стапи во сила на 22 ноември 2012 година)

Закон за судовите („Сл. Весник на Република Македонија" бр. 58/2006, 62/2006, 35/2008, 150/2010, 83/2018 и 198/2018)

Закон за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр.184 од 26 декември 2013 година), дополнет со „Службен весник на Република Македонија" бр.13 од 23 јануари 2014 година

**АКТИ НА СОВЕТОТ НА ЕВРОПА**

Совет на Европа: Parliamentary Assembly, *Protocol No. 15 amending the Convention for the Protection of Human Rights and Fundamental Freedoms*, 19 January 2013, достапна на: https://www.echr.coe.int/Documents/Protocol_15_ENG.pdf.

Совет на Европа, *Препорака CM/Rec (2022)16 на Комитетот на министри на земјите-членки за говор на омраза* (Усвоена од Комитетот на министри на 20 мај 2022 год. На 132-риот состанок на Комитетот на министри), достапна на: https://rm.coe.int/recommendation-on-combating-hate-speech-memorandum-mkd-prems-083822-gb/1680aada1b.

Совет на Европа, *Препорака бр. Р(97)20 на Комитетот на министри за „говор на омраза“* (Усвоена од Комитетот на министри на 30 октомври 1997 год. на 607-миот состанок на заменици-министри), достапна на: https://rm.coe.int/1680505d5b.

Совет на Европа, *Конвенција за компјутерски криминал,* 23 ноември 2001 година, достапна на: https://rm.coe.int/1680081561.

Совет на Европа, *Препорака CM/Rec(2016) на Комитетот на министри од земјите-членки за заштита на новинарството и безбедноста на новинарите и другите актери* (Усвоена од Комитетот на министри на 13 април 2016 година на 1253-тиот состанок на замениците-министри), достапна на: https://rm.coe.int/cm-rec-2016-4mkd/1680a029ac.

**ОБЈАВИ И СТАТИИ**

Брешковски И. (2018), *Прелиминарен извештај за состојбите поврзани со примената на Законот за граѓанска одговорност за клевета и навреда, Фондација Метаморфозис*, Скопје, достапна на: https://metamorphosis.org.mk/izdanija_arhiva/.

Деловски В. (2019), *Слободата на политичкото изразување во демократските општества во светлина на пресудата Макрадули против Република Македонија*, достапна на: https://justiceobservers.org/article/68860/63647/187.

Марушиќ Ј.С. (2015), *Macedonian Politicians Deny Telecom Bribe Claims,* available at: https://balkaninsight.com/2015/09/09/macedonian-politicians-deny-telecom-scam-claims-09-07-2015/

Михајлова, Е., Бачовска, Ј. и Шеќерџиев, Т. *(2013*), *Слобода* на *изразување и говор на омраза*. *Мисија на* ОБСЕ *во Скопје.*

Роаља И. (2021), *Проценка на постоечките системи/механизми за евалуација и влијание на обуката за човекови права. Препорачани методологии и алатки*, достапна на: https://rm.coe.int/coe-book-mkd-01/1680a2a038

Спировски, М., Настеска Каланоска Б. (2022), *СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА*: *Показатели за степенот на слобода на медиумите и за безбедноста на новинарите 2021 година*, Здружение на новинарите на Македонија, Скопје, достапно на: https://znm.org.mk/wp-content/uploads/2022/05/MK-ENG-2021.pdf.

**ОСТАНАТИ РЕСУРСИ**

Европска унија: European Commission, *Report Accompanying the document Communication from the Commission to the European Parliament, the Council, the European Economic and Social Committee and the Committee of the Regions 202, Communication on EU Enlargement policy {COM(2022) 528 final} - {SWD(2022) 332 final} - {SWD(2022) 333 final} - {SWD(2022) 334 final} - {SWD(2022) 335 final} - {SWD(2022) 336 final} - {SWD(2022) 338 final}*, 12 October 2022, SWD(2022) 337 final, достапна на: https://neighbourhood-enlargement.ec.europa.eu/north-macedonia-report-2022_en

Совет на Европа, Платформа за безбедност на новинари, достапна на: https://fom.coe.int/en/pays/detail/11709590

Министерство за правда, Соопштение за измените на Законот за граѓанска одговорност за навреда и клевета, 7 февруари 2022 година, достапно на: https://www.pravda.gov.mk/vest/6296

Јавно обвинителство, Соопштение, 4 октомври 2022 година, достапно на: https://jorm.gov.mk/ojo-skopje-naznachi-javen-obvinitel-za-kontakt-za-predmeti-povrzani-so-bezbednosta-na-novinarite/

## 9. Индекс на судската пракса на Европскиот суд за човекови права

*Ahmet Yıldırım v. Turkey,* no. 3111/10, ECHR 2012
*Alves da Silva v. Portugal,* no. 41665/07, 20 October 2009
*Amihalachioaie v. Moldova,* no. 60115/00, ECHR 2004-III
*André and Another v. France*, no. 18603/03, 24 July 2008
*Animal Defenders International v. the United Kingdom* [GC], no. 48876/08, ECHR 2013 (извадоци)
*Artun and Güvener v. Turkey*, no. 75510/01, 26 June 2007
*Axel Springer AG v. Germany* [GC], no. 39954/08, 7 February 2012
*Bagirov v. Azerbaijan*, nos. 81024/12 and 28198/15, 25 June 2020
*Başkaya and Okçuoğlu v. Turkey* [GC], nos. 23536/94 and 24408/94, ECHR 1999-IV
*Bédat v. Switzerland* [GC], no. 56925/08, 29 March 2016
*Belpietro v. Italy*, § 41, no. 43612/10, 24 September 2013
*Bergens Tidende and Others v. Norway*, no. 26132/95, ECHR 2000-IV
*Bladet Tromsø and Stensaas v. Norway* [GC], no. 21980/93, ECHR 1999-III
*Brasilier v. France,* no. 71343/01, 11 April 2006
*Brosa v. Germany*, no. 5709/09, § 41, 17 April 2014
*Bucur and Toma v. Romania,* no. 40238/02, 8 January 2013
*Cangi v. Turkey*, no. 24973/15, 29 January 2019
*Casado Coca v. Spain,* 24 February 1994, Series A no. 285-A
*Castells v. Spain,* 23 April 1992, Series A no. 236
*Chauvy and Others v. France*, no. 64915/01, ECHR 2004-VI
*Cheltsova v. Russia,* no. 44294/06, 13 June 2017
*Colombani and Others v. France*, no. 51279/99, ECHR 2002-V
*Coutant v. France* (dec.), no. 17155/03, 24 January 2008
*Cumhuriyet Vakfı and Others v. Turkey*, no. 28255/07, 8 October 2013
*Cumpănă and Mazăre v. Romania* [GC], no. 33348/96, ECHR 2004-XI
*Delfi AS v. Estonia* [GC], no. 64569/09, ECHR 2015
*Desjardin v. France,* no. 22567/03, 22 November 2007
*Dink v. Turkey,* nos. 2668/07 and 4 others, 14 September 2010
*Dmitriyevskiy v. Russia*, no. 42168/06, 3 October 2017
*Do Carmo de Portugal e Castro Câmara v. Portugal*, no. 53139/11, 4 October 2016
*Editorial Board of Pravoye Delo and Shtekel v. Ukraine*, no. 33014/05, ECHR 2011 (extracts)
*Eon v. France*, no. 26118/10, 14 March 2013
*Erbakan v. Turkey*, no. 59405/00, 6 July 2006
*Feldek v. Slovakia*, no. 29032/95, ECHR 2001-VIII
*Fressoz and Roire v. France*, no. 29183/95, ECHR 1999-I
*Fuentes Bobo v. Spain*, no. 39293/98, 29 February 2000
*Gelevski v. North Macedonia*, no. 28032/12, 8 October 2020
*Gillberg v. Sweden* [GC], no. 41723/06, 3 April 2012

*Goodwin v. the United Kingdom*, 27 March 1996, *Reports of Judgments and Decisions* 1996-II
*Goryaynova v. Ukraine*, no. 41752/09, 8 October 2020
*Gözel and Özer v. Turkey,* nos. 43453/04 и 31098/05, 6 јули 2010 година
*Guja v. Moldova* [GC], no. 14277/04, ECHR 2008
*Gündüz v. Turkey*, no. 35071/97, § 22, ECHR 2003-XI
*Handyside v. the United Kingdom,* 7 December 1976, Series A no. 24
*Handzhiyski v. Bulgaria,* no. 10783/14, 6 April 2021
*Heinisch v. Germany,* no. 28274/08, ECHR 2011 (extracts)
*Herbai v. Hungary,* no. 11608/15, 5 November 2019
*Incal v. Turkey*, 9 June 1998, *Reports of Judgments and Decisions* 1998-IV
*Jersild v. Denmark*, 23 September 1994, Series A no. 298
*Jerusalem v. Austria,* no. 26958/95, ECHR 2001-II
*Karácsony and Others v. Hungary* [GC], nos. 42461/13 and 44357/13, 17 May 2016
*Kasabova v. Bulgaria,* no. 22385/03, 19 April 2011
*Kenedi v. Hungary*, no. 31475/05, 26 May 2009
*Khadija Ismayilova v. Azerbaijan,* nos. 65286/13 and 57270/14, 10 January 2019
*Kostova and Apostolov v. North Macedonia*, no. 38549/16, 5 April 2022
*Kyprianou v. Cyprus* [GC], no. 73797/01, ECHR 2005-XIII
*Lacroix v. France*, no. 41519/12, 7 September 2017
*Langner v. Germany*, no. 14464/11, 17 September 2015
*Lešník v. Slovakia*, no. 35640/97, ECHR 2003-IV
*Lindon, Otchakovsky-Laurens and July v. France* [GC], nos. 21279/02 and 36448/02, ECHR 2007-IV
*Lingens v. Austria*, 8 July 1986, Series A no. 103
*Makraduli v. The former Yugoslav Republic of Macedonia*, nos. 64659/11 и 24133/13, 19 јули 2018 година
*Mamère v. France*, no. 12697/03, ECHR 2006-XIII
*Marchenko v. Ukraine*, no. 4063/04, 19 February 2009
*Mariya Alekhina and Others v. Russia,* no. 38004/12, 17 July 2018
*markt intern Verlag GmbH and Klaus Beermann v. Germany,* 20 November 1989, Series A no. 165
*Mater v. Turkey*, no. 54997/08, 16 July 2013
*Medžlis Islamske Zajednice Brčko and Others v. Bosnia and Herzegovina* [GC], no. 17224/11, 27 June 2017
*Micevski v. The former Yugoslav Republic of Macedonia* (striking out), no. 75245/12, 15 November 2016
*Micevski v. The former Yugoslav Republic of Macedonia,* no. 75245/12, Statement of Facts communicated to the Government on 23 February 2016, достапно на: https://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22fulltext%22:[%22Micevski%22],%22documentcollectionid2%22:[%22DECISIONS%22,%22COMMUNICATEDCASES%22],%22itemid%22:[%22001-161592%22]}
*Mladina d.d. Ljubljana v. Slovenia,* no. 20981/10, 17 April 2014

*Mor v. France*, no. 28198/09, 15 December 2011
*Morice v. France* [GC], no. 29369/10, ECHR 2015
*Mouvement raëlien suisse v. Switzerland* [GC], no. 16354/06, ECHR 2012 (extracts)
*Müller and Others v. Switzerland*, 24 May 1988, § ..., Series A no. 133
*Nenad Trifunovski v. The former Yugoslav Republic of Macedonia*, no. 24094/11, Statement of Facts communicated to the Government on 3 December 2014, достапно на:
https://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22fulltext%22:[%22Nenad%20Trifunovski%22],%22documentcollectionid2%22:[%22JUDGMENTS%22,%22COMMUNICATEDCASES%22],%22itemid%22:[%22001-150286%22]}
*Nikula v. Finland*, no. 31611/96, ECHR 2002-II
*Observer and Guardian v. The United Kingdom,* 26 November 1991, Series A no. 216
*OOO Regnum v. Russia*, no. 22649/08, 8 September 2020
*Orban and Others v. France*, no. 20985/05, 15 January 2009
*Osmani and Others v. The former Yugoslav Republic of Macedonia* (dec.), no. 50841/99, ECHR 2001-X
*Otegi Mondragon v. Spain*, no. 2034/07, ECHR 2011
*Pakdemirli v. Turkey*, no. 35839/97, 22 February 2005
*Paturel v. France*, no. 54968/00, 22 December 2005
*Pedersen and Baadsgaard v. Denmark* [GC], no. 49017/99, ECHR 2004-XI
*Piermont v. France*, 27 April 1995, Series A no. 314
*Popovski v. The former Yugoslav Republic of Macedonia*, no. 12316/07, 31 October 2013
*Sapan v. Turkey*, no. 44102/04, 8 June 2010
*Satakunnan Markkinapörssi Oy and Satamedia Oy v. Finland*, no. 931/13, 21 July 2015
*Scharsach and News Verlagsgesellschaft v. Austria,* no. 39394/98, ECHR 2003-XI
*Schöpfer v. Switzerland,* 20 May 1998, *Reports of Judgments and Decisions* 1998-III
*Sekmadienis Ltd. V. Lithuania,* no. 69317/14, 30 January 2018
*Selahattin Demirtaş v. Turkey (no. 2)* [GC], no. 14305/17, 22 December 2020
*Sellami v. France*, no. 61470/15, 17 December 2020
*Selmani and Others v. The former Yugoslav Republic of Macedonia*, no. 67259/14, 9 February 2017
*Siryk v. Ukraine*, no. 6428/07, 31 March 2011
*Sofranschi v. Moldova*, no. 34690/05, 21 December 2010
*Steel and Morris v. The United Kingdom*, no. 68416/01, ECHR 2005-II
*Steur v. The Netherlands*, no. 39657/98, § ..., ECHR 2003-XI
*Stoll v. Switzerland* [GC], no. 69698/01, ECHR 2007-V
*Szanyi v. Hungary*, no. 35493/13, 8 November 2016
*Társaság a Szabadságjogokért v. Hungary*, no. 37374/05, 14 April 2009
*Tolmachev v. Russia,* no. 42182/11, 2 June 2020
*Trifunovski v. The former Yugoslav Republic of Macedonia* (striking out), no. 24094/11, 2 June 2015
*Tuşalp v. Turkey, n*os. 32131/08 and 41617/08, 21 February 2012
*Uj v. Hungary,* no. 23954/10, 19 July 2011

*Ürper and Others v. Turkey*, nos. 14526/07 and 8 others, 20 October 2009
*Van der Mussele v. Belgium*, 23 November 1983, Series A no. 70
*Veraart v. The Netherlands* no. 10807/04, 30 November 2006
*Vereinigung Bildender Künstler v. Austria*, no. 68354/01, 25 January 2007
*Von Hannover v. Germany (no. 2)* [GC], nos. 40660/08 and 60641/08, ECHR 2012
*Węgrzynowski and Smolczewski v. Poland*, no. 33846/07, 16 July 2013
*Welsh and Silva Canha v. Portugal*, no. 16812/11, 17 September 2013
*Zakharov v. Russia*, no. 14881/03, 5 October 2006
*Ziembiński v. Poland (no. 2)*, no. 1799/07, 5 July 2016

## 10. Индекс на домашната судска пракса

### СУДСКА ПРАКСА НА ОСНОВНИТЕ СУДОВИ

#### Основен граѓански суд Скопје

VII П5-43/15, пресуда од 6 март 2018 год.
2П5-27/16, пресуда од 29 март 2018 год.
8к. П5-18/16, пресуда од 15 март 2017 год.
8к.П5-73/16, пресуда од 13 декември 2016 год.
VII П5-58/16, пресуда од 18 октомври 2017 год.
VII П5-83/16, пресуда од 12 април 2018 год.
2П5-6/17, пресуда од 25 септември 2019 год.
II П5-3/17, пресуда од 17 декември 2018 год.
VII П5-51/17, пресуда од 28 декември 2018 год.
П5-25/18, пресуда од 26 септември 2017 год.
2 П5-58/18, пресуда од 21 декември 2018 год.
9 П5-61/18, пресуда од 22 април 2019 год.
VII П5-6/18, пресуда од 28 декември 2018 год.
XXXIIП5-51/18, пресуда од 31 јануари 2020 год.
2 П5-15/19, пресуда од 17 мај 2019 год.
9П5-25/19, пресуда од 8 јули 2019 год.
9П5-53/19, пресуда од 28 јануари 2020 год.
39П5-45/19, пресуда од 19 март 2019 год,
II П5-11/19, решение од 11 март 2019 год.
VII П5-34/19, решение од 18 јули 2019 год.
XIX П5-62/19, пресуда од 10 ноември 2020 год.
XXXII П5-59/19, пресуда од 29 октомври 2020 год.
27 П5-31/20, пресуда од 16 јуни 2021 год.
42 П5-28/20, пресуда од 3 јуни 2021 год.
X П5-62/20, пресуда од 21 јули 2021 год.

#### Основен кривичен суд Скопје

XII К.бр. 1657/17, пресуда од 16 ноември 2017 год.
XXXII К.бр. 761/17, пресуда од 31 мај 2017 год.
09 КОК-40/18, пресуда од 16 октомври 2018 год.
I К.бр.1807/18, пресуда од 17 мај 2019 год.
XXIX К.бр. 1043/18, пресуда од 13 мај 2019 год.
VI К.бр. 2031/19, пресуда од 18 ноември 2020 год.
XXVII К.бр.937/20, пресуда од 30 јуни 2020 год.
XXIX К.бр.212/20, пресуда од 16 март 2020 год.
XXIII К.бр. 303/21, пресуда од 9 февруари 2021 год.
XVIII К.бр.289/22, пресуда од 9 февруари 2022 год.

**Основен суд Велес**

П5-4/18, пресуда од 6 јули 2018 год.
П5-3/20, пресуда од 11 ноември 2020 год.
П5-5/20, пресуда од 9 декември 2020 год.
П5-6/21, пресуда од 26 октомври 2021 год.

**Основен суд Куманово**

III П5-4/17, пресуда од 18 мај 2018 год.
III П5-3/19, пресуда од 1 ноември 2019 год.
III П5-4/19, пресуда од 5 јули 2019 год.

**Основен суд Прилеп**

К-734/20, пресуда од 15 декември 2019 год.
П5-4/20, пресуда од 20 јануари 2021 год.
П5-5/20, пресуда од 29 октомври 2020 год.
П5-6/20, пресуда од 5 февруари 2021 год.
П5-7/20, пресуда од 16 јуни 2021 год.
П5-8/20, пресуда од 18 март 2021 год.
К-95/21, пресуда од 4 април 2019 год.
П5-2/21, пресуда од 26 август 2021 год.
П5-4/21, пресуда од 23 ноември 2021 год.
П5-5/21, пресуда од 16 ноември 2021 год.
П5-6/21, пресуда од 23 ноември 2021 год.

**Основен суд Охрид**

П5-9/16, решение од 22 март 2017 год.
П5-9/16, решение од 2 мај 2017 год.
П5-4/18, пресуда од 10 јануари 2019 год.

**Основен суд Штип**

К.бр.253/19, пресуда од 12 јуни 2019 год.
К.бр.270/19, пресуда од 10 мај 2021 год.
П5.бр.1/19, пресуда од 17 ноември 2020 год.
П5.бр.9/20, пресуда од 1 јули 2020 год.
К.бр.196/21, пресуда од 10 мај 2021 год.

**Основен суд Струмица**

К.бр.588/20, пресуда од 22 јануари 2021 год.
П5. бр.4/20, пресуда од 4 јуни 2021 год.

### Основен суд Тетово

П5-3/2017, пресуда донесена на 25 мај 2017 год., јавно изречена на 1 јуни 2017 год.
I-П5-5/2019, пресуда донесена на 24 декември 2019 год., јавно изречена на 30 декември 2019 год.

Основен суд Гостивар П5-1/16, решение од 4 август 2016 год.
П5-4/18, пресуда од 27 мај 2019 год.

## СУДСКА ПРАКСА НА АПЕЛАЦИОНИТЕ СУДОВИ

Заклучок усвоен на состанокот на четирите апелациони судови, одржан од 13-15 март 2019 год. достапен на: https://www.pravdiko.mk/wp-content/uploads/2019/04/Pravni-zakluchotsi-od-rabotnata-sredba-na-graganski-oddeli-na-apelatsionite-sudovi-vo-RM-odrzhana-na-13-15.03.2019-godina.pdf

### Апелационен суд Скопје

ГЖ-3036/17, пресуда од 6 декември 2017 год.
ГЖ-4985/17, пресуда од 15 ноември 2017 год.
ГЖ-3601/18, пресуда од 27 септември 2018 год.
ГЖ.бр.3629/18, пресуда од 27 септември 2018 год.
ГЖ-4996/18, пресуда од 20 декември 2018 год.
ГЖ-5086/18, пресуда од 10 јануари 2019 год.
ГЖ-5447/18, пресуда од 30 мај 2019 год.
ГЖ-5479/18, пресуда од 3 мај 2019 год.
КОКЖ-47/18, пресуда од 17 декември 2018 год.
ГЖ-117/19, пресуда од 13 февруари 2019 год.
ГЖ-975/19, пресуда од 10 септември 2019 год.
ГЖ-1554/19, пресуда од 15 мај 2019 год.
ГЖ-1730/19, наредба од 23 април 2019 год.
ГЖ-1733/19, пресуда од 29 мај 2019 год.
ГЖ-2969/19, пресуда од 19 мај 2020 год.
ГЖ-3569/19, пресуда од 9 октомври 2019 год.
ГЖ-4657/19, пресуда од 27 мај 2020 год.
КЖ-682/19, пресуда од 21 јануари 2020 год.
ГЖ-22/20, пресуда од 21 мај 2020 год.
ГЖ-629/20, пресуда од 24 март 2021 год.
ГЖ-1574/20, пресуда од 12 мај 2021 год.
ГЖ-1592/20, пресуда од 22 април 2021 год.
ГЖ-3067/20, пресуда од 9 декември 2021 год.
ГЖ-472/21, пресуда од 9 септември 2021 год.
ГЖ-511/21, пресуда од 23 септември 2021 год.
ГЖ-1178/21, пресуда од 16 декември 2021 год.
ГЖ-3953/21, пресуда од 2 февруари 2022 год.
ГЖ-3977/21, пресуда од 2 февруари 2022 год.

ГЖ-4864/21, пресуда од 11 мај 2022 год.

**Апелационен суд Битола**

ГЖ-801/19, пресуда од 17 мај 2019 год.
ГЖ-1287/21, пресуда од 26 август 2021 год.
ГЖ-92/22, пресуда од 18 април 2022 год.

Табела на досудени износи на име справедлив паричен надомест за претрпена штета од навреда и клевета, достапна на: http://www.vsrm.mk/wps/wcm/connect/asbitola/980b8dd2-a24e-4eb1-983a-44599139ca23/Tabela_navreda_i_kleveta.pdf?MOD=AJPERES&CACHEID=ROOTWORKSPACE.Z18_L8CC1J41L088F0A1K8MT8K00B1-980b8dd2-a24e-4eb1-983a-44599139ca23-lLTJoRP

**Апелационен суд Штип**

ГЖ-215/21, пресуда од 25 март 2021 год.
ГЖ-608/21, пресуда од 22 февруари 2022 год.
ГЖ-639/21, пресуда од 28 април 2022 год.

**Апелационен суд Гостивар**

ГЖ-948/16, пресуда од 26 јануари 2017 год.
ГЖ.бр.758/2019, пресуда од 27 август 2019 год.

## СУДСКА ПРАКСА НА ВРХОВНИОТ СУД

Рев2.бр.389/2019, пресуда од 28 октомври 2021 год.
Рев2.бр.389/2020, пресуда од 2 ноември 2021 год.

## СУДСКА ПРАКСА НА УСТАВНИОТ СУД

У.бр.57/2019, пресуда од 29 мај 2019 година, достапна на: http://ustavensud.mk/?p=18219, и издвоено мислење, приложено кон одлуката, достапно на: http://ustavensud.mk/?p=18221

## ПРЕДМЕТИ ОД ЈАВНОТО ОБВИНИТЕЛСТВО

Обвинение КО.бр.213/18, Основно јавно обвинителство Битола, 27 април 2018 год.
Обвинение КО.бр.583/18, Основно јавно обвинителство Битола, 25 февруари 2019 год.
Обвинение КО.бр.96/19, Основно јавно обвинителство Битола, 1 април 2019 год.
Обвинение КО.бр.291/19, Основно јавно обвинителство Битола, 3 јуни 2019 год.
Обвинение КО.бр.501/20, Основно јавно обвинителство Битола, 14 јули 2020 год.
Обвинение КО.бр.538/20, Основно јавно обвинителство Прилеп, 28 октомври 2020 год.

Обвинение КО.бр.26/21, Основно јавно обвинителство Прилеп, 9 февруари 2021 год.
Обвинение КО.бр.188/21, Основно јавно обвинителство Прилеп, 23 април 2021 год.

*Заедничката програма на Европската Унија и Советот на Европа „Horizontal Facility за Западен Балкан и Турција“ (Horizontal Facility III) е иницијатива за соработка, која трае од 2023 до 2026 година. Програмата опфаќа проекти во Албанија, Босна и Херцеговина, Косово*, Црна Гора, Северна Македонија, Србија и Турција. Таа им овозможува на корисниците да ги исполнат своите реформски агенди во областа на човековите права, владеењето на правото и демократијата и да се усогласат со европските стандарди, што е исто така приоритет за процесот на проширување на ЕУ.*

*Проектот „Заштита на слободата на изразување и на слободата на медиумите во Северна Македонија (ПРО-ФРЕКС)“, имплементиран во рамките на Horizontal Facility III, им овозможува на институциите корисници и на граѓанските организации да ги исполнат своите реформски агенди во делот на слободата на изразување и на слободата на медиумите, во согласност со Европските стандарди. Има за цел да ја зајакне примената на правото на слобода на изразувње, посебно на новинар(к)ите и медиумските актери во поплуралистичко и побезбедно медиумско опкружување, и во согласност со стандардите од Членот 10 од Европската конвенција за човекови права.*

*Оваа публикација е подготвена во рамки на програмата Horizontal Facility II и е преведена и објавена во рамки на програмата Horizontal Facility III, со финансиска поддршка од Европската Унија и Советот на Европа.*

*Нејзината содржина е единствена одговорност на авторот. Изразените ставови нужно не се смета дека го одразуваат официјалното мислење на Европската Унија или на Советот на Европа.*

** Оваа ознака не ги прејудицира ставовите за статусот и истата е во согласност со Резолуцијата на ОНСБ 1244 и Мислењето на МСП за Декларацијата за независност на Косово.*

**МКД**

Земјите членки на Европската Унија одлучија да ги поврзат своите знаења, ресурси и судбини. Заедно тие изградија зона на стабилност, демократија и одржлив развој, истовремено одржувајќи ја културната разновидност, толеранцијата и индивидуалните слободи. Европската Унија се залага за споделување на своите постигнувања и вредности со држави и народи и надвор од нејзините граници.

www.europa.eu

Советот на Европа е водечка организација за човековите права на континентот. Таа се состои од 46 држави членки, вклучувајќи ги сите држави членки на Европската Унија. Сите држави членки на Советот на Европа ја потпишаа Европската конвенција за човекови права, која претставува меѓународен договор за заштита на човековите права, демократијата и владеењето на правото. Европскиот суд за човекови права ја следи примената на оваа конвенција од страна на државите членки.

www.coe.int

Кофинансиран од Европската Унија

ЕВРОПСКА УНИЈА

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE

Кофинансиран и имплементиран од Советот на Европа